Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
Факултет за безбедност – Скопје
University „St. Kliment Ohridski“ – Bitola
Faculty of security - Skopje

**Александар Стојановски**

# Насилно однесување меѓу младите: облици и карактеристики

**(Специјалистички труд)**

11.11.2024

Скопје

**Ментор:**

Проф. д-р. Весна Стефановска
Редовен професор на Факултетот за Безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

**Членови на комисија:**

1. Проф. д-р. Саше Герасимоски
Редовен професор на Факултетот за Безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

2. Вон. проф. д-р. Наташа Пеовска
Вонреден професор на Факултетот за Безбедност – Скопје
Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

Датум на одбраната:_______________

**Се стекнува стручно звање: Специјалист по Безбедност**

(втор циклус на студии)

**Изјава за оригиналност**

**ИЗЈАВА**

**Од Александар Благоја Стојановски**

**(Име, Татково име и Презиме на кандидатот)**

**Изјавувам дека при изработка на специјалистичкиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштита на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.**

***Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.***

**11.11.2024**
**Скопје**

**ПОДНОСИТЕЛ:**
**Александар Стојановски**
**(Име, Презиме и потпис на кандидатот)**

**Содржина:**

Изјава за оригиналност....3

Апстракт ....8

Apstract....9

Формулација на проблемот....10

Определување на предметот на истражување ....20

Адолесценција....27

Аморални и асоцијални појави ....27

Дисциплинарно одредување на предметот....28

Временско и просторно одредување на предметот ....28

Просторно утврдување на предметот на истражување ....28

Цели на трудот ....28

ХИПОТЕТИЧКА РАМКА-ХИПОТЕЗИ....29

Главна хипотеза....29

Помошни хипотези....29

Методолошка рамка....30

Истражувачки методи и техники....30

Научна и општествена оправданост на трудот ....31

Вовед ....32

**I - Глава Врсничко насилство: поим и облици**

1. Врсничко насилство ....35

1.1. Карактеристики на вербалното врсничко насилство....42

1.2. Карактеристики на социјалното врсничко насилство ....43

1.3. Карактеристики на психолошкото врсничко насилство ....44

1.4. Карактеристики на физичкото насислство....45

1.5. Каде и кога се случува малтретирањето? ....46

1.6. Интернетот како алатка за извршување на насилство ....47

1.6.1. Сајбер демнење ........ 49

1.6.2. Анонимно и лажно претставување ........ 50

1.6.3. Издавање, измама, имитирање и уценување ........ 50

1.6.4. Реакциите на омраза („хејт напади“ или „рации на омраза“) ........ 52

1.6.5. Спам ........ 52

1.6.6. Сексуално вознемирување преку Интернет ........ 53

**II - Глава Насилно однесување помеѓу младите: одредени причини и карактеристики на сторителите и на жртвите**

2. Одредени причини за насилно однесување на младите кон своите врсници. ........ 56

2.1. Карактеристика на жртвите ........ 60

2.2. Карактеристики на извршителите на насилство ........ 61

2.3. Влијание на окружувањето врз појавата на насилството ........ 63

2.4. Влијание на насилството врз младите ........ 65

2.5. Врската помеѓу малтретирањето и самоубиството ........ 67

**III - Глава Превенција на насилството помеѓу младите**

3. Превенција на насилство помеѓу младите ........ 71

3.1. Европски и светски искуства поврзани со превенција и справување со насилство помеѓу младите. ........ 77

3.1.1. Модел на превентивна програма во Финска ........ 80

3.1.2. Улични медијатори – превентивна програма од Норвешка во 2014 година. ........ 81

3.1.3. Модел на превентивна програма Англија и Велс ........ 82

**IV - Глава Казнено-правен и институционален одговор на насилството меѓу младите: правна и институционална поставеност**

4. Правни аспекти ........ 84

4.1. Активности на МВР и Центарот за социјална работа во работата со млади во ризик ........ 86

4.2. Статистички податоци за периодот 2018-2023 година добиени од Министерството за внатрешни работи....89

4.3. Статистички податоци за периодот 01.2018 до 04.2024 од Центарот за социјални работи Охрид за територијата на Општина Охрид....94

**V - Глава - Истражувачки резултати**

5. Начин на истражување, методи и техники....98

5.1. Резултати од анкета спроведена врз ученици....99

5.2. Резултати од анкета спроведена врз просветни работници)....109

6. Заклучни согледувања....114

7. Библиографија....119

7.1. Книги, трудови во зборници и трудови во научно-стручни списанија....119

7.2. Закон, подзаконски акти и извештаи....122

7.3. Веб страници и интернет извори....123

8. Прилози....129

8.1. Примерок од податоци добиени од Биро за Јавна Безбедност....129

8.2. Примерок од согласност од Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита при Општина Охрид....132

8.3. Примерок од анкета и анкетни прашања за ученици....133

8.4. Примерок од анкета и анкетни прашања за просветни работници....135

## ПОСВЕТА

*Овој труд им го посветувам на мојата фамилија, бидејќи со помош на нивната континуирана и несебична поддршка го постигнав овој успех и се изградив во личност каква што сум денес.*

## БЛАГОДАРНОСТ

За поддршката при изработка на мојот специјалистички труд со наслов "**Насилно однесување меѓу младите: облици и карактеристики**", првично и се заблагодарувам на мојот почитуван ментор проф. Д-р. Весна Стефановска за нејзините сугестии при изборот на темата, за вредното менторство, како и на проф. д-р Саше Герасимоски и проф. д-р. Наташа Пеовска за советите, давањето на конструктивни критики и насоки со цел да се постигне професионална изработка на самиот специјалистички труд.

Посебна благодарност до останатите професори кои во текот на студирањето ми предаваа на додипломските и специјалистичките студии на Факултетот за Туризам и Угостителство - Охрид и Факултетот за Безбедност – Скопје, кои што несебично ми пренесоа дел од нивното вредно знаење.

**Апстракт**

Предмет на интерес на овој труд се облиците и карактеристиките на насилство помеѓу младите со посебен осврт на Врсничкото насилство и неговите облици како што се Физичко насилство, Социјално насилство, Психичко насилство и Кибернасилство.

За насилството може да се каже дека постои од кога постои и човекот. Насилството не е вродена човекова особина, туку таа особина се стекнува и се развива во општествениот живот. Насилството е одговор на одредени ограничувања кои доаѓаат однадвор или одвнатре како што се ограничување на просторот, движењето, мислењето, верувањето и сл.

Врсничкото насилство во училиштата како и во општеството е проблем со кој заеднички и системски мораат да се борат сите (образовните институции, државата, локалната самоуправа и родителите), овој вид на насилство не е присутен само во Македонија, туку покрај тоа што е застапен и во соседните земји кои минале низ долг процес на транзиција, што секако оставило трага врз сите сфери на општеството, застапен е и во целиот свет.

На нашите млади, на најчувствителната група на граѓани во секое општество, мора да им обезбедиме живот без насилство и страв. За таа цел, мораме неуморно да се трудиме да го одржуваме мирот, правдата и напредокот. Најпрво мораме да почнеме од корените на насилството. Само тогаш ќе можеме да го преобразиме насилството од минатото од товар, во поука – Нелсон Мендела.

Клучни зборови: Насилство, Врсничко Насилство, Училишта, Држава, Образование, Институции.

**Apstract**

The subject of interest in this work are the forms and characteristics of violence among young people, with a particular focus on Peer violence and its forms such as Physical violence, social violence, Psychological violence, and Internet violence(cyberbullying).

It can be said that violence has existed as long as humanity itself. Violence is not an innate human trait, but rather a characteristic that is acquired and developed within societal contexts. Violence is often a response to certain limitations imposed from external or internal sources, such as restrictions on space, movement, thought, or belief.

Peer violence in schools, as well as in society at large, is a problem that must be addressed collectively and systematically by everyone (educational institutions, the state, local self-government, and parents). This type of violence is not unique to Macedonia but, in addition to being prevalent in neighboring countries that have undergone a long transition process, which has undoubtedly left a mark on all spheres of society, it is also widespread throughout the world.

We owe our children – the most vulnerable citizens in any society – a life free from violence and fear. In order to ensure this, we must be tireless in our efforts not only to attain peace, justice and prosperity for countries, but also for communities and members of the same family. We must address the roots of violence. Only then will we transform the past century’s legacy from a crushing burden into a cautionary lesson. – Nelson Mandela

Key Words: Violence, Bullying, Schools, State, Education, Institutions.

**Формулација на проблемот**

Насилството е сериозен општествен проблем кој директно влијае врз: моралниот, физичкиот, психичкиот и материјалниот поглед и истото претставува голема општествена опасност.

Заштита на младите од насилство е фундаментално право за секој млад човек. За жал, насилството и понатаму претставува сериозна реалност за милиони млади ширум светот и остава доживотни последици врз животот и развојот на младите. Насилството го попречува развојот на младите, способноста за учење и постигнувања во училиште, ги ограничува односите, придонесува за ниско ниво на самопочитување, емоционална болка и депресија, води кон ризични ситуации, самоповредување и агресивно однесување. Дополнително, насилството има и сериозно економско влијание врз општеството, намалување на човечките капацитети и нарушување на социјалниот капитал.[1]

Водејќи се од основните човекови инстинкти за преживување, насилството било пропратен елемент во човековиот развој! По пат на насилство, човекот преживувал, убивал или повредувал животни, а со тоа, својата техника на насилство ја користел врз други луѓе, а разбирливо и во својата група, да го осигура својот статус, да ја заштити својата територија, да наметне своја желба или одлука и др. Со тоа во природата на човекот е да врши насилство според својата желба и намери (според теориите на Томас Хобс - Homo homini lupus est! – човекот му е на човека волк!). Насилството, човекот го пренесувал од колено на колено на своите потомци, но со текот на времето и го усовршил.

Насилството е попознато во јавноста како злоупотреба, навреди, тепање, злоставување, интимно насилство, злоупотребување. Да, насилството едноставно кажано е ова, но, и многу повеќе. Навредливите и принудувачки однесувања вклучуваат физичко и сексуално насилство, психолошки и емоционални напади, закани по нивниот живот, имотот, дури и миленичиња, па и врз младите во домот, економско насилство и други дела.

Сите овие дела се планирани за да се манипулира, контролира и доминира со другите лица и да се поттикнат попустливост и зависност.

[1] УНИЦЕФ. (2019, ноември). **Второ истражување за знаењето, ставовите, практиките и социјалните норми на родителите и старателите поврзани со насилство врз деца**. Преземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/media/6091/file/Follow-up_ViolChildDicipl_Report_MK.pdf, пристапено на 10.11.2023

Согласно Декларацијата за правата на човекот која е донесена при ООН во 1948 година, сите луѓе (жени, мажи, млади, возрасни), имаат право на живот без насилство:

- *Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви со свое достоинство и права.*
- *Никој не смее да биде подложен на малтретирање или на грубо, без човечки и понижувачки начин да му биде загрозено достоинството.*

Насилното однесување е несакано, агресивно однесување кое сè почесто се манифестира и кај младите на училишна возраст и двете страни (и младите кои се малтретирани и оние млади кои малтретираат други), може да имаат сериозни, трајни проблеми. Насилството не само што може да остави трајни последици кај жртвите и извршителите на насилство, уште повеќе претставува системски општествен проблем и сериозно може да влијае на физичкото и емоционалното здравје, краткорочно, но и подоцна во текот животот. Исто така, може да предизвика долготрајна штета на самодовербата.

Сведоци сме на секојдневно насилство во разни области во општествени рамки. Насилството е проблем пред кој не смее да се затворат очи. За време на детството, речиси секој човек искусува одреден вид на насилство – во улога на вршител на насилство или пак на местото на оној кој трпи или пак едноставно е сведок на насилство над некои други.

Денес насилството како појава кај човекот можеме да го дефинираме како: **Девијантно однесување кое вклучува наметнување на својата волја, желба, одлука, мислење, став, врз друга личност по пат на физички контакт (напад, малтретирање), ограничување, закана, присила, или друго дејство.**

Според дефиницијата на насилството, препознаваме:

**1. Насилник – човек, личност која го врши насилството,**

**2. Жртва – човек, личност која го претрпува/трпи насилството.**

Насилството според својот карактер и обем може да предизвика:

**1. Трауми кај жртвата,**

**2. Нарушување на функции кај жртвата (според некои и кај насилникот),**

**3. Смрт.**

**Насилството исто така може да се дефинира како - секој облик на однесување кој има за цел намерно повредување или нанесување на психичка или физичка болка.**

Насилството е се почеста појава низ улиците, во училиштата, во парковите, во центарот на градовите, на спортските настани, на концертите, во домовите и на забавните настани.

Многу истражувачи истакнуваат дека не можете да тепате дете, а во исто време да му кажете дека тоа е за негово добро, и да очекувате дека утре тоа дете ќе биде толерантно и ќе се грижи за другите. Ако во нашите лични чувства немаме искуство дека некој не сакал и се грижел за нас, тешко дека во зрелата возраст ќе нè научат да зборуваме на јазикот на толеранција и меѓусебно разбирање. Факт е дека има многу повеќе насилство меѓу младите отколку што се прикажува со извештаите. Од најразлични причини темната бројка за насилството е многу голема. Причините за големата темна бројка може да биде резултат на: непрепознавањето на насилната појава кај жртвата, или жртвата не го пријавува насилството (најчесто поради разни верски, морални обичаи, но и поради страв од неказнетост незаштитеност). Најчесто насилството го пријавуваат соседи и роднини, наставници, психолози и др.

Насилството кај младите е еден од најголемите проблеми со кој се среќава воспитно-образовниот процес и за истото може да се каже дека е индикатор за пред-криминално однесување, особено кај младите.

Искоренувањето на врсничкото насилство помеѓу младите е долг процес кој бара голема посветеност од страна на наставниците, психолозите институции и родителите. Многу е важно да се подигне свеста за сериозноста и честотата на оваа појава.

Иако не постои универзална дефиниција за булинг, сепак е општо прифатено дека тоа е подвид на агресивно однесување што се карактеризира со предуслов за постоење на најмалку три критериуми: непријателска намера, нерамнотежа на моќта и повторување во одреден временски период[2].

Постојат 4 вида насилство (bullying):

• Вербално, упатување и изјавување на непристојни коментари во форма на: подбивање, навредување, потсмевање, закани, и слично;

• Социјално, постапки со цел да се наруши нечија репутација и релации со останатите врсници: игнорирање, исклучување од група, пласирање на дезинформации и гласини, навредување и омаловажување пред останатите врсници;

[2] Burger, Christoph; Strohmeier, Dagmar; Spröber, Nina; Bauman, Sheri; Rigby, Ken (2015). „How teachers respond to school bullying: An examination of self-reported intervention strategy use, moderator effects, and concurrent use of multiple strategies“. Teaching and Teacher Education. 51: 191–202

• Физичко: нанесување физички повреди, влечење за коса, туркање, удирање, како и уништување или земање на лични предмети;

• Сајбер насилство или Кибер булинг (со оглед дека во македонскиот јазик и во стручната литература од безбедноста се користат и двата називи, во текот на изработка на овој специјалистички труд ќе ги употребувам и двата називи како синоними за една иста појава), најнов вид на насилство кој претставува насилство во Интернет просторот, најчесто на социјалните мрежи преку споделување на негативни и непријатни или, пак, лични содржини за некого со цел да се предизвика омаловажување. Овој последен вид насилство е покарактеристичен за учениците во средните, отколку во основните училишта.

Насилството, односно физичко насилство, психичко насилство, кибер насилство, се појави кој предизвикуваат лош раст и развој на детето, кое подоцна може да се претвори во криминални однесувања.

Може да се увиди негативна поврзаност на врсничкото насилство со показателите на позитивна училишна клима:[3]

- поставени правила на однесување;
- наставниците го мотивираат и следат напредокот;
- примена на дисциплински мерки;
- квалитетна настава со примена на современи облици и методи на работа;
- наградување на постигнувања;
- позитивна одделенска клима;
- добра соработка со родителите.

**„Насилството е глобален и универзален јавен здравствен проблем што го загрозува животот, здравјето и среќата на сите луѓе, а во Македонија е на трето место како причина за смртност.“**

За жал, наместо веќе во минатото да се сведат на минимум насилните појави, во 21 век темата насилството кај младите е поактуелна тема од било кога. После серијата на случувања во соседна Р. Србија во Мај 2023 година на Балканот покажа една голема „трулост“ во безбедносниот, социјалниот, образовниот, политичкиот и здравствениот систем на државите.

[3] Стојановски С. Магистерски труд: Меѓуврсничко насилство кај средношколците на територија на Град Скопје, (2020) Филозовски факултет Скопје 63стр.

Дури сега, после серија вакви случувања посериозно започна да се зборува за превенција на насилството, иако сметам дека мораше да се пристапи кон превенција на насилството многу поодамна.

Сведоци сме на настани каде дете[4] (лице помладо од 14 години) во Белград исценира настан исцртувајќи и изработувајќи детален план за тоа како ќе влезе, во училиштето кого ќе убие, како ќе го напушти училиштето, како и детално го истражил Кривичниот законик на државата увидувајќи дека нема да биде кривично одговорен доколку го изврши делото бидејќи нема наполнето 14 години. Истиот план за жал го реализира како возрасен, како најпрофесионален светски сериски убиец убивајќи 9 лица и испукувајќи повеќе од 60 куршуми од пиштол во училишниот двор, ходникот од училиштето и училницата.

Само еден ден потоа 21 годишник[5] изврши серија на убиства на повеќе локации во околината на Младеновце, Дубони, Шепшин и Мало Оращје убивајќи со автоматска пушка и полуавтоматски пиштол 8 лица и ранувајќи 13 лица. Истиот во периодот на адолесценцијата имал извршено повеќе кривични дела, за што добил условни казни. Пред самиот почеток на новата учебна година 13 годишник осомничен е дека после расправија со нож во Нишка Бања убил свој другар врсник.[6]

За жал во медиумите може да се најдат многу примери каде децата и младите ги решаваат недоразбирањата и проблемите посегнувајќи по оружје. Тука ќе ги спомнам и следниве настани од медиумите: осомничениот со умисла лишил од живот дете родено 2009 година, нанесувајќи му повеќе убодни рани со нож.[7] Малолетник од Скопје со остар предмет нападнал соученик.[8] Малолетник избоден со нож на Бит пазар во Скопје[9].

---

[4] „БЛИЦ“. (2023, 10 октомври). **Сви детаљи оптужнице против оца и мајке дечака-убице који је пуцао у ОШ „Владислав Рибникар“**. Преземено од https://www.blic.rs/vesti/hronika/svi-detalji-optuznice-protiv-oca-i-majke-decaka-ubice-koji-je-pucao-u-os-vladislav/vjbe0nj, пристапено на 12.10.2023.

[5] „Телеграф“. (2023, 7 мај). **Ко је Урош Б, убица из Младеновца**. Преземено од https://www.telegraf.rs/vesti/hronika/3673490-ko-je-uros-b-ubica-iz-mladenovca, пристапено на 10.10.2023.

[6] „НСуживо“. (2023, 5 октомври). **Дечаку (13) пререзан врат: Нови детаљи убиства у Нишкој Бањи, повређени малолетник убио вршњака**. Преземено од https://nsuzivo.rs/hronika/decaku-13-prerezan-vrat-novi-detalji-ubistva-u-niskoj-banji-povredeni-maloletnik-ubio-vrsnjaka, пристапено на 10.10.2023.

[7] „Република.мк“. (2024, 1 април). **Со нож убил малолетник: Обвинителството бара притвор за 15-годишникот од Прилеп**. Преземено од https://republika.mk/vesti/crna-hronika/so-nozh-ubil-maloletnik-obvinitelstvoto-bara-pritvor-za-15-godishnikot-od-prilep/, пристапено на 10.04.2024.

[8] „Курир.мк“. (2024, 13 март). **Малолетник со нож нападнал соученик**. Преземено од https://kurir.mk/vesti/hronika/maloletnik-so-nozh-napadnal-souchenik/, пристапено на 10.04.2024.

[9] „Нетпрес“. (2023, 29 декември). **Малолетник избоден со нож на Бит Пазар во Скопје**. Преземено од https://netpress.com.mk/maloletnik-izboden-so-nozh-na-bit-pazar-vo-skop-e/, пристапено на 10.04.2024.

Во близина на трговскиот центар „Мавровка“ во Скопје на 06.03.24, малолетник бил повреден со остар предмет од друг малолетник [10]. Малолетници барале пари од малолетник, па го раниле со нож [11]. Малолетник со нож барал пари од соучениците, во дворот на средното текстилно училиште „Гоце Стојчевски” во Тетово 16 годишникот заканувајќи се со ножот му барал 500 денари на негов врсник.[12] Три лица нападнале малолетник во Арачиново со нож после нанесување на расекотина му ги одзеле парите.[13]

На насилното однесување секое општество реагира со неприфаќање и морална осуда, а сè преземаат и различни општествени мерки за нивна превенција, ограничување или сведување на минимум, но и елиминирање на овие појави. Пропустите во образованието и образовниот систем, политичкиот, социјалниот и безбедносниот систем имаат огромно влијание врз насилството и социјалниот живот во светот и кај нас, а особено, нивното влијание се гледа или го искажуваат со загрозување на животот и телото на младите насекаде во светот.

Младите луѓе многу полесно се идентификуваат и развиваат почит кон негативни „јунаци“ и настојуваат да го следат нивниот пат – на пример „насилници“, луѓе што лесно и брзо се збогатиле, поседуваат големи материјални вредности (скапи возила, мобилни телефони, модерна и скапа облека, секојдневно трошење на пари итн.)

Во Македонија, одредени истражувања во 2019 година, спроведени од тимот на Катедрата за психологија при Универзитетот Американ Колеџ Скопје во соработка со УНИЦЕФ покажуваат дека околу половина од учениците во основните и во средните училишта во Скопскиот Регион или 48,3 % биле жртви на врсничко насилство или булинг, еднаш или повеќе пати во текот на изминатата школска година. Вкупно 37,4% од учениците еднаш или повеќе пати биле жртви на психолошко насилство, 29,5% биле жртви на социјална агресија, повреда на сопственост доживеале 19,4%, додека физичко насилство доживеале 6,6%. Врсничко насилство извршиле 26,1% од учениците еднаш или повеќе пати во минатата година.

---

[10] „А1он“. (2024, 6 март). **Момче е повредено со нож од малолетник во близина на ТЦ Мавровка**. Преземено од https://a1on.mk/macedonia/momche-e-povredeno-so-nozh-od-maloletnik-vo-blizina-na-tc-mavrovka/, пристапено на 10.04.2024.

[11] „Пресс24“. (2024, 26 март). **Насилници барале пари од малолетник, па го раниле со нож**. Преземено од https://press24.mk/nasilnici-barale-pari-od-maloletnik-pa-go-ranile-so-nozh, пристапено на 10.04.2024.

[12] „Фактор.мк“. (2015, 17 септември). **Малолетник со нож барал пари од соучениците**. Преземено од https://faktor.mk/maloletnik-so-nozh-baral-pari-od-souchenitsite/kako--da-pobedat-makedonskite-gragjani, пристапено на 10.04.2024.

[13]„Локално.мк“. (2023, 27 јули). **Ограбен малолетник во Арачиново: го исекле со нож**. Преземено од https://lokalno.mk/ograben-maloletnik-vo-arachinovo-go-isekle-so-nozh/, пристапено на 10.04.2024.

Според видот на насилство, 15,8% од учениците направиле психолошко врсничко насилство, социјалната агресија е извршена во 12,6%, додека повреда на сопственост извршиле 4,2% ученици. Физичко насилство врз врсници извршиле 4,9% од учениците.

Вкупно 13,9% од нив, повеќе пати или секогаш во текот на минатата година биле жртви на сексуално вознемирување, додека 2,1% од нив изјавиле дека извршиле сексуално вознемирување.[14] Во однос на сајбер насилството, 14,9% од учениците, повеќе пати биле жртви на сајбер насилство, додека 4% биле извршители на сајбер насилство.

Кај нас познат случај за кибер насилство за кого има правосилна осудителна пресуда е предметот „Јавна Соба“[15]. Имено, се работи за затворена група на апликацијата Телеграм на која се споделувале слики и видеа од девојки (меѓу кои и деца) – фотографии пратени во доверба, но и други преземени фотографии од социјалните мрежи, обработени со Фотошоп, со недолични коментари, но во групата објавени се и контакти од девојките. Основен кривичниот суд во Скопје досуди по четири години затворска казна за креаторот и модераторот на групата, но само за кривичното дело *„Производство и дистрибуција на детска порнографија“*. Односно бидејќи дозволиле да биде споделено видео со сексуално злоставување на дете не постаро од пет години. Бројот на членови во групата брои над 6.200 и во неа се споделени околу 10.000 фотографии и видеа.[16]

Се смета дека еден млад човек е малтретиран кога подолго време е изложен на агресивно однесување коешто намерно предизвикува повреда или непријатност преку физички контакт, вербални напади, тепачки или психолошка манипулација. Во малтретирањето спаѓа нерамноправната сила која вклучува задевање, исмејување, употреба на навредувачки прекари, физичко насилство или социјално исклучување. Младите може да учествуваат во малтретирањето сами или во група на врсници.

[14] „Мета“. **Секој втор ученик во основно или средно училиште во Скопје бил жртва на врсничко насилство**. Преземено од https://meta.mk/sekoj-vtor-uchenik-vo-osnovno-ili-sredno-uchilishte-vo-skopje-bil-zhrtva-na-vrsnichko-nasilstvo/, пристапено на 06.03.2024.
[15] „Академик.мк“. (2022, 11 март). **Донесена пресуда во предметот „Јавна соба“**. Преземено од https://akademik.mk/donesena-presuda-vo-predmetot-javna-soba/, пристапено на 10.11.2023.
[16] „ДВ“. (2021, 27 јануари). **Јавна соба: Сомрачнината на интернет**. Преземено од https://www.dw.com/mk/%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%B1%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BC%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B0%D1%98%D0%BD%D0%B8/a-56363266, пристапено на 10.11.2023.

Малтретирањето може да биде директно, на пример кога едно дете изнудува пари или предмети од друго дете, или индиректно, како на пример кога група ученици шири невистини за друго дете. Сајбер- малтретирањето претставува вознемирување преку и-меил, мобилни телефони, текст пораки и погрдни веб-страници. [17]

Младите се почувствителни доколку имаат некој недостаток, манифестираат поинакви сексуални афинитети или, пак, потекнуваат од малцинска етничка или културна група или имаат одредено социо-економско потекло. Малтретирањето понекогаш резултира во фатални физички напади, како кај младите кои малтретираат така и кај жртвата циклусот на насилство и застрашување доведува до поголеми потешкотии кај личноста и слаб успех во училиштето. Поверојатно е дека учениците кои се малтретирани се депресивни, осамени или анксиозни и со низок степен на самопочит од нивните врсници. Младите  кои учествуваат во малтретирање други млади често делуваат агресивно поради сопствените фрустрации, понижувања, бес и како резултат на изложеност на потсмев од социјалната средина.[18]

Насилството на бандите опфаќа тепање, бодење со нож и пукање и има тенденција да биде пожестоко, дури и смртоносно, споредено со другите форми на насилство во училиштата, особено кога е поврзано со недозволена трговија на наркотици.[19]

Политичката нестабилност и конфликтите, вклучувајќи ја и полициската бруталност се, исто така примери на надворешно насилство коешто има огромно влијание врз природата на насилството во училиштата.

Надворешното насилство во заедницата што ги опкружува младите може да резултира со носење оружје и зголемен број на предмети погодни за вршење на насилство. Младите може да носат оружје бидејќи се чувствуваат загрозени или, пак, бидејќи оружјето е прифатено како дел од секојдневниот живот на заедницата. Тепачките обично претставуваат конфликт во кој не е лесно да се направи разлика меѓу насилникот и жртвата. Малтретирањето може да доведе до тепачка, со или без оружје.

---

[17] Иванова Стојаноска, Т., Фрицханд, А., Илиевска Томевска, Е. (2019). **Насилство во училиште: социолошки, психолошки и педагошки перспективи**. Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. 57 стр.

[18] Иванова Стојаноска, Т., Фрицханд, А., Илиевска Томевска, Е. (2019). **Насилство во училиште: социолошки, психолошки и педагошки перспективи**. Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“. 57 стр.

[19] УНИЦЕФ. (2010). **Прирачник за справување со насилството во училиштата**. Скопје: УНИЦЕФ. Преземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/media/2826/file/MK_CS_VAC_TechersManual_2010_MK.pdf, пристапено на 10.03.2024

Според добиените резултати, од истражувањето за Насилно однесување (Младинските перспективи низ процесот на истражување, 2014), учениците од средните училишта во Скопје во голема мера имаат искуство со повеќе модели на насилно однесување. [20]

Поточно, 24,1 % од учениците во средните училишта во Скопје „никогаш“ или „ретко“ се чувствуваат безбедно во „населби во кои не живеат“, а 19 % од учениците го имаат ова искуство во „автобус“. 29,8% од учениците сметаат дека до 25% од нивните соученици носат „боксирач“ во училиште, а 26,9 % „нож“. Дополнително 9,8% од учениците се изјасниле дека во изминатата година „самите тие“ носеле со себе „нож“ во училиште.

Анализирајќи го насилството меѓу популација на средношколци, 15,6% од учениците биле удрени со „тупаница, клоца, биле давени или претепани“ од некој друг, 21,6% биле задевани или исмејувани“ од врсниците, а 34,2% биле изложени на „ширење на гласини и невистини за нив“.

Препораките на УНИЦЕФ главно дефинираат начини со кои се крева свесноста, заштита, помош и поддршка на жртвите, гонење на сторителите итн. Во 2010 година Министерството за образование и наука, во соработка со УНИЦЕФ формира национална работна група за изработка на политика и програма за намалување на насилството во училиштата чија главна цел е да се понуди пристап за создавање на безбедни и инклузивни училишни средини во државата.[21]

Според достапни податоци од УНИЦЕФ[22]:

- Во светот секој трет ученик на возраст од 13 до 15 години доживува малтретирање, а приближно ист процент се вклучува во физички пресметки.
- 3 од 10 ученици во 39 индустријализирани земји признаваат дека малтретирале врсници.

---

[20] **Насилство кај средношколци: анализа на истражување**. (2014). Скопје: Младински образовен сервис. Преземено од https://servismladi.mk/wp-content/uploads/2017/01/%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D1%98-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%88%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D1%86%D0%B8-%D0%9C%D0%9A%D0%94.pdf, пристепено на 10.11.2023

[21] ХЕРА. **Прирачник за превенција и интервенција при насилство, злоупотреба и занемарување во училиште**. Преземено од https://hera.org.mk/wp-content/uploads/2018/12/priracnik-nastavnici-print.pdf, пристапено на 10.11.2023.

[22] УНИЦЕФ. (2018, 23 октомври). **Половина од тинејџерите во светот доживуваат врсничко насилство**. Преземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/soopstenija/polovina-od-tinejdzerite-vo-svetot-dozivuvaat-vrsniscko-nasilstvo, пристапено на 10.11.2023.

- Во 2017 година, имало 396 документирани или потврдени напади врз училишта во Демократска Република Конго, 26 врз училишта во Јужен Судан, 67 напади во Сириска Арапска Република и 20 напади во Јемен.
- Речиси 720 милиони млади на училишна возраст живеат во земји каде телесното казнување на училиште не е целосно забрането.
- Иако девојчињата и момчињата се подеднакво изложени на ризик од малтретирање, девојчињата имаат поголема шанса да станат жртви на психолошки облици на малтретирање, а момчињата се во поголем ризик од физичко насилство и закани.

Наместо да се ограничи и сведе на минимум насилството, со текот на времето се појавуваат нови облици на насилство. На пример, доколку разговараме со повозрасни лица целосно непознати би му биле облиците на кибер насилство.

Во рамките на надлежностите на Министерството за внатрешни работи преку работни состаноци на темата насилство помеѓу младите спроведени се низа активности, како што е проектот „Безбедност во училиштата“ – преку кој има за цел подобрување на севкупната и лична безбедност на учениците во воспитно-образовните установи, како и намалување на сите облици и видови насилство меѓу учениците преку формирање на клубови за превенција составени од ученици со кои се реализираат едукативни работилници, меѓу кои е опфатена и темата во врска со злоупотреба на алкохол од страна на малолетници.

Податоците од Белградскиот Институт за ментално здравје покажуваат дека 50-60% од случаите на злоупотреба на млади се поради занемарување, што може да биде основа за други, потешки облици на злоупотреба. Докторот Ѓорѓе Алимпијевиќ, специјалист по судска медицина, насилството врз младите го споредува со тортурата на затворениците во логорите за време на Втората светска војна.

Пропустите во образованието и образовниот систем, политичкиот, социјалниот и безбедносниот систем имаат огромни влијанија врз насилството и социјалниот живот во светот и кај нас, а особено, нивното влијание се гледа или го искажуваат со загрозување на животот и телото на младите насекаде во светот.

Во текот на изминатите години сведоци бевме на манифестирани бројни облици на семејно насилство, врсничко насилство, силување, полов напад врз дете, трговија со млади, кибер насилство и други облици на насилство, но за жал поради специфичноста на делата, поради обичаите и обичајните норми, поради самосвеста, срамот и страво-почитта огромна е темната бројка кај кривичните дела против телото и насилството.

**Определување на предметот на истражување**

Предмет на теоретско и емпириска разработка ќе биде насилното однесување кај младите, односно неговите облици, карактеристики на сторителите и на жртвите, како и темната бројка. Конкретно, предмет на анализа ќе бидат:

**Состојбата со насилното однесување меѓу младите.** Во овој дел ќе бидат идентификувани следниве елементи: обемот и движењето на насилно однесување меѓу младите, видовите на евидентирани прекршоци и кривични дела со елементи на насилство, начинот на нивно извршување, мотивите, последиците и слично. Од карактеристиките на сторителите и на жртвите посебно ќе се анализираат нивните социодемографски карактеристики (пол, возраст, образование, место на живеење), нивниот меѓусебен однос и слично. Посебен акцент ќе се стави на стапката на негово зголемување квантитативно и квалитативно преку бројот на евидентирани дела и нивната структура.

**Насилството како начин на однесување и рефлексија на насилното општество**. Ќе бидат анализирани ставовите на младите за влијанието на мас медиумското насилство врз нивното однесување, нивните сфаќања за насилството како култура, односно супкултура на однесување и како начин на решавање на спорови.

Исто така, предмет на анализа ќе биде и прагот на толеранција на насилното однесување, неговата оправданост и релативизирање на последиците, односот на младите спрема насилното однесување како акција, односно реакција, колку тоа се прифаќа како научен модел на однесување, ставови за неговата казнивост, односно толерантност и слично. Исто така, од одговорите на младите може да се согледа дали тие се вклучуваат во насилнички однесување, кои облици на насилно однесување најчесто ги практикуваат (физичко, вербално, сексуално, психичко и кибер насилството), зошто, на кој начин, колку често, какви последици предизвикуваат, дали чувствуваат одговорност итн. На тој начин може да се добијат одредени индикатори и за темната бројка.

**Казнено-правен и институционален одговор** на пријавените и евидентирани дела од страна на надлежните служби (полиција, образовни институции, социјални служби). Која е нивната улога во спречувањето на насилството кај младите, каква е нивната соработка, каква е стапката на ефикасност при откривање и процесирање на пријавените дела во полициските станици.

Центарот за социјална работа е должен да обезбеди стручна помош и заштита на жртвата на насилство. После откривањето на случајот ЦСР презема мерки за заштита на лицето согласно извршената проценка за потребната интервенција и третман, поведување постапка за изрекување привремени мерки за заштита и следење.

Во однос на спречувањето, справувањето и сузбивањето на меѓу-врсничкото насилство, врз основа на Законот за основно образование, МОН издава Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите за насилство, злоупотреба и занемарување.[23] Иако ова упатство е наменето за основните училишта, истото е значаен чекор кон посистематско уредување и третман на проблемот со меѓу-врсничкото насилство во училишната средина.

Многу ученици кои се злоупотребувани или не пријавуваат злоупотреба на возрасните или многу долго чекаат пред да го направат тоа. Што велат експертите за злоупотребата.?

Причината за тоа се чувство на срам, страв од одмазда поради пријавувањето на насилството како и страв дека возрасните не можат навреме или воопшто не сакаат да ја заштитат жртвата таму каде што вообичаено се случува злоупотребување. Истражувањата укажуваат на тоа дека проблемот погодува многу повеќе ученици од што за тоа се свесни родителите или наставниците.[24]

Бројот на учениците кои пријавуваат дека се жртви на злоупотребување се намалува со возраста. Значи, ако младите се постари, ретко се обраќаат за помош. Бидејќи е чест случај младите ученици да се жртви на тие од повисоките одделенија, согледувањето на проблемот треба да почне од млада возраст, но исто така треба упорно да се поттикнуваат постарите ученици на согледување на сериозноста на проблемот и пријавување насилство. Разлики меѓу девојчињата и момчиња е тоа што момчињата почесто кажуваат некому дека се злоупотребувани

Кај момчињата злоупотребувањето е најчесто физичко и лесно се забележува.[25] Затоа не е чудно што момчињата на сите возрасти почесто пријавуваат злоупотребување од девојчињата, кои се во помал процент жртви на такво злоупотребување.

[23] Министерство за образование и наука. **Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**. (2019). Преземено од [внеси линк], пристапено на 02.12.2023.
[24] УНИЦЕФ. **Што е врсничко насилство (bullying)?** Преземено од https://a1on.mk/magazin/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying/, пристапено на 05.04.2024.
[25] „Кајгана“. **Што е врсничко насилство (bullying)?** Преземено од https://kajgana.com/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying, пристапено на 05.04.2024.

Што се однесува до казнено правните регулативи во Законот за основно образование[26] вработените во основните училишта се должни да промовираат еднаквост и правичност помеѓу сите ученици и активно да се спротивставуваат на сите облици на дискриминација и насилство (член 5), експлицитно забранува каква било форма на телесно и психичко малтретирање на ученикот (Член 66).

Законот за заштита на младите, обезбедува заштита на младите, нивен физички, ментален, емоционален, морален и социјален развој. Го обезбедува животниот стандард. Се гарантира заштитата на младите од каква било форма на дискриминација експлоатација и насилство ( Член 2, 3-а, 9).

Кривичниот законик, со последните измени од 2018 година, во дефиницијата за насилство врз младите го опфаќа и психичкото насилство, насилството преку интернет, врсничкото насилство, како и демнењето и следењето дете (член 122, став 41).

Доколку врсничкото насилство е од потежок вид и постои сомнение дека со врсничкото насилство се врши или се извршило кривично дело, или пак трае подолго време, а училиштето не ги презема соодветните чекори за спречување на насилството и за заштита на жртвата, вработените се должни да повикаат друга институција, која најчесто ги вклучува Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство, центрите за социјална работа или Народниот правобранител.

Во однос на спречувањето и сузбивањето на меѓу-врсничкото насилство, во македонскиот образовен систем, особено во основното и средното образование, клучна улога се дава на стручните служби. Стручните служби во Македонија правно се признаени како педагошко-психолошка служба.

Дополнително ќе бидат анализирани процедурални аспекти, односно интерни процедури и правила на постапување во случаи на пријавено насилство меѓу млади и каква е нивната ефикасност.

[26] **Закон за основното образование**. („Службен весник“ на Република Северна Македонија, бр. 161/2019). пристапено на 02.12.2023.

**Поимно-категоријален систем**

- **Врсничко насилство** претставува –„облик на агресивно однесување што трае подолго време, се повторува и е насочено кон исто лице“. Врсничкото насилство е посебен вид насилство во кое сторителите и жртвите се на иста или приближна возраст и истите можат да бидат поединци и групи.

**Светскиот извештај за насилство, насилството го дефинира како** „Намерна употреба на физичка сила или моќ, со закана или конкретно загрозување против друго лице, група лица, чии последица е повреда, психички раздор, смрт, спреченост во развојот или било каква друга загуба“. **Нашето законодавство, под насилство подразбира „малтретирање, грубо навредување, загрозување на сигурност или вршење на грубо насилство и со тоа во јавноста предизвикување чувство на несигурност, загрозување или страв“ (Член 386, Кривичен законик).**

**Колективно насилство** е „насилство од луѓе кој се идентификуваат како членови од група, кој извршуваат насилство врз поединци или други групи за да постигнат економски, социјални, политички или други цели“.

- **Општествена реакција** – врз социо-патолошките појави и однесувања на поединци како елемент на поимот социопатолошки групи и организирано општество – државата, реагираат против поединецот што прекршил некаква општествена норма.

Под поимот општествена реакција се подразбира – притисокот или општествената контрола што ја трпи поединецот. Општествената реакција може да биде спонтана или организирана, во зависност од тоа дали реакцијата е спонтана или уредена со правни норми, што зависи пак од природата на нормите што се прекршени. Организираните реакции се покажале преку два вида: неправна или правна. Неправна може да биде позитивна или негативна. Позитивна е кога се стреми кон превенција на некое дејство со политичките органи и организации, стручни служби и др. Негативна се изразува со осуда, бојкот.[27]

**Конфликтите** се процеси во кои две страни меѓусебно си отежнуваат или си оневозможуваат во остварување на целите. Може да настанат како помеѓу поединци, така и внатрешно или између група и заедница.

- **Физичко насилство** → значи користење на делови од телото или оружје за да се заканувате, казнувате, доминирате, спречите, контролирате или повредите друго лице.

[27] Арнаудовски, Љ. (1983). **Предавања по социјална патологија**. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј

Ова насилство учествува со 70% од вкупниот удел на насилство во статистиката и по правило тоа се најекстремните форми на насилство (скршеници на рака, фрактури на носот, повреди на главата, вадење заби).

Физичко малтретирање е „секое малтретирање кое повредува нечие тело или го оштетува неговиот имот. Крадење, туркање, удирање, тепачка и намерно уништување нечиј имот се видови на физичко малтретирање.

➢ **Психичко насилство** претставува – „ секој чин со кој се нанесува психолошка штета на некој поединец. Психолошкото насилство може да се јави, на пример, во форма на присила, клевета, вербална навреда или вознемирување.

"Емоционалното или психичкото насилство најчесто → е вербална (може да биде невербална) форма на нанесување повреди на нечија психа[28] Психичко насилство → е користење ментални стратегии или играње со нечиј ум.

Ова вклучува работи како гнев, агресија, понижување, заплашување, прогон, страв, моќ и контрола. Целта е да се предизвика емоционална штета на друга личност.

➢ **Социјално насилство** претставува – Социјалното насилство се однесува на злоупотреба што е насочена кон манипулација или контрола на социјалните односи на една личност, со цел да се постигне доминација и контрола врз нејзиниот живот. Оваа форма на насилство може да се манифестира преку:

**Изолација**: Присилување на личноста да ги прекине врските со пријателите, семејството или колегите. Насилникот може да ги контролира нивните интеракции и да создава конфликти за да ја оддели жртвата од социјалната поддршка.

**Клеветење и ширење гласини**: Намерно ширење на лажни информации за личноста за да се наруши нејзиниот углед и да се намали поддршката од општеството или блиските луѓе.

**Контролирање на комуникацијата**: Ограничување на пристапот до комуникациски средства како што се телефоните, социјалните мрежи или е-пошта, за да се спречи жртвата да се поврзе со другите.

**Манипулација со социјалната околина**: Создавање ситуации каде што жртвата чувствува дека е неприфатена или одбиена од своето социјално окружување, со цел да стане уште повеќе зависна од насилникот.

[28] **Закон за превенција и спречување на насилство**. (2020). Преземено од https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/ZAKON-ZA-PREVENTSIJA-SPRECHUVANE-I-ZASHTITA-OD-SEMEJNO-NASILSTVO.pdf, пристапено на 10.11.2023

**Изнуда на лојалност**: Присилување на личноста да избере страна, што ја принудува да се оддалечи од други важни луѓе во нејзиниот живот.

Овие форми на насилство имаат за цел да ја изолираат жртвата од нејзините социјални контакти, да ја намалат нејзината самодоверба и да ја направат повеќе зависна од насилникот.

➢ **Сексуално насилство** → е употреба на присилни сексуални дејствија кои доминираат, манипулираат, се закануваат, повредуваат, корумпираат или контролираат друго лице. Сексуалното насилство често е придружено со физичко и психичко насилство, а во повеќето случаи овие форми на насилство се извршуваат заедно.

➢ **Интернет (кибер) насилство** претставува „вербално заканувачко или вознемирувачко однесување спроведено преку таква електронска технологија како што се мобилни телефони, е-пошта, социјални медиуми (Instagram, Facebook, Twitter, TikTok, Snapchat, Telegram, Viber, Whatsapp) или текстуални пораки и онлајн игри.“.

Такви примери се:

- ширење лаги или објавување засрамувачки фотографии од некого на социјалните медиуми
- испраќање пораки што може да повредат или закани преку платформите за размена на пораки
- преземање на туѓ идентитет и испраќање злобни пораки до другите во негово/нејзино име.
- **демнење** е намерно повторено заканување кон жртвата, кое предизвикува истата да се плаши за својата безбедност;

➢ **Поимот детско престапништво** опфаќа голем број поведенија на младите луѓе што од страна на општеството се определуваат како негативни и неповолни: од непристојно, дрско, невоспитано однесување, па се до вршење на најтешки кривични дела. Младите според ООН се лица на возраст меѓу приближно 15 и 24 години. ОН, исто така, признава дека тоа варира без предрасуди за другите возрасни групи наведени од земјите-членки, како што се 18-30 години. Корисна разлика во самите ОН може да се направи помеѓу **дете** како жртва на кривично дело се подразбира лице до 13 години. **тинејџерите** (т.е. оние на возраст меѓу 14 и 18 години) и **младите возрасни** (оние на возраст меѓу 20 и 29 години).

За потребите на ова истражување под млади ќе бидат опфатени лицата на возраст од 14 до 19 години.

Одредени содржини во кривичното законодавство, со кои се инкриминирани одредени поведенија – кривични дела, претставуваат најтежок облик на престапничко поведение. Тие се систематизирани според основни критериуми и преставуваат општо опасни дејствија.

Повреда на прекршочни норми каде спаѓаат повредите на прописите за јавниот ред и мир, како што се нарушување на ЈРМ, пијанчење, тепање, малтретирање, спротивставување и попречување на службено лице во вршење на службена должност, навредување и омаловажување на јавно место, проституција, коцкање, како и прописи од јавниот сообраќај, се сметаат за помалку опасни од кривичните дела.

**Агресивност** е предиспозиција за избор на агресивни и натпреварувачки поведенија, како спротивност на алтернативни поведенија, како што се: покорност, бегање, соработка. Агресијата е поведение (однесување) со кое се нанесува штета физичка или душевна на друг човек. Агресијата е поведение преку кое младиот човек се обидува да се справи со психичка или физичка повреда.[29]

Трета група на престапничко однесување на малолетни лица ја сочинуваат повредите на моралните норми, кои не се инкриминирани, но се спротивни на моралните норми на однесување и како такви се санкционирани од јавното мислење со неодобрување, прекорување, критика, отфрлување и други видови општествени реакции. Овие поведенија се именуваат со различни поими како што се: асоцијални, атипични, неморални, неприфатливи или антисоцијални поведенија. Тука спаѓаат дрското, некултурното, потценувачкото однесување спрема постарите или врсниците, непослушноста и непочитувањето спрема родителите, бегање од дома, училиште, самоволно напуштање на училиштето, работата, посетување на кафани, барови, коцкарници. Тоа се однесувања кои укажуваат на подлабоки промени во прифаќањето на општествените морални норми, отсуството на дисциплина и воспитување па поради тоа треба да се преземат трајни мерки на влијание и воспитување.[30]

[29] Мурџева-Шкариќ, М. (2007). **Јавност и односи со јавноста**. Скопје: Магор.
[30] Арнаудовски Љ. (1983). **Предавања по социјална патологија**. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј 250-251 стр.

**Адолесценција**

Адолесценцијата е специфичен, често драматичен и еден од најзначајните периоди во создавање на човекот како био-психо-социјално битие. Тоа е период помеѓу детството и возрасната доба и има карактеристики меѓу двата периоди, па може да се каже дека адолесцентите се некаде помеѓу млади и возрасни. Адолесценцијата започнува со пубертет, односно со физички и физиолошки промени карактеристични за оваа фаза на развој.

Хронолошко определување на овој период опфаќа период од десеттата до дваесет четвртата година, а се дели на рана, средна и доцна адолесценција на распон од пет години. На почеток, адолесценцијата е првенствено биолошки феномен, за подоцна од дванаесетта до петнаесеттата година адолесцентот да се ослободи од приматот на перцепциите, карактеристичен за детството и почнува да се развива во возрасна личност.[31]

**Аморални и асоцијални појави**

Во групата на аморални и асоцијални појави како што беше споменато, спаѓаат и многу други однесувања на младите кои не се правно инкриминирани, но се спротивни на моралните норми на однесување.

Тука спаѓаат однесувања на младите кои немаат „тежина“ на социопатолошки и девијантни појави, но сепак според моралните критериуми во општеството се деструктивни. Тука можеме да се наведат: бегањето од дома (од семејството), или од училиште, незаинтересираноста за училишните обврски, дружење со деликвенти и деликвентни групи, непочитување на родителите и постарите лица, непочитување на авторитет на наставникот, грубо и насилно однесување кон соучениците и кон другите во средината, предизвикување на неред во училиштето и во пошироката средина.[32]

Иако овие облици не се правно инкриминирани, нив општеството не ги одобрува, затоа што го попречуваат процесот на развојот и формирањето на младата личност и имаат моќ да му дадат несакан правец, односно тие се значајни како индикатори за потенцијална девијантности на малолетникот и во извесна смисла се предвесници на потешки облици на девијантно однесување во подоцнежните фази од младоста и

[31] Батиќ Д. (2008) – **Интервју со малолетници: сторители, сведоци и жртви на кривични дела.** – Зборник на трудови: Малолетничка правда – од идеја до практика – Скопје Уницеф.
[32] Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Бачановиќ, О. (2011). **Педагошка социопатологија**. Битола: Педагошки факултет. стр. 77-78

животот. Токму затоа кон оваа група на млади треба да се покаже зголемена грижа низ координативни мерки со семејството, училиштето и другите ученици во воспитно образовниот процес, како услов младата личност да се врати во нормални патишта на животот.[33]

**Дисциплинарно одредување на предметот**

Според се што погоре е претставено станува очигледно дека ова истражување има мултидисциплинарен карактер кое ги опфаќа следниве научни дисциплини: криминологија, социјална патологија, социологија, казнено право.

**Временско и просторно одредување на предметот**

Секој истражувачки проект е временски ограничен. Нашето истражување ќе го опфати периодот 2018 до 2023 година.

Секако, доколку при истражувањето дојдеме до други релевантни податоци од други постари или понови периоди истите соодветно ќе бидат документирани, средени, анализирани и презентирани.

**Просторно утврдување на предметот на истражување**

Емпириското истражување ќе го опфати насилното однесување кај младите на територија на општина Охрид.

**Цели на трудот**

Цели на трудот се следниве:

- да се идентификуваат кои видови прекршоци и кривични дела со елементи на насилство извршени од страна на младите се пријавуваат и процесираат во рамките на казнено-правниот систем
- да се согледаат карактеристиките на сторителите и на жртвите, нивната поврзаност и мотивите за извршување казниви дела со елементи на насилство
- да се согледаат ставовите и перцепциите на младите во врска со насилното однесување како начин на решавање спорови, како култура на однесување, нивниот однос и праг на толеранција, дали користат техники на неутрализација и оправдување

[33] Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Бачановиќ, О. (2011). **Педагошка социопатологија**. Битола: Педагошки факултет. стр. 80.

- да се дојде до сознание колкава е темната бројка на насилните дела кои не се евидентирани во казнено правниот систем, кои облици најчесто се извршуваат и кои се причините за темната бројка.
- да се согледа соработката меѓу надлежните служби во откривањето и процесирањето на пријавените казниви однесувања и каква е ефикасноста на откривање и казнување на младите сторители

## ХИПОТЕТИЧКА РАМКА-ХИПОТЕЗИ

### Главна хипотеза

Насилното однесување меѓу младите е рефлексија на секојдневното насилство што се врши во општеството, на улица, во медиумите, во институциите и тоа се гледа и учи како модел на однесување и на решавање спорови.

### Помошни хипотези

- Насилното однесување меѓу младите е поврзано со зголемена агресија и низок праг на толеранција во решавање на меѓусебни конфликти.
- Зголеменото вербално насилство и булингот се одраз на ниска култура на однесување, ниски образовни квалификации, нетрпеливост и девијантен систем на вредности.
- Отсуството на соодветен казнено-правен и институционален одговор спрема насилното однесување меѓу младите го зголемува ризикот од негово зголемување.
- Новите форми на медиуми, како што се видео игрите и социјалните мрежи, ги зголемуваат можностите младите да бидат изложени на насилство.
- Присуството на банди, криминалните групи, оружје и наркотици во опкружувањето, насилството на спортските настани, полициската бруталност, сериозно влијаат и врз однесувањето на младите.
- Неефикасноста на надлежните институции, недовербата кон системот, ја зголемува темната бројка на делата со елементи на насилство извршени од страна на младите.
- Насилството се прифаќа како нормален метод за решавање на конфликти и младите се учат да ги прифатат нормите и вредностите кои го поддржуваат насилното однесување.
- Училиштата не се соодветно подготвени и не може самостојно да се справат со безбедносните ризици и насилните појави помеѓу младите.

**Методолошка рамка**

**Истражувачки методи и техники**

Во овој труд ќе се изврши теоретско истражување на бројна научна и стручна литература како и емпириско истражување користејќи ја техниката на анкетирање и интервју на одбран примерок на ученици и професори од средни и основни училишта.

Во однос на истражувачкиот процес ќе бидат користени неколку истражувачки методи:

- **Метод на анализа на содржина на документи („content analysis”)**, подзаконски акти и годишни извештаи за работењето на институциите. **Метод на дескрипција** – постапка за опишување или прикажување на предметот и научно истражување со научно толкување и објаснување.

**Метод на испитување преку примена на анкета и интервју.** Во рамките на истражувањето се спроведе анкета врз млади лица од 14 до 19 години со цел да се согледаат ставовите и перцепциите на младите во врска со насилното однесување како начин на решавање спорови, како култура на однесување, нивниот однос и праг на толеранција, дали користат техники на неутрализација и оправдување.

Исто така се спроведе полу структурирано интервју со наставен кадар од неколку средни училишта во Охрид.

**Извори на податоци** се: пријави во полиција, одредени пријави, поднесоци и извештаи во Центарот за социјална работа и во средните училишта во општина Охрид. Покрај тоа, се анализирани соодветни извештаи на МВР, медиумски прилози), како и други истражувачки трудови, извештаи кои се однесуваат на дефинираниот предмет на истражување. Извор на податоци се и ставовите на младите и на наставниците кои се дел од испитаниците.

**Примерок**

Примерокот опфати два вида испитаници: млади лица-ученици на возраст од 14 до 19 години (опфати повеќе од 560 испитаници и при нивниот избор се водеше сметка за нивниот пол, возраст, место на живеење и др.) и вработени во три средни училишта во општина Охрид (професори и друг стручен кадар). Се опфатија околу 60 испитаници и при нивниот избор се водеше сметка за нивниот пол, возраст, и др..

## Научна и општествена оправданост на трудот

Општествената оправданост на трудот би се однесувала на неколку аспекти кои се клучни за успешното функционирање на процесот на превенција на насилство кај младите, но истовремено и за сликата која се дава на јавноста и на другите држави кои будно го следат процесот на превенција и справување со насилството, облиците на насилство и насилното однесување. Преку содржините на трудот ќе се овозможи да ги увидиме и утврдиме аномалиите и недостатоците кои постојат во системот, да се согледа значењето и важноста на процесот на континуирана обука и развој на надлежните институции за подобро справување со насилството.

## Вовед

Дваесеттиот век е век што ќе се памети по насилство. Може да се каже дека од него ја наследивме појавата на масовното уништување. Ниедна земја, ниеден град, ниедна заедница не е имуна на насилството, но и ние не сме немоќни да му се спротивставиме на насилството. [34]

Човековата единка се раѓа како нај беспомошна меѓу сите видови суштества. Кај пониските животни видови веднаш при раѓањето, забележуваме извесни вродени механизми (безусловни рефлекси и инстинкти) што им овозможуваат успешно да се снаоѓаат во средината и да се одржуваат во неа. Човековата единка постепено по пат на учење во нејзината средина се хармонизира и ги добива карактеристиките и особините на човек како посебен вид и суштество, а овозможуваат не само одржување, туку и живеење во човековата средина.

Учењето не е само стекнување на школски знаења и умеења. Многу малку човечки особини не се производ на учењето. Со помош на учењето се формира и човековата личност со посебни карактеристики. Младите се учат да бидат друштвени, да соработуваат, да бидат трпеливи, учтиви, вредни и истрајни, но истовремено учат да бидат и агресивни, тврдоглави, мрзеливи, себични итн. Во зависност од тоа какво однесување и какви особини општеството одобрува и наградува, а какви санкционира,[35] целиот сложен емоционален живот на човекот се развива по пат на учење.

*Насилството претставува „секоја намерна употреба на физичка или психолошка сила, насилството може да биде во форма на употреба на сила насочена кон себе или кон друго лице или кон некоја група или заедница, завршува со физичка повреда, или смрт, со психичка штета, или со нарушување на разумот[36] “.* Не постои насилството кое е оправдано или кое може да биде од корист за оние кои го трпат. Исто така, голема заблуда е дека младите „така растат“ односно дека тепачките, заканите, навредите, туркањето, или застрашувањата мора да бидат дел од сечие детство.

Според дел од психолозите, улога во спречувањето на насилството меѓу младите треба да имаат училиштата, родителите, но и самото општество.

[34] „За насилството - ученици од СЕОУ 'Гостивар'“. (2008, 20 јануари). Преземено од https://povrzuvanje.blogspot.com/2008/01/blog-post_1607.html. Пристапено на 10.05.2024
[35] Лазароски, Ј. (1980). **Основи на педагошката психологија**. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“.
[36] Kimmel, M. S. (2002). **Male Victims: The Effects of Male Victimization on Men and Boys**. Преземено од https://web.archive.org/web/20090325135918/http:/www.xyonline.net/downloads/malevictims.pdf, 21 стр.

Кога станува збор за училиштата, голема улога има училишниот кодекс на однесување. Имено постојат училишта кои по ова прашање функционираат одлично и можат да послужат како добар модел за другите училишта во кои се случуваат насилства.

Постојат тесни врски помеѓу младешките и другите форми на насилство.

*Се одлучив да пишувам на оваа тема бидејќи сметам дека младите кои извршуваат насилство во најмала возраст, честопати остануваат насилни, а во текот на својот живот преминуваат кон извршување на девијантни појави и кривични дела, но исто така последиците од врсничкото насилство, за жал, се многу поголеми од она што го замислуваме, со тоа што негативно влијаат на менталното здравје на жртвите, нивните социјални вештини и идните можности за успешно функционирање во општеството, а во некои случаи, за жал дури можат да доведат до трагични исходи.*

Младите кој покажуваат насилно и деликвентно однесување често употребуваат и алкохол, дрога или оружје, што ја зголемува веројатноста за нанесување повреди или смрт. Голем број лица насилството го вршат само во одреден период од својот живот така наречени „привремени адолесценти прекршители" правејќи го тоа во друштво или во група, барајќи возбуда.

При разгледување на проблемот со насилството во училиштата, се отвораат неколку прашања:

1. Дали реално се работи за зголемување на насилството во училиштата или се работи за перцепција која се добива со начинот на пласирање на вестите во медиумите.
2. Изразените етнички и верски елементи кои се јавуваат како зголемен и очекуван ризик од појава на насилство помеѓу младите.
3. Како општеството покрај бројните механизми да изгради соодветен пристап кон решавање на ова прашање? Во овој дел може да се истакне улогата на семејството, медиумите, стереотипите, стигматизацијата и генералната незаинтересираност на институциите да се зафатат за проблемите и да ги третираат нивните причини, а не само хируршки да дејствуваат на индивидуалните случаи.

*„Идните поколенија нема да се жалат на злото и насилството на лошите луѓе, туку на молчењето на добрите."*
- Мартин Лутер Кинг

# I. Глава Врсничко насилство: поим и облици

## 1. Врсничко насилство

Врсничкото насилство не е особеност на современото општество, туку претставува појава што ги следи сите класни општества. Но низ историјата, не го привлекувало вниманието на еднаков начин. Всушност, општеството покажувало интерес само за поведенија што биле казниви по закон, односно кои претставувале непосреден напад врз заштитените добра и вредности.

Врсничко насилство може да се дефинира како „облик на агресивно однесување што трае подолго време, се повторува и е насочено кон исто лице“. Може да биде со, но и без физичко присуство.

Се сретнува и терминот булинг, кој доаѓа од англискиот термин „bullying„ кој во превод значи силеџиство.

Во таа смисла, го дефинира како малтретирање на ученикот кој подолг временски период е изложен на негативо агресивно однесување од страна на еден или повеќе ученици. [37]

Врсничкото насилство претставува секој облик на повторливо физичко и психичко однесување на помоќниот и посилниот ученик или група на ученици кон послабиот ученик. [38]

Од психолошки аспект, насилството го дефинира како екстремен облик на агресија, која се манифестира како нелегитимна и неоправдана примена на сила (физичка или психичка), однесување кое може да биде организирано, спонтано или ритуално (во случај на крвна одмазда), а во поново време се јавува и како инструментализирано (уцени, грабнувања, закани, земање на заложници и сл.).[39]

Од криминолошки-правен аспект карактеристични се следните дефиниции: Во зависност од степенот на општествената опасност односно од последиците кои се јавуваат како резултат на манифестираната агресија, насилничкото однесување може да биде антисоцијално, прекршочно и криминално.[40]

[37] Олвеус, Д. (1998). **Bullying at School: An Overview of the State of the Science**.
[38] Farrington, D. P. (1993). **Understanding and Preventing Bullying**.
[39] Hesnard B., (1963). **Psychologie du Crime, Paris**. Стр. 300
[40] Киткањ, З. (2009). **Деликвентно однесување кај малолетните лица со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит**. Докторски труд, Филозофски факултет, Скопје.

Камбовски, тврди дека насилното однесување претставува посебен облик на криминалитет, дел од класичниот криминалитет како најбогата групација на повеќе видови кривични дела кои имаат исти или слични криминалистичко-релевантни обележја.[41]

**Насилничкото однесување Бачиќ го разгледува од два аспекта, преку примена на физичка или психичка сила. Оттука насилството во кое доминира физичката сила кон одредена личност, подразбира загрозување на физичкиот интегритет односно животот и телото на човекот. Вториот аспект вклучува примена на психичка сила, која резултира со психичко малтретирање, предизвикување на трајно и силно чувство на лична несигурност и вознемиреност**.[42]

Некои стручни лица веруваат дека врсничкото насилство може да започне уште од третата година на животот кај детето, додека други тврдат дека во тоа време не може да станува збор за класично/намерно нанесување на повреди врз друго лице затоа што, како што сметаат тие, тоа се години кога детето е недоволно когнитивно зрело за да би можело да ги разбере туѓите емоции.[43]

Во дефинирањето на насилството, Милосављевиќ подразбира појава која опфаќа различни акти, постапки и однесување на поединецот, група или општествени институции во односите со луѓето, кои вклучуваат примена на физичка, психичка, политичка или некоја друга сила со која се загрозува интегритетот на човекот предизвикувајќи различни физички и психички повреди и останати непријатни последици.[44]

Постојат различни поделби на насилството во однос на неговиот облик, траење, интензитет и карактеристиките на неговиот извршител.

Според карактеристиките на оние што го извршуваат насилниот акт, насилството може да биде:

- насочено кон себе - кое се манифестира низ следните форми: суицидални мисли, обиди за самоубиство или „парасуицид“ и извршување на делото.

[41] Камбовски, В. (1997). **Кривично право - посебен дел**. Скопје: Просветно дело.
[42] Baćic, F. (1997). **Opšti pogled na krivično-pravnu problematiku delikta nasilja**. Во *Zbornik krivično i kriminološki aspekt delikata nasilja*. Загреб.
[43] „Врсничко насилство (bullying)“. Преземено од https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/, пристапено на 04.05.2024.
[44] Milosavljević, M. (1998). **Zbornik: Nasilje nad decom**. Факултет за политички науки, Белград, стр. 42-44.

- интерперсонално насилство - може да има четири облици: физичко, психолошко, сексуално и депривација/запоставување, а може да се јави во семејството или во заедницата.
- колективно насилство, кое најчесто предизвикано од поголеми групи на индивидуи или држави. Под овој вид на насилство се подразбира наменска употреба на насилство од страна на лица припадници на одредена група со цел да се постигнат политички, економски или социјални цели. Форми на колективното насилство се: војни, организиран насилен криминал, терористички и други политички конфликти меѓу државите.[45]

Како карактеристики на врсничко насилство може да се вбројат:

- намерно, свесно негативно постапување со намера другиот да се повреди
- со намера да се предизвика заплашеност
- со секогаш присутна несразмерност на силата
- насилникот секогаш има поголема сила од жртвата
- однесување кое што не може да се оправда
- не е еднократен инцидент што нема да се повтори
- не е пријателска расправија или несогласување, случајно, ненамерно нанесување болка, а не претставува ни пријателско задевање
- не е насилно решавање судир меѓу пријатели со иста сила

Врсничко насилство е насилство во кое ученикот трајно и често е изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици, кои намерно сакаат да го повредат, понижат или да го изложат на потсмев.

Ученик кој е посилен, поагресивен, похрабар и со поголема самодоверба од просечните ученици ги малтретира учениците кои се послаби, плашливи, кои не се склони кон одмазда. Понекогаш постарите ученици ги злоупотребуваат помладите или новите ученици, а понекогаш за жртви се избрани ученици од различни култури или малцински групи. Младите кој се извршители на насилство често доаѓаат од семејства во кои расправиите се решаваат на агресивен начин.[46] Материјалната состојба не влијае значително на злоупотребата, но стилот на воспитување се покажал како позначаен фактор за појавата на злоупотреба.

[45] World Health Organization. 2002. *World Report on Violence and Health*. Geneva
[46] „Што е врсничко насилство (bullying)?“ Преземено од https://lokalno.mk/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying/, пристапено на 05.04.2024.

Присутноста на возрасните битно го намалува насилниот однос.

Истражувањата покажуваат дека селата или градовите, регионалните училишта, големината на училиштата како ни бројот на младите во одделението не претставуваат важни фактори во предвидување на појавата на насилство.

Момчињата вршат директни насилства, т. е. злоупотребување што вклучува директни физички или вербални напади.

Девојчињата многу често се на удар на врсничко насилство од страна на момчињата отколку обратно, т. е. девојчињата поретко ги злоупотребуваат момчињата. Момчињата сѐ почесто се чинители и жртви на агресивно физичко и вербално злоупотребување од страна на врсниците.

Имено, момчињата почесто од девојчињата се впуштаат во насилничко однесување, па поголема е веројатноста тие да се почесто жртви, но и извршители на насилство. Од друга страна, поголема е веројатноста дека девојчињата ќе применат недиректни, префинети, општествени средства за да вознемируваат друго девојче.

Најчесто однесување од ваков тип се исклучување од истиот круг на пријателки, манипулирање со пријателските односи, ширење злобни гласини, озборување, лажење, итн. Меѓутоа, момчињата и девојчињата еднакво се соочени со проблемот на општествената непопуларност. Причина за тоа е што во општеството е еднаков бројот на тие момчиња и девојчиња кои останатите ученици не ги симпатизираат, па времето кога се на одмор го поминуваат сами.

Сепак, непопуларноста не значи истовремено и намерно исклучување и општествено злоупотребување. Психички злоупотребуваат (заканувачки погледи, гримаси, изнудување, следење, уценување) еднакво и момчињата и девојчињата.

Врсничкото насилство (булинг – bullying) често започнува со поблага форма на префрлање/задевање на послабите/повлечени и тоа секогаш е насочено токму таму каде што се најслаби.[47]

[47] „Што е врсничко насилство (bullying)?“ Преземено од https://sitel.com.mk/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying, пристапено на 03.02.2024.

Под облици на врсничко насилство можеме да ги наброиме следниве:

- **Вербално** – нарекување со погрдни имиња, омаловажување, навреди, дофрлувања; потсмевање, закани и слично; задевање, исмејување, навредување на расна, верска, национална основа, несоодветни сексуални коментари.
- **Физичко**: туркање, удирање, тепање и слично.[48] Односно вклучува повредување на телото или имотот на една личност.
- **Социјално** или економско насилство – избегнување, односно исклучување од разни активности, игнорирање, изолирање, озборување, ширење лаги и гласини со што најдобрите пријатели на детето-жртва одеднаш го свртуваат грбот, но и исмевање и навредување поради изгледот, однесувањето, социјалната класа. Кражба и изнудување на пари и други вредни предмети.
- **Психолошко** односно емоционално насилство– заканувачки погледи, гримаси, исмевање, несакани допири и коментари од сексуална природа, изнудување пари, следење, уценување, различни напади преку интернет/мобилен телефон и слично.
- **Сајбер насилство**: е вербално заканувачки или вознемирувачко однесување спроведено преку таква електронска технологија како што се мобилни телефони, е-пошта, социјални медиуми (Instagram, Facebook, Twitter, TikTok, Snapchat, Telegram, Viber, Whatsapp) или текстуални пораки и онлајн игри.
- **Сексуално насилство**: несакан физички контакт (допирање и удирање по интимни делови, прикажување на порнографска содржина, сексуален акт, насилно соблекување и сл.) и навредливи коментари со сексуална содржина.
- **Културално насилство** Навреди на национална, етничка или расна основа;

Односот помеѓу напаѓачот и жртвата е обележан со неурамнотежени емоции и моќ, при што жртвата е вознемирена, преплавена со лутина и страв додека, пак, напаѓачот е мирен и најчесто надмоќен.

[48] „Врсничко насилство (bullying)". Преземено од https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/, пристапено на 04.02.2024.

За да се смета за малтретирање, однесувањето мора да биде агресивно и да вклучува:

• **Нерамнотежа на моќта.** Младите кои малтретираат ја користат својата моќ - како физичка сила, пристап до непријатни информации или популарност - за да ги контролираат или да им наштетат на другите. Нерамнотежата на моќта може да се промени со текот на времето и во различни ситуации, дури и ако тие вклучуваат исти луѓе.

• **Повторување.** Насилничките однесувања се случуваат повеќе од еднаш или имаат потенцијал да се случат повеќе од еднаш.

Значајна карактеристика на врсничкото насилство е групното вршење на насилнички акти, па во таа смисла може да се споменат училишните банди. Училишните банди се поголеми врснички групи, специфични за урбаните средини кои најпрво се јавиле во САД, а веќе во поново време се повеќе се распространуваат и во други држави во кои има пад на стандардот, владее сиромаштија, дискриминација, распаѓање на семејството, културни разлики и незадоволство на одредени општествени класи. Насилничките банди може да се дефинираат како хибридни творби составени од контра културни нездрави животни стилови u енормно консумирање алкохол и дрога, кои имаат слични обележја на западната контра култура.

Насилството на бандите опфаќа тепање, бодење со нож и пукање и има тенденција да биде жестоко, дури и смртоносно, споредено со другите форми на насилство во училиштата, особено кога е поврзано со недозволена трговија со наркотици.

Насилното однесување во бандите често пати е насочено кон припадниците на маргинализираните групи, со што се потврдува појавата на насилство на верска, национална или расна основа, насилство врз хендикепираните лица или лицата со исто полова ориентација, како и кон лица со физички или ментални хендикепи. Облици на негово манифестирање се: физичко, психичко или вербално насилство. [49]

---

[49] Статистиката за насилното однесување на бандите против маргинализираните групи варира во зависност од земјата и регионот, но генерално покажува загрижувачки трендови на дискриминација и насилство. Овие податоци често се собираат преку криминолошки истражувања, полициски извештаи и невладини организации кои следат злосторства од омраза и насилство врз ранливите групи. Еве некои клучни статистички факти од глобални извори:
Во САД, статистиките за насилство на банди укажуваат дека маргинализираните групи често се жртви на вакво насилство, особено во урбаните подрачја каде што бандите се најактивни.

- **ФБИ извештај за злосторства од омраза (2020)** покажува дека 61% од нападите врз ЛГБТИК+ заедницата биле извршени од организирани криминални групи или банди.

Во рамките на физичкото насилство доминираат бројните физички пресметки меѓу средношколците предизвикани од етничката нетрпеливост и намалениот праг на толеранција. Во вербалното насилство значајно место заземаат навредливите инсинуации, исмејување, стереотипни коментари, генерализации и изнесување недолични пароли и озборувања.

За најдоминантен вид психичко насилство се смета исклучувањето на припадниците на етничките заедници од групните активности.

Според Кристина Салмивали, покрај жртвата и насилникот постојат други 4 вида учесници во врсничкото насилство: помагачи кои се подготвени да им помогнат на насилниците; поттикнувачи- оние кои со своето однесување ги поттикнуваат насилниците; аутсајдери - кои не реагираат на насилството кое го гледаат и бранители- кои им помагаат на жртвата.[50]

---

- **Национален извештај за банди (National Gang Center)** проценува дека од сите случаи на убиство поврзани со банди, околу 16% биле мотивирани од расни или етнички тензии.
- Бандите како „MS-13“ и „Crips“ се познати по насилството насочено кон малцинствата, особено кон имигрантските заедници.

Во Европа, насилството на бандите е често насочено кон мигрантите, припадниците на етнички малцинства, како и лицата од ЛГБТИК+ заедницата.

- Во **Велика Британија**, според извештајот на Home Office за злосторства од омраза (2021), околу 20% од сите инциденти поврзани со насилство на банди биле насочени кон етничките малцинства, а 15% против ЛГБТИК+ лица.
- **Германија** забележа раст на насилство против мигранти и бегалци од страна на неонацистички банди, според податоците на **Федералната служба за криминалистика (BKA)**. Во 2020 година, имало над 2,000 инциденти на физичко и вербално насилство врз мигрантите.

Во земјите како **Мексико**, **Хондурас**, и **Салвадор**, бандите како „MS-13“ и „Barrio 18“ се познати по нападите врз маргинализираните групи, особено врз младите, жените, и ЛГБТИК+ заедницата.

- Според извештаите на **Хјуман рајтс воч (Human Rights Watch)** и **Amnesty International**, овие групи се изложени на чести насилства и прогонства. Во Хондурас, 35% од убиствата поврзани со банди во 2019 година биле насочени кон лица кои припаѓаат на маргинализирани заедници.

Во некои азиски земји, како **Филипините** и **Индонезија**, насилството на бандите често се насочува кон етничките и религиозните малцинства, како и врз хендикепираните лица.

- Во Филипините, насилството на банди против муслиманското малцинство е во пораст, со повеќе од 400 пријавени напади врз лица од оваа заедница во 2020 година.

Во некои делови на Африка, како **Јужна Африка**, насилството на банди е тесно поврзано со расни и етнички тензии. Постојат извештаи за насилство насочено кон мигрантите, особено оние од други африкански земји.

- Според податоците на **Полициската служба на Јужна Африка**, 25% од сите насилни инциденти поврзани со банди биле насочени кон мигрантите, особено од Зимбабве и Нигерија.

Според **Обединетите Нации**, во светски рамки, над 30% од насилствата извршени од банди се мотивирани од етничка, расна, религиозна или сексуална дискриминација. Тие предупредуваат на зголемениот тренд на напад врз ранливите групи како резултат на политичката нестабилност, економската нееднаквост и порастот на екстремизмот.

[50] Salmivalli, C. (1999). "Participant Roles in Bullying: How do they Relate to Peer Acceptance?" *Aggressive Behavior*, 25, 1-15.

## 1.1. Карактеристики на вербалното врсничко насилство

Вербалното врсничко насилство е еден од најчестите и највидливи облици на насилство меѓу младите. Тоа вклучува различни форми на агресивно и негативно вербално изразување насочено кон поединци или групи.

**Форми на вербално насилство**:[51]

**Навреди и омаловажувања**: Употреба на погрдни зборови, пцовки и коментари кои имаат за цел да го понижат или омаловажат другото лице.

**Исмевање и задевање**: Повторувачки коментари кои имаат за цел да ја исмеваат или засрамат жртвата, често базирани на физички карактеристики, интелигенција или лични особености.

**Закани**: Вербални изрази кои имаат за цел да го заплашат или да нанесат страв на другото лице.

**Ширење на гласини**: Секундарна форма на вербално насилство кој вклучуваат ширење на лажни или штетни информации за жртвата со цел да се наруши нејзината репутација.

Вербално врсничко насилство врз основа на етничка припадност, религии или раси, како и понижување врз основа на полот, исто така се смета за злоупотребување. [52]

Во вербалното малтретирање, главното оружје што се користи е гласот. Во многу случаи, вербалното малтретирање е вообичаено и кај двата пола, но девојчињата се со поголема веројатност да го вршат.

Девојките, генерално, се посуптилни со навредите отколку момчињата. Девојките користат вербално малтретирање, како и техники на социјално исклучување, за да доминираат и контролираат други поединци и да ја покажат својата супериорност и моќ, честопати за да се обидат да импресионираат некој што го идеологизираат.

---

[51] Olweus, D. (1993). *Bullying at School: What We Know and What We Can Do*. Oxford: Blackwell Publishing, Chapter 2

[52] „Врсничко насилство". Преземено од https://www.scribd.com/presentation/547775605/%D0%92%D1%80%D1%81%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%BE-%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE. Пристапено на 10.3.2024

## 1.2. Карактеристики на социјалното врсничко насилство

Примерот со исклучување од игра може да се забележи уште од предучилишна возраст, кога децата не им дозволуваат на други деца да си играат со нив или, пак, ги поттикнуваат другите да не си играат со некој, делејќи се на групи. Младите од предучилишниот период кажуваат смешни и апсурдни нешта кои не секогаш се намерно насочени кон други млади или возрасни.

Се верува дека децата на тој начин експериментираат со зборови и фрази кои неодамна ги имаат научено. Се смета и дека оваа врска на проблеми е важна во развојот на младите, затоа што им пружа прилика за вежбање при социјализација и за тоа како би се носеле со одредени социјални искуства подоцна во животот (во градинка, училиште, на работно место).

Понекогаш наречено релациско малтретирање, вклучува повреда на нечија репутација или врски.

Социјалното малтретирање вклучува: намерно избегнување некого, кажување на другите да не се дружат со некого, ширење гласини за некого, засрамување некого во јавност.

Релациското малтретирање (понекогаш се нарекува социјална агресија) е тип на малтретирање што ги користи односите за да ги повреди другите. Терминот, исто така, означува секое малтретирање што се прави со намера да се повреди нечија репутација или општествена положба, што исто така може да се поврзе со техниките вклучени во физичкото и вербалното малтретирање.[53]

Релациското малтретирање е форма на малтретирање честа кај младите, но особено кај девојчињата. Социјалното исклучување (намалување или правење некого да се чувствува „изоставено“) е еден од најчестите видови на релациско малтретирање. Релационото малтретирање може да се користи како алатка од страна на насилните млади и за да ја подобрат својата социјална положба и да ги контролираат другите.

За разлика од физичкото малтретирање кое е очигледно, релациското малтретирање не е отворено и може да продолжи долго време без да биде забележано.

[53] **Crick, N. R., & Grotpeter, J. K. (1995).** "Relational aggression, gender, and social-psychological adjustment." *Child Development*, 710-722

## 1.3. Карактеристики на психолошкото врсничко насилство

Психичко насилство претставува секое намерно однесување со кое сериозно се попречува психолошкиот интегритет на друго лице преку присила или закани.[54] Психолошко врсничко насилство е секој чин со кој се нанесува психолошка штета на некој поединец. Психолошкото насилство може да се јави, на пример, во форма на присила, клевета, вербална навреда или вознемирување. Негова значајна карактеристика е злоставувачкиот образец на однесување кој се јавува со текот на времето, внатре во семејството или надвор од него. Не само што влијае на менталното здравје на поединците и нивните контакти, туку ги лишува и од приликите за иден личен, социјален и економски развој. Како примери на психолошко насилство се јавуваат постапките како изолација од другите, вербални напади, закани, застрашување, контрола, вознемирување или демнење, навреди, понижување и клевета.

Психолошкото насилство многу тешко се докажува, нема видливи траги освен нарушување на менталното и физичкото здравје и тешко се препознава.

Психолошкото насилство тешко се докажува, поради доказите што надлежните им го бараат на жртвите за да можат да постапат. Доказот, вели **Елена Димушевска**, извршната директорка на *Националната Мрежа против насилство*, претставува наод или мислење од психијатар кое ќе наведе дека извршеното насилство има негативни последици врз здравјето на жртвата.

Често се случува група на ученички со намера континуирано да вршат изолација на друга ученичка од некои активности, игри, дружења, или пак ширењето на неточни гласини во подолг период со цел да се предизвика непријатност и срам, давање на погрдни имиња, давање на погрдни коментари за начинот на облекување и исмејување се карактеристични за ученичките како облик на насилство.[55]

---

[54] Конвенцијата на Советот на Европа за заштита и борба против насилство врз жената и семејно насилство, член 33

[55] Јованова Н. Превенција на насилство меѓу децата во училиштата - Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на РМ Скопје 2010 Факултет за Безбедност стр. 452-469

### 1.4. Карактеристики на физичкото насислство

Физичко малтретирање е секое малтретирање кое повредува нечие тело или го оштетува неговиот имот. Во физичкото малтретирање главното оружје што го користи насилникот е неговото/нејзиното тело, или некој негов дел; или предмет како оружје кога ја напаѓа својата жртва. Физичкото малтретирање вклучува: Удирање, клоцање, штипење, плукање, сопнување/туркање, правење злобни или груби гестови со рацете земање или кршење нечии работи и намерно уништување нечиј имот се видови на физичко малтретирање. Физичкото малтретирање ретко е првата форма на малтретирање што жртвата ќе ја доживее. Често малтретирањето започнува во поинаква форма, а подоцна ќе премине во физичко насилство.

Понекогаш групи на млади ќе таргетираат и отуѓуваат врсници поради некои адолесцентни предрасуди. Ова брзо може да доведе до ситуација кога нивните соученици ги исмеваат, мачат и „тепаат“. Физичкото малтретирање често ќе ескалира со текот на времето и може да доведе до штетен или фатален крај, и затоа многумина се обидуваат брзо да го спречат за да спречат каква било понатамошна ескалација. [56]

*Такви примери може да се сретнат и во медиумите:*

- *Малолетник е прободен кај трговскиот центар „Мавровка“ во Скопје. Инцидентот се случил на 06.03.2024 околу 13:30 часот, кога во полиција било пријавено дека е повреден малолетник, Повредениот веднаш е пренесен во градската болница „Св. Наум Охридски“. Осомничениот малолетник е приведен во полициска станица и со него се врши разговор во присуство на родител. Ова е втор случај малолетник да биде избоден за една недела.* [57]
- *Во Прилеп до смрт беше избоден малолетник поради врсничка нетрпеливост. Полицијата утрово ги привела убијците на 14-годишното момче кое вчера беше избодено во центарот на Прилеп.*
- *На 01.03.2024 во 04.00 часот во с. Сенокос, општина Долнени, биле приведени малолетник и дваесет и едногодишниот В.Т., двајцата од с. Сенокос.По судска наредба бил извршен претрес во домот на малолетникот во с. Сенокос, при што биле пронајдени и одземени предмети со кои било извршено кривичното дело.*

[56] „Bullying“. Преземено од https://en.m.wikipedia.org/wiki/Bullying, пристапено на 10.01.2024.
[57] „Малолетник од Бојане прободен од малолетник од Буковик кај ТЦ Мавровка“. Преземено од https://telma.com.mk/2024/03/06/maloletnik-od-bojane-proboden-od-maloletnik-od-bukovik-kaj-tv-mavrovka/, пристапено на 07.03.2023.

- *Млади луѓе најпрво физички нападнале, а потоа и со нож избоделе младо момче. Според информациите од очевидци, момчето потоа се обидело да побегне и паднало пред поранешен хотел "Скопје", каде и починало.* [58]

Тука би го спомнал и „рекетирањето" помеѓу младите. Терминот рекетирање е израз за одредени облици на изнуди со употреба на сила или сериозна закана, со цел да се стекне имотна корист.

Таквите појави ги користат мафиите, но се користат и помеѓу младите, а се изведуваат така што поединец или група млади, со сериозна закана или употреба на сила ќе принудат друго лице да ги даде своите пари на извршителите на насилството. Во училиштата, исто така, не се ретки ни случаите на кражби на предмети или материјални средства.

## 1.5. Каде и кога се случува малтретирањето?

Насилството може да се случи секаде, за време на училишните часови пред или после училишните часови, во училишните дворови, во тоалети, во парковите, низ маалските улици, во центарот на градот, во трговските центри, на спортските натпревари, во автобус, минибус, на железничка станица, автобуска станица,... СЕКАДЕ!.

Современото интернет насилство може да се изврши на социјалните мрежи, при играње видео игри, при користење на мобилни апликации како што се SMS, WhatsApp, Viber, Facebook, Instagram, TikTok, и други, како и преку SMS пораки и телефонски повици. Последиците од извршеното насилство за жал често доведуваат и до смрт, а такви примери може да се најдат и во медиумите:

*Пример. Матурант убиен од свој врсник поради девојка. В.С., убиен од својот врсник С.Д пред училишниот двор.*

[58] „Малолетник и 21-годишник го убиле 14-годишното момче во Прилеп". Преземено од https://www.slobodenpecat.mk/maloletnik-i-21-godishnik-go-ubile-14-godishnoto-momche-vo-prilep/, пристапено на 07.03.2024.

## 1.6. Интернетот како алатка за извршување на насилство

Интернетот претставува една од придобивките на современиот начин на живеење. Наједноставно, интернетот е „место“ каде што луѓето генерално, а особено младите, можат да комуницираат и да се поврзат, да разменуваат искуства, да учат, да откриваат нови нешта, да наоѓаат информации како и да ја развиваат својата креативност во разни области и на различни начини. [59]

Сепак, и покрај огромните можности што ги нуди, постојат и низа потенцијални опасности што се кријат доколку интернетот не се употребува правилно и со доза на претпазливост.

Имено, лесната достапност на содржини на интернет, често се користи за постигнување на разни цели и задоволување на интереси кои не секогаш се чесни и безопасни.

Таквите цели може да бидат: остварување на профит, ширење на пропаганда, ширење на лажни вести, мобилизацијата за радикални цели, сајбер-малтретирање и многу други. Денес преку феноменот „Интернет на нештата“ (или интернет на се) интернетот е достапен на повеќе уреди. Тоа, заедно со поевтинување на цената на услугата и зголемување на удобноста влијае интернетот да се користи на повеќе места и во движење. Како резултат на тоа, денес младите може да користат интернет од дома, на училиште, кај другари, додека се движат и сл. Ваквата можност подобрува комодитетот, но ја зголемува и опасноста.

Проблемот со безбедноста и опасностите од користењето на интернетот доаѓаат од фактот што основната идеја на интернетот не е безбедноста. Интернетот е направен за комуникација и за поинакви иновативни цели и подобрување на комодитетот.[60]

Наједноставно кажано, често се откажуваме од приватноста, а со тоа и слободата за услуга (независно дали станува збор за користење на платформа за комуникација, видео-игри и сл.). Оттука, изворот на опасноста преку интернет секојдневно расте и се зголемува. Ризикот кај младите од интернетот првично извира од ниското ниво на свест за опасностите кои може да ги демнат преку користење на интернетот.

[59] **Водич за сајбер безбедност на деца во домот и училиштето**. Центар за истражување и креирање на политики. Преземено од https://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/mk-final-1.pdf.

[60] Хаџи-Јанев, М., Богданоски, М., & Цеков, А. **Употреба на образованието во спречување на онлајн радикализација**. Преземено од https://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/mk-final-1.pdf, пристапено на 05.04.2024.

На пример, младите за да добијат услуга често споделуваат податоци и откриваат лични информации кои подоцна може да се искористат за други цели. Ефектите кои може да се предизвикаат преку интернетот може да бидат опасни не само врз нив, туку и врз други луѓе.

Податоците во дигиталниот свет остануваат засекогаш. Затоа, младите треба да бидат информирани за тоа кој сè може да ги види нивните објави, кои информации не смеат да ги споделуваат на интернет, особено не со непознати лица.

Ова е особено важно бидејќи преку можноста за креирање на лажни профили и прикривање на вистинскиот идентитет, младите можат да бидат доведени во заблуда и да откријат лични информации и податоци на непознати луѓе. Овие податоци, покрај за истото, во негативен контекст се користат и за онлајн радикализација.

Секоја ѕвезда што сјае има своја слаба страна, така и моќта на компјутерите и интернетот покрај огромните предности има и свој негативни страни, кои им овозможуваат на „вештите“ лица, да ја злоупотребат таа моќ за злонамерни цели, знаејќи дека можноста да бидат откриени и санкционирани зависи од моќта, знаењето и вештините на човекот, како и моќта, вештините и знаењето на органите на прогон.[61]

Врсничкото насилство без физичко присуство обично се вбројува под категоријата сајбер насилство, бидејќи се користат електронски средства за нанесување емоционална штета. Во оваа прилика би сакале да ги разгледаме најчестите форми на сајбер насилството и како најдобро би можеле родителите соодветно да реагираат.

**Сајбер-малтретирањето** е форма на малтретирање или вознемирување со користење на електронски средства. Станува сè почеста појава, особено кај тинејџерите и адолесцентите, поради напредокот на комуникациската технологија и зголемената употреба на таквите технологии од страна на младите.[62] Сајбер-насилство е вербално заканувачки или вознемирувачко однесување спроведено преку таква електронска технологија како што се мобилни телефони, е-пошта, социјални медиуми (Instagram, Facebook, Twitter, TikTok, Snapchat, Telegram, Viber, Whatsapp) или текстуални пораки и онлајн игри. Сајбер-малтретирањето се случува кога некој користи технологија за понижување, нанесување штета или болка на друго лице. Тоа е „намерна и повеќекратна штета нанесена преку употреба на компјутери, мобилни телефони и други електронски уреди“.

---

[61] Јакимов, Ј. (2010). **Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на РМ**. Скопје: Факултет за безбедност.

[62] „Cyberstalking“. Преземено од https://en.m.wikipedia.org/wiki/Cyberstalking, пристапено на 01.02.2024.

Сторителите ги малтретираат жртвите во која било онлајн поставка, вклучително и социјални медиуми, видео или компјутерски игри, табли за дискусија или текстуални пораки на мобилни уреди.

Сајбер- насилството може да се случи секаде и може да му се случи на секому, податоците од истражувачкиот центар за сајбер-малтретирање сугерираат дека околу 1 од секои 4 тинејџери доживеал сајбер-малтретирање, а околу 1 од 6 бил сторител.[63]

Како што напредува технологијата, така се зголемуваат и можностите за поврзување со луѓе – но, намалувањето на бариерите помеѓу луѓето не е секогаш добра работа, особено за младите.

За фаталните последици од интернет насилството примери можат да се сретнат и во медиумите:*„12-годишна девојка од Флорида е пронајдена мртва откако насилниците рекле „убиј се“*[64]

### 1.6.1. Сајбер демнење

Овој вид на онлајн врсничко насилство е кога жртвата константно се следи преку социјалните мрежи, и ѝ се испраќаат најразлични пораки или реакции на snap/story во форма на закани, навреди или полу-вистини. Преземање на одредени фотографии на жртвата и истите дигитално можат да се менуваат и се користат за дополнително омаловажување.

Многу млади кои вршат врсничко насилство ја користат оваа форма бидејќи се чувствуваат недопирливи и мислат дека нема реални последици доколку насилството се врши по дигитален пат.

**Младите силеџии често креираат лажни профили и преку нив ја напаѓаат жртвата**. Врсничко насилство кое се прави онлајн знае да премине во вистински спектакл и драма од епски пропорции, особено откако ќе се креираат одредени „трач“ групи кои се специјализираат во напаѓање индивидуални млади.

---

[63] **CN Stop Bullying Cyber Bullying Report**. Преземено од https://i.cartoonnetwork.com/stop-bullying/pdfs/CN_Stop_Bullying_Cyber_Bullying_Report_9.30.20.pdf, пристапено на 02.03.2024.

[64] „Girl, 12, commits suicide after bullies said 'go kill yourself'“. Los Angeles Times. Преземено од latimes.com, пристапено на 10.02.2024 - 12 годишната девојка си го одземала својот живот скокајќи од цементарница висока 18 метра, како причина се наведува дека поранешните нејзини пријателки започнале физички и психички да ја малтретираат, а во текот на истрагата на нејзиниот телефон забележани биле пораки во кои и се порачува да се убие.

### 1.6.2. Анонимно и лажно претставување

Многу училишта имаат проблеми со вакви трач групи преку социјалната мрежа Instagram. Обично, еден ученик ќе направи група која ќе ја наслови по името на училиштето во кое учи и потоа ќе привлече стотици ученици кои оставаат анонимни пораки. Овие пораки знаат да бидат исклучително невкусни и да навредуваат и омаловажуваат млади на запрепастувачки суров начин.

За да бидат работите уште полоши, многу ученици прават сликање на екран, па истите ги споделуваат со жртвата која е предмет на исмејување, со што дополнително се разгорува состојбата.

Често, ученикот кој е жртва на вакво насилство кој би можел да ги пишува лошите работи и, во многу ситуации е и дете ќе започне слична кампања на социјалните мрежи. На овој начин, и жртвата станува силеџија, па насилниот круг зазема уште подлабока димензија.

Како уште една форма на лажно претставување се смета и **Catfishing**! Во оваа ситуација, детето кое врши врсничко насилство презема неколку фотографии од жртвата и потоа прави профил на социјални мрежи и се претставува како жртвата или за да извлечат одредени информации или пак за да го нарушат кредибилитетот на жртвата.[65]

### 1.6.3. Издавање, измама, имитирање и уценување

**Outing, Trickery и Fraping** се три добро познати форми на сајбер малтретирање. Под **outing** се подразбира намерно и јавно поставување чувствителни, приватни или срамни податоци од едно младо лице на други млади или во различни групи. Младите се доверуваат или испраќаат одредени проблематични податоци или слики на други, па потоа се прави скриншот/видеа од истите за да се проследуваат на трети лица.

Тука стапува на сила уште една форма на сајбер насилство – **Trickery** е форма на измама каде детето насилник се „спријателува“ со жртвата само за да извлече одредени работи кои подоцна можат да се искористат за ескалација на врсничкото насилство.

Од друга страна, имитирањето, или **frapping** е кога едно дете ќе влезе во акаунт на друго дете и ќе започне кампања од постирање несоодветни содржини на сите пријатели и следбеници. Може да се срамотни изјави, навредувања, или линкови до несоодветни содржини.[66]

---

[65] Јованчевски, М. (2023). „Ит.мк“. Преземено од https://it.mk/s/tlw3b, пристапено на 10.03.2024.
[66] „Што е сајбер врсничко насилство и како да се справиме со него“. Преземено од https://doublehope.mk/ пристапено на 04.02.2024.

Како една од најлошите форми на сајбер насилство е онлајн уцена каде, на пример, се користат компромитирачки фотографии од жртвата и се бараат бескрупулозни услуги; доколку детето не се согласи да го направи тоа што се бара, насилникот се заканува дека ќе ги испрати фотографиите на други лица.

За да заканата има тежина, се испраќа една фотографија на близок другар на жртвата, а останатите се чуваат како резерва за понатамошна уцена.[67]

Постојат многу варијации на дефиницијата, како што е поконкретната дефиниција на Националниот совет за спречување на криминалот на Нигерија[68]: „процесот на користење на Интернет, мобилни телефони или други уреди за испраќање или објавување текст или слики наменети да повредат или посрамотат друго лице“.

**Cyberstalking** (сајбер-демнење) - е форма на онлајн вознемирување во кое сторителот користи електронски комуникации за да ја следи жртвата. Ова се смета за поопасно од другите форми на сајбер-малтретирање бидејќи генерално вклучува веродостојна закана за безбедноста на жртвата.

Сајбер-демначи може да испраќаат повеќекратни пораки наменети да се закануваат или вознемируваат, а тие може да ги охрабрат другите да го сторат истото, или експлицитно или преку имитирање на нивната жртва и барајќи од другите да контактираат со нив. Ова може да вклучува пронаоѓање на локацијата на жртвите, нивно вознемирување со спам или користење секс торба.[69]

Сајбер-малтретирањето е слично на традиционалното малтретирање, со некои забележителни разлики.

- Жртвите на сајбер малтретирање можеби не го знаат идентитетот на својот насилник или зошто насилникот ги таргетира, врз основа на онлајн природата на интеракцијата.
- Вознемирувањето може да има широки ефекти врз жртвата, бидејќи содржината што се користи за вознемирување на жртвата може лесно да се шири и сподели меѓу многу луѓе и често останува достапна долго по првичниот инцидент.

[67] „Што е сајбер врсничко насилство и како најдобро да го заштитите вашето дете од оваа форма на малтретирање“. Преземено од https://it.mk/shto-e-sajber-vrsnichko-nasilstvo-i-kako-najdobro-da-go-zashtitite-vasheto-dete-od-ovaa-forma-na-maltretirane/, пристапено на 04.02.2024.
[68] „Cyberbullying in Nigeria: Examining the Adequacy of Legal Responses“. *International Journal for the Semiotics of Law - Revue internationale de Sémiotique juridique*. Преземено од https://link.springer.com/article/10.1007/s11196-023-10034-7, пристепено на 15.01.2024.
[69] „Stalking“. Преземено од https://en.m.wikipedia.org/wiki/Stalking, пристапено на 15.01.2024.

Интернет троловите намерно се обидуваат да ги испровоцираат или навредат другите за да предизвикаат реакција. Троловите и сајбер-извршителите на насилство не секогаш имаат исти цели: додека некои тролови се впуштаат во сајбер-малтретирање, други може да бидат вклучени во релативно безопасни зла.

Тролот може да биде вознемирувачки или поради сопствената забава или затоа што тие се навистина борбена личност. Тролирањето може да вклучува навреди, лажни вести или во овој случај, терористички закани.

### 1.6.4. Реакциите на омраза („хејт напади“ или „рации на омраза“)

Овие рации вклучуваат масовно испраќање на пораки, коментари или објави полни со омраза, кои често се расистички, сексистички, хомофобични или насочени кон други малцински групи. Главната цел на овие напади е да се предизвика страв, анксиозност и социјална изолација кај целта. Ова го спречува стримерот да го изврши нивниот пренос. Овие гледачи се обично автоматизирани ботови, што го отежнува моделирањето и блокирањето.

### 1.6.5. Спам

Спамирањето е чин на креирање на повеќе сметки и масовно испраќање пораки до целта. Честа ситуација каде што може да се појави спам е после раскинување. Ако едниот партнер е опсесивен, тие може да ги испраќаат своите бивши пораки на повеќе платформи. Ова често се случува и покрај тоа што е блокиран од примачот.

Во текстот: *Што може да направи полицијата за вознемирувачките текстови? Се* вели: „Имајте на ум дека вознемирувањето од секаков вид е незаконско и вклучува лично, преку телефон, преку текстуални пораки, преку социјалните медиуми или кој било друг метод. Постојат некои закони за сајбер-малтретирањето кои се дизајнирани да ја заштитат јавноста од ова се случува“. Лажно претставување е чин на преправање дека сте друга личност.

Ако сторителот се преправа дека е жртва, тој може да каже или направи работи за да му наштети на угледот на жртвата. Ова може да вклучува хакирање на сметка на Твитер и ширење дезинформации.

*Еден познат пример во медиумите е кога Твитер профилот на Sony Music беше хакиран и ја објави следнава изјава:„ Бритни Спирс е случајно мртва! ќе ви кажеме повеќе наскоро. #RIPBRITNEY“. - Спирс, всушност, бил жива и здрава.*

### 1.6.6. Сексуално вознемирување преку Интернет

Сексуалното вознемирување преку Интернет се смета за форма на сајбер малтретирање. Секторцијата, форма на сексуално вознемирување, е чин на принудување на лице да споделува интимни слики пред да се закани дека ќе ги објави доколку не се платат пари. Тоа е специфичен вид на уцена. Границата помеѓу сексуалното вознемирување и сајбер-малтретирањето е нејасна. Некои млади ќе ги уценуваат своите соученици за непристојни слики и видеа, заканувајќи се дека ќе ги објават на веб страни.

Сексуалното вознемирување вклучува:

- Несакани сексуални пораки: испраќање на експлицитни пораки или слики на некој без согласност.
- Ширење на приватни или компромитирачки слики: објавување на интимни слики или видео снимки без дозвола, често наречено „одмаздничка порнографија“.
- Тролење со сексуални коментари: навредливи коментари со сексуална конотација на јавни објави или профили.
- Сексуално уценување (секструција): заканување со објавување на интимни содржини или барање пари/услуги во замена за тишина.
- Лажни профили и измама: користење на лажни идентитети за да се стекне доверба, а потоа и манипулација со жртвата за интимни содржини.

Последиците од онлајн сексуалното вознемирување можат да бидат сериозни, предизвикувајќи емоционална болка, анксиозност, срам, па дури и депресија кај жртвите. Во многу земји, ваквите активности се криминализирани со закон, и постојат организации и алатки кои помагаат во заштитата на луѓето од ова вознемирување.

*Такви примери може да се сретнат и во медиумите:*

*Ова беше случај кога 16-годишен ученик од средното училиште WF West во Чехалис експлоатираше повеќе од 100 жртви, од кои многумина беа негови соученици. Тој поседувал над 900 фотографии и видеа на жртви.*[70]

[70] „Според конвенцијата за компјутерски криминал донесена од Советот на Европа на 23.11 во Будимпешта со цел водење на земјите потписнички по овој документ за заедничка политика кон заштитата на општеството од компјутерскиот криминал, во делот на препораки за Дела поврзани со детската порнографија наведено е „инкриминирање, односно предвидување како кривични дела со следните криминални дејствија: произведување детска порнографија чија цел е продавање, пренесување и дистрибуција преку компјутерски систем, набавка на содржина со детска порнографија преку компјутерски систем, или поседување на детска порнографија во компјутерски систем или во медиум кој

*Злоупотреба на 16 годишен ученик во Средно училиште преку платформата Facebook била извршена на следниов начин:*

*Бил додаден од непознат профил со женски иницијали и фотографии, истиот го прифатил барањето за пријателство и започнал контакт со непознатиот профил, во текот на разговорот било побарано да оствари видео контакт со профилот каде би прикажале содржина од делови од нивното тело, за целата ситуација да изгледа поубедлива непознатиот профил заѕвонил на видео разговор при што вклучил видео од девојка од веб-сајт за возрасни.*

*16 годишникот поверува на целата ситуација и прикажува делови од своето тело, после неколку секунди видео разговорот се прекинува.*

*Непознатиот профил испраќа заканувачка порака: „извршете уплата на оваа трансакциска сметка во спротивно ќе ги испратиме видео материјалите на вашите пријатели, ќе ги споделиме на веб страници“.*

*16 годишникот останува присебен и не постапува по заканите, истиот наведува дека случајот ќе го пријави во полициска станица по што заканите престануваат и профилот е избришан.*[71]

служи за чување на податоци“- Јакимов Ј., Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на РМ Скопје 2010 Факултет за Безбедност

[71] Локален младински совет Охрид. - *Анонимен прашалник во рамки на проектот „Заштити се себеси, кажи не на насилството“*. - УНДП – спроведен во период 01.01.2024 – 15.01.2024

# II. Глава Насилно однесување помеѓу младите: одредени причини и карактеристики на сторителите и на жртвите

## 2. Одредени причини за насилно однесување на младите кон своите врсници.

Агресивното однесување и насилствата кои се манифестирани од страна на младите е загрижувачка појава во сите современи општества во светот. Се повеќе е зголемен ризикот од вклучување на младите во различни недозволени и непосакувани девијантни и агресивни однесувања. Според теориите на насилство, причините и порастот на оваа неприфатлива форма на однесување кај младите се разликуваат од држава до држава, но како најзначајни фактори на ризик во повеќето држави се вбројуваат: распаѓање на семејствата, општествено-економски и политички превирања, трансформација на капиталот, ритамот и темпото на живот, насилство на ТВ-програмите, трговијата со луѓе и со дрога, формирањето на криминални банди како и неадекватната и неблаговремена реакција и отсуството на координација помеѓу надлежните институции.

Како посебни причини или фактори кои влијаат на агресивното однесување на младите кон своите врсници може да ги наведеме:

**Аномијата во општеството – претставува општествена состојба на отсуство на јасно дефинирани, прифатени и споделувани правила на однесувања и обично се јавува за време на нагли општествени промени и кризи.** Во традиционалните општества правилата биле добро познати и широко прифатени. Како што растело општеството, тоа станува се похетерогено и доживува брза општествена промена па така општествените норми може да станат нејасни и повеќе да не можат да се применуваат во постојаните услови.[72]

Живееме во општество во кое главна цел е личниот интерес и профит, а се занемаруваат интересите на заедницата во кое не е важно како, на кои начин се станува успешен, богат и моќен, што,  влијае врз однесувањето на младите. Младите се сведоци дека голем е бројот на луѓе кај кои брзиот пат до богатство и моќта не е условен од способност, трудољубивост и слични вредности, туку од сомнителни активности. Такви и слични услови го отежнуваат процесот на социјализацијата. Со насилното однесување некои млади се обидуваат да дојдат до моќ и углед и да приграбат мала материјална корист, пример искористување на врсниците за плаќање на пијалак, превоз или слично.

**Влијание на опкружувањето и околината врз насилните однесувања на младите**, односно влијание на врсниците и возрасните врз појавата на насилно однесување кај младите.

[72] Герасимоски, С., Бачановиќ, О., & Аслимоски, П. (2019). *Социјална патологија*. Скопје, стр. 85.

Односно дружење со деца со деликвентно и антисоцијално однесување, неорганизирано користење на слободното време во простории за забава, угостителски објекти, коцкарници, каде се изложени на голем број негативни влијанија кои придонесуваат за девијантното однесување.

- **Сиромаштијата или социјалните разлики** влијаат врз создавањето на неповолна психосоцијална клима во училиштата и општеството. Постои опасност од групирање на младите по групи врз имотна основа. Низок степен на економски развој и несигурна и небезбедна заедница на живеење, ризици поврзани со недоволна ангажираност на училиштето и воспитно образовниот процес.

**Комерцијализација на слободното време** – во социјализмот постоеле многу бројни форми на организирање и активности за младите (пионерски, спортски културни и други). Кои беа достапни за сите. Денес, забавите и спортските и другите активности влегуваат во комерцијалната сфера и дел од нив стануваат помалку достапни особено за младите од посиромашните слоеви.

**Воспитната пасивност** – Во услови на динамични општествени движења и маргинализирање од страна на државата, младите си зедоа слобода на однесување за која државните институции покажуваат незаинтересираност и неможност да ја стават во колосек. Денес најголемиот товар на воспитувањето паѓа на товар на родителите но и тие поради сплет на околности покажуваат знаци на немоќ.

**Насилството во медиумите**, постојано се зголемува понудата на програма со насилна содржина, која се емитува во термин достапен за млади. Особено згрижува насилството во цртани филмови по примерот на Бетмен, Супермен и други кој се прикажува во позитивно светло. Децата и адолесцентите можат да го прифатат насилството како нормално и прифатливо, особено ако некои ликови се претставени како херои. **Агресијата видена на филм,** со малку исклучоци, покажува стимулирачки ефекти врз агресивното однесување. Проучувањето покажува дека насилството во медиумите може да биде причина за деликвентно однесување.[73]

**Меѓуетничка нетолерантност** е значајна причина меѓу учениците од различни етнички заедници. Случувањата во Македонија во изминатите години покажуваат дека етничката припадност е чувствителен елемент од психичкиот живот на младите, но и дека младите лесно се инструментализираат од страна на возрасните.

---

[73] Батиќ, Д., Малетиќ, А. И., Саздовска, М. М., Николовска, С., Шурбановска, О., Мојсоска, С., Мојаноски, Ц., Гогов, Б., & Иванов, А. (2011). *Безбедност во училиштата*. Скопје: Здружение за безбедносни истражувања и едукација, стр. 30.

Охридскиот договор за мир најпрво треба да започне со поткревање на свеста кај младите, односно да се развие потребата и неопходноста на мир и толеранција за да може да добие темелна подлога во другите сегменти од неговата реализација.

Во оваа насока потребни се дополнителни напори за едуцирање на учениците во духот на етничкиот и културниот плурализам. Со екскурзии за запознавање на различните етнички вредности, со музички изведби во кои земаат учество младите од различни култури, со осмислени разговори за вредноста на сличните и на различните вредности училиштето може да направи многу во развивањето на позитивниот пристап кон разликите. Бидејќи тие ученици утре ќе станат возрасни и одговорни граѓани, нивните морални вредности стекнати во школските клупи ќе се изразуваат како дел од културата, како духовен амбиент поволен за позитивен развој на вкупните меѓуетнички односи.

Во таа насока училиштето допрва треба да се афирмира како столб на мировните процеси во општеството.

**Притисок од родителите.** Покрај семејствата кои имаат пречки во нивното функционирање (борба за егзистенција, семејство во кое има насилство, криминал социопатолошки или други слични штетни појави), закана за нормалното однесување на учениците се и родителите од нормалните семејства кои вообичаено за сегашниве прилики поставуваат зголемени барања по однос на успехот кој ученикот објективно не е во состојба да ги задоволи. Општо е познато кога од еден човек се бара да го постигне нешто што не е во домет на неговите способности, тој реагира агресивно. Исто така тука би ја споменал и родителските конфликти, економската положба во семејството, дезорганизацијата на семејството, насилството во семејствотот, употреба на дрога, алкохол, ментални заболувања на родителите.

**Лошо воспоставената комуникација и интеракција помеѓу родителите и децата**, која меѓу другото може да значи и манифестирање на агресивно однесување од страна на родителите. На овој начин, за жал, на децата им се нудат лоши модели за идентификација, со што се придонесува за појавата на насилно однесување кај младите. Луѓето кои не се способни ефективно да комуницираат и решаваат конфликти може да имаат поголема веројатност да прибегнат на насилни методи за решавање на проблемите.

- **Несоодветен наставник** – односно несоодветни однесувања на наставникот, груби однесувања, непрофесионалност и незаинтересираност на наставникот.

Нарушените односи во училиштето или класот придонесуваат ученикот да се чувствува фрустриран или отфрлен, незадоволни и по тие основи да манифестираат агресивност кон своите соученици, наставници и кон средствата што ги опкружуваат. Климата во училиштето, која може да биде позитивна и негативна, значајно влијае врз зачестеноста на малтретирањето и злоупотребата.

Повисока застапеност на малтретирањето е забележана во ситуации кога наставникот не реагира соодветно и навремено, кога релацијата помеѓу наставникот и младите е нефункционална и/или нарушена, односно кога недостасува поддршка од страна на наставникот и кога постои недоволна вклученост во училишните активности. Воедно, самите млади покажуваат помала подготвеност да пријават малтретирање во училиштето, доколку ја перципираат училишната клима како негативна.[74]

Покрај наведените, како ризични фактори дополнително се наведуваат: [75]

- **генетските или биолошките** (перинатална траума, невротоксичност во бременоста, алкохолот и дрогата кај мајката), како и когнетивниот дефицит, односно малата тежина при породувањето која доаѓа поради економската положба на мајката, лошата исхрана и не користење на здравствена заштита за време на бременоста.
- **Животните вештини**, како на пример недостаток на самоконтрола или психолошки проблеми, отфрлање на општо прифатените вредности, училишен неуспех, антисоцијални однесувања (лажење, агресија, кражба).
- **Историја на насилство**: Луѓето кои веќе биле жртви на насилство или семејството има историја на насилство може да имаат поголем ризик за учество во врсничко насилство
- **Злоупотреба на алкохол и droги**: Употребата на алкохол и дроги може да ја зголеми веројатноста за насилно однесување.
- **Психолошки и емоционални фактори**: Проблеми со самопочит, ниското самооценување, депресија и агресивност може да го зголемат ризикот за врсничко насилство.

За успешна превенција и справување со врсничкото насилство, важно е да се разбере комплексноста на овие фактори и да се работи на нивното намалување или управување со нив.

[74] Swearer, S. M., & Hymel, S. (2015). *Bullying in North American Schools*.
[75] Димитријоска, С. (2009). *Деца и млади во ризик – мерки на помош и заштита*. Во *Малолетничка правда – од идеја до практика* (стр. 136-140). Факултет за безбедност, Скопје.

Во однос на факторите кои потекнуваат од самиот поединец, истражувањата покажуваат дека малтретирањето е најчесто поврзано со бесчувствителност, нагласена маскулиност, психопатски тенденции, антисоцијални црти на личност, проблеми во однесувањето, потпаѓање под врснички притисок, анксиозност и депресивност.

Сепак, најновите истражувања посочуваат дека помеѓу оние кои вршат насилство или малтретираат има и поединци со висока социјална интелигенција и висок социјален статус (т.е. лица кои се популарни во групата), при што истражувачите прават разлика помеѓу социјално интегрирани и социјално маргинализирани извршители на насилство[76].

## 2.1. Карактеристика на жртвите

Жртвите најчесто се повлечени, срамежливи, ненасилни, тажни, бараат заштита од родителите или од другите посилни, телесно се послаби од извршителите на насилство, плашливи и несигурни. Жртви се на потсмевање, омаловажување, но често и ги туркаат, удираат, им ги земаат работите. Жртвите често се плашат да одат во училиште.

Во литературата се споменува дека младите-жртви на насилство би можеле да се опишат како срамежливи, анксиозни и внимателни, млади што се повлекуваат кога се нападнати.

Детето кое е жртва на врсничко насилство знае да биде исклучително разочарано, тажно и незаинтересирано за наставата. Полека, но сигурно, жртвите стануваат несигурни, избегнуваат одење на училиште и дружење со соучениците. Се јавуваат знаци на (само)повредување, потешко спијат и немаат апетит.

Покрај одбивање да се учествува во разни активности, жртвите или ја отфрлаат употребата на мобилниот телефон или пак целосно се посветуваат на одредена форма на интерактивна забава, како филмови или видео игри (како најблага верзија за бегство од реалноста).

Во голем дел ситуации, детето кое е жртва на врсничко насилство ја доживува ситуацијата или како екстремно срамна или како финална, безизлезна ситуација. Поради тоа, детето има голем проблем за отворање, особено на наставник кој не го чувствува како близок (нема шанси тој да ми помогне) или спрема родители од кои доживува страв да не ги разочара или да не биде скарано.

[76] Swearer, S. M., & Hymel, S. (2015). *Bullying in North American Schools*.

Оној кој сака, не може, а да не ги забележи знаците, независно дали се работи за наставник или родител. Откако ќе се забележи дека нешто не е во ред, следниот чекор е разговор и (ин)директно охрабрување детето да се отвори, при што се објаснува дека независно од ситуацијата, решение може да се најде. Во овој момент сеуште не се знае дали проблемот е врсничко насилство или нешто сосема друго и потребна е меѓусебна координација помеѓу родителот и наставникот.

Има мал број на жртви кои истовремено се и жртва и извршители на насилство. Станува збор за т.н. провокатори жртви.[77]

## 2.2. Карактеристики на извршителите на насилство

Заеднички својства за сите извршители на насилство е тоа што физички или вербално ги малтретираат другите, бараат внимание, сакаат да ги задоволат своите желби. Карактеристично е тоа што се насилни се и кон возрасните, физички се појаки од жртвата, сакаат да контролираат и доминираат над другите, немаат сочувство за жртвата, склони се кон лажење, и не можат/не сакаат да прифатат одговорност. За нив постои голема веројатност дека подоцна ќе го манифестираат криминалното однесување. [78]

Истражување во Норвешка вели близу 60% на оние кој се означени како извршителите на насилство од 6 до 9 одделение, барем еднаш се осудени до својата 24 година, од нив 35-40% осудени се по три до четири пати.[79]

Поранешните истражувања во главно се фокусирале на физичкото насилство и агресивното однесување на момчињата во училиштето. Ова може да се објасни врз основа на тоа што на училишниот кадар и родителите им беше полесно да го идентификуваат физичкото насилство меѓутоа и поради одредени стереотипи кои постојат во поглед на тоа дека насилничкиот образец на однесување е карактеристичен исклучиво за момчињата.

[77] Батиќ, Д., Малетиќ, А., Саздовска, М. М., Николовска, С., Шурвановска, О., Мојсоска, С., Мојаноски, Ц., Гогов, Б., & Иванов, А. (2011). *Безбедност во училиштата*. Скопје: Здружение за безбедносни истражувања и едукација. 33 стр.

[78] Шурбановска, О. (2007) *Годишен зборник: Агресивно однесување во училиштата* (стр. 196-197). Филозофски факултет, Скопје.

[79] Батиќ, Д., Малетиќ, А., Саздовска, М. М., Николовска, С., Шурвановска, О., Мојсоска, С., Мојаноски, Ц., Гогов, Б., & Иванов, А. (2011). Безбедност во училиштата. Скопје 2011 Здружение за безбедносни истражувања и едукација. 32 стр.

Сепак резултатите од истражувањата за училишното насилство во последните две декади укажуваат дека и девојчињата се појавуваат како лица кои вршат насилство но пред се користат поинакви облици на насилство, како што е вербалното и психолошкото.[80] Младите кои вршат врсничко насилство, најчесто имаат позитивен став спрема насилството и се убедени дека сите конфликти можат да ги решат на тој начин.

Таквиот став може да биде последица од „учење по модел“ – во кругот на семејството или, едноставно, социјалното опкружување во кое детето расте или, пак, има доживеано искуства со претрпено насилство во семејството или во врсничката група. Во пракса, многу често може да се слушне од младите кој се извршители на насилство дека и тие, исто така, некогаш биле жртва на насилство. Постојат различни варијации/примери.

Младите со насилничко однесување не значи дека се жртви на семејно насилство и не мора да значи дека нивните родители или било кои други возрасни лица им се модели за однесувањето. Тие можат да земаат пример од свои врсници кои насилно се однесуваат, мислејќи дека го земаат совршениот пример за однесување во секојдневието и го прифаќаат како таков.

Младите кои се чувствуваат сигурни и поддржани од семејството, училиштето и врсниците имаат помала веројатност да малтретираат. Сепак, некои млади немаат ваков тип на поддршка. Секој поединец е уникатен и има многу фактори кои можат да придонесат за малтретирање. Младиот што малтретира може да доживее еден, неколку или ниту еден од овие фактори кои придонесуваат. Генерално, како заеднички карактеристики на младите кои манифестираат насилно однесување можат да се издвојат следниве:

- имаат потреба за доминација над другите;
- ги искористуваат другите за да го добијат посакуваното;
- фокусирани се исклучиво на своите желби, потреби и задоволства, отсуство на емпатија;
- применуваат насилство врз врсниците кога возрасните не се во близина;
- не сакаат да преземат одговорност за своето однесување
- немаат способност да ги предвидат и разберат последиците од нивното однесување;

[80] Јованова Н. Превенција на насилството меѓу децата во училиштата - Зборник на трудови Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на РМ Скопје (2010) - Факултет за Безбедност

- „Жедни се“ за внимание[81]
- ги кршат законите (кражби, вандализам), учествуваат во тепачки и склони се кон авто деструктивни појави: алкохолизам, дрога и сл.;
- имаат проблеми со училиштето, не ги почитуваат училишните правила, бегаат од училиште, имаат слаб училишен успех, препишуваат на тестови и имаат слаба мотивираност за учење.

Овие карактеристики укажуваат на појава на антисоцијално однесување, но тоа не значи дека истите се социјално изолирани. Напротив, тие пронаоѓаат пријатели со слични особини кои добиваат поддршка за антисоцијалното однесување.[82]

## 2.3. Влијание на окружувањето врз појавата на насилството

Речиси сите истражувачи на малолетничката деликвенција укажуваат на тесната врска меѓу предделиквентно и деликвентно однесување. Бегањето од часови, слабите оценки, проблематичното однесување во училиште, се смета како сигурен симптом за подоцнежно деликвентно однесување. Критичен период кај младите е периодот од 12 до 14 годишна возраст и се опишува како период на брзо физичко растење, нагли физиолошки промени, развивање на секундарни сексуални карактеристики, зголемена емоционална нерамнотежа, намалување на успешноста во емоционалното приспособување, враќање на стари конфликти, интерес за светот на возрасните, појава на деликвентни облици на однесување, интензивен емоционален живот. Најчесто во училиштата се среќаваме со физичко насилство, во форма на сериозно повредување па дури и убиство, а на физичкото насилство обично му претходи долготрајно емоционално насилство, во форма на заканување, отфрлување, навредување, барање на подреденост, како и исклучување од групата, озборување и сл.

Насилството помеѓу младите на иста или приближна возраст обично не е под контрола на наставниците и други возрасни лица. Така што кога ќе се случи насилството, вработените во училиштата се изненадени и се чувствуваат беспомошно. Во училиштата, репертоарот на агресивното однесување на младите се проширува, па често станува и посуптилен.

Тоа може да се манифестира на различни начини: тепачки помеѓу млади, тероризирање на одделението, озборување, клеветење и друго.

[81] Florin. (2008). *Bullying and Victimization in Schools* стр. 662-663
[82] Buljan-Flander, G., & Karlović, D. (2005). *Emotional Abuse and Bullying in Children* стр. 160-161.

Затоа, прашањето кое се поставува пред родителите, наставниците, директорите на училиштата и пошироката јавност е: Како училиштето да обезбеди заштита на учениците од негативните влијанија на безбедносните ризици? Решенијата во овој дел треба да се бараат во комуникација помеѓу родители, наставници и ученици. Родителите и наставниците се столбовите кои треба да ја понесат одговорноста и активноста во насока на градење на здрави социјални и психолошки битија.

**Насилни семејства**: Децата кои растат во семејства каде што постои насилство (физичко, емоционално, или вербално) имаат поголеми шанси и самите да развијат насилно однесување.

Запоставување или злоупотреба: Запоставените деца или оние кои се жртви на злоупотреба може да развијат агресивност како форма на одбрана или како реакција на емоционалната болка што ја чувствуваат.

Кога немаат соодветен надзор или емоционална поддршка од родителите, децата може да бидат изложени на влијанието на негативни врсници и да развијат насилни тенденции.

**Притисок од врсници**: Во младешките години, врсничкиот притисок може да има значително влијание врз однесувањето на поединецот. Ако групата пријатели промовира агресија или насилно однесување како начин за стекнување моќ или прифаќање, тоа може да го поттикне лицето да ги следи овие модели.

**Булинг и малтретирање**: Децата кои се изложени на булинг во училиште или во заедницата, особено ако институциите не преземаат мерки за заштита, може да реагираат со насилство.

**Недостаток на институционална поддршка**: Во сиромашни или занемарени заедници, недостатокот на институционална поддршка (полиција, социјални служби, програми за млади) може да доведе до зголемено насилство.

Општествени норми и ставови: Во култури или општества каде што насилството се прифаќа како начин за докажување на мажественост или добивање моќ, тоа може да биде поттикнато од локалните вредности и традиции.

Нестабилни политички ситуации: Во земји или региони со политичка нестабилност или воени конфликти, насилството може да биде често прифатено како начин за решавање на спорови. Животот во такво окружување може да го зголеми нивото на насилство во секојдневниот живот на луѓето.

Неправеден правен систем: Во општества каде што правосудниот систем е неправеден или корумпиран, луѓето може да прибегнуваат кон насилство како начин за решавање на конфликти или постигнување на правдата.

## 2.4. Влијание на насилството врз младите

Некои млади се директно повредени од насилството, но сите млади страдаат физички и емоционално ако се изложени на насилство, дури и доколку се само сведоци на насилството.

Една последица е стравот кој е зголемен кога младите слушаат за насилство или гледаат извештај во медиумите. На младите им е потребна помош за нивните чувства.

Ако тие не се способни да ги истражуваат и да ги изразат нивните чувства, тие чувства остануваат скриени внатре во нив. Без помош и поддршка на возрасен, младите не можат да разберат што се случува. Еден од начините на кој можат да ги надминат нивните стравови е со играњето, на пример да ги одглумат насилните сцени. Но, проблемот е во тоа што просветните работници во училиштата ќе дозволат ли младите да одглумат насилна сцена.[83]

Младите кои се жртви на насилство може да доживеат пост трауматичен стрес синдром, кој често поминува непрепознаен. Без помош, водење или барем поддршка. Детските претпоставки за светот може да станат нарушени и да ги доведат во позиција да продолжат со конфликтот и насилството во наредните генерации.[84]

Младите-жртви на врсничко насилство обично патат од чувство на страв, тешкотија и фрустрации кои често прават да се чувствуваат беспомошно, незаштитено и осамено. За некои млади ваквите искуства можат да бидат крајно повредувачки и на тој начин би можеле да се соочат со посттрауматски стрес кој би се пролонгирал.

Секоја форма на малтретирање може негативно да влијае на благосостојбата на жртвата, како во моментот кога ќе се случи малтретирањето, така и во иднина. Психолошките истражувања сугерираат дека жртвата на сајбер насилство го зголемува стресот и може да резултира со симптоми на анксиозност и депресија. Некои студии откриваат дека анксиозноста и депресијата ја зголемуваат веројатноста адолесцентите да станат жртви на сајбер-малтретирање.

---

[83] Батиќ, Д., Малетиќ, А., Саздовска, М. М., Николовска, С., Шурвановска, О., Мојсоска, С., Мојаноски, Ц., Гогов, Б., & Иванов, А. (2011). *Безбедност во училиштата*. Скопје: Здружение за безбедносни истражувања и едукација.

[84] **Connolly, J., Hayden, M., & Levin, K.** "The Development of Relational Aggression in Children and Adolescents." *The Handbook of Aggression* (стр. 491-508). **2007**

Младите-жртви на врсничко насилство обично се преплавени со интензивно чувство на срам и страв, фрустрации што често им прават да се чувствуваат беспомошно, незаштитено и осамено.[85]

Исто така, може да предизвика образовна штета, што ќе влијае на присуството или академските перформанси на ученикот, особено кога малтретирањето се случува и на интернет и на училиште или кога ученикот треба да се соочи со својот онлајн насилник во училницата.

Младите и тинејџерите може да се потпрат на негативни механизми за справување, како што е употребата на супстанции, за да се справат со стресот од сајбер-малтретирањето. Во екстремни случаи, младите и тинејџерите може да се борат со самоповредување или самоубиствени идеи.

Млади кои се малтретирани може да доживеат негативни физички, социјални, емоционални, академски и ментални здравствени проблеми. Тие имаат поголема веројатност да искусат:

- Депресија и анксиозност, зголемено чувство на тага и осаменост, промени во режимот на спиење и исхрана и губење на интерес за активностите во кои уживале. Овие проблеми може да продолжат и во зрелоста.
- Здравствени проблеми
- Намалени академски достигнувања, односно поголема е веројатноста да го пропуштат, прескокнат или да го напуштат училиштето.[86]
- Збирот од емоции кои овие млади ги доживуваат е изразито токсичен за нивната психолошка добросостојба. Ваквите емоции можат да прераснат во состојба на токсичен срам што го поддржува чувството на беспомошност во однос на однесувањето со другите врсници, па така овие млади веруваат дека ниту повозрасните не би можеле да им помогнат.
- Секој млад човек чувствува основна психолошка потреба дека треба да се чувствува поврзано со блиските, да биде прифатено и сигурно во околината во која што живее. Тука е и потребата за способност да влијае врз луѓето што го опкружуваат – сака да се чувствува дека е важен, забележан и успешен во однос на своите интеракции со другите.

---

[85] Попризова, А. Интервју со училишниот психолог. *Мегуврсничкото насилство во училиштата како одраз на општеството*. Достапно на: https://portret.digital/meguvrsnichkoto-nasilstvo-vo-uchilishtata-kako-odraz-na-opshtestvoto/
[86] Wolke, D., & Lereya, T. S. (2015). Long-term effects of bullying. *Archives of Disease in Childhood*, 100(9), 871-872. doi:10.1136/archdischild-2014-307824.

- Кога еден млад човек не може да си ги задоволи ваквите потреби низ вообичаените односи со врсниците, може да избере погрешен пат/начин на деструктивно однесување и приклучување кон лошо друштво (банди, култови и слично).

### 2.5. Врската помеѓу малтретирањето и самоубиството

Медиумските извештаи често го поврзуваат малтретирањето со самоубиството. Сепак, повеќето млади кои се малтретирани немаат мисли за самоубиство или не се впуштаат во самоубиствено однесување. Иако младите кои се малтретирани се изложени на ризик од самоубиство, само малтретирањето не е причина, но за жал во медиумите постојат и случаи на самоубиство поради врсничко насилство.

*Таков е случајот на Фиби Принс*[87]*, таа била 15-годишна девојка од Ирска која се преселила во Масачусетс, САД, каде започнала да посетува средно училиште во 2009 година. По преселбата, таа станала мета на постојано малтретирање од неколку ученици од нејзиното училиште, како во училниците така и преку интернет (сајбер булинг). Малтретирањето се должело на завист и љубомора, откако Фиби започнала кратка романтична врска со популарен ученик од училиштето.*

*Учениците ја нарекувале навредливи имиња, ја малтретирале физички и психички, и ја следеле на интернет со навредливи коментари на социјалните мрежи. Ова малтретирање траело со месеци, а никој од училиштето не презел мерки за да ја заштити Фиби од постојаното малтретирање.*

*На 14 јануари 2010 година, по уште еден ден на интензивно малтретирање во училиштето, Фиби Принс се вратила дома и си го одзела животот. Нејзиното самоубиство го привлече вниманието на јавноста и предизвика огромна дебата за последиците од врсничкото насилство и сајбер булингот. Поради јавниот притисок, неколку ученици кои учествувале во малтретирањето беа обвинети за кривични дела, како малтретирање и заплашување.*

Многу прашања придонесуваат за ризик од самоубиство, вклучувајќи депресија, проблеми дома и историја на траума. Дополнително, одредени групи имаат зголемен ризик од самоубиство, вклучително и американски Индијанци и домородци од Аљаска, азиско-американски, лезбејки, геј, бисексуалци и транс родови млади.

[87] **New York Times**. (2010, March 29). 9 Teenagers Are Charged After Classmate's Suicide.

Овој ризик може дополнително да се зголеми кога овие млади не се поддржани од родители, врсници и училишта.

Силеџиството може да ја влоши ситуацијата без поддршка.[88] Такви примери може да се сретнат и во медиумите:

*Пример: С.Ч. 16 години од Битола заедно со двајца неговите врсници, ученици во средното сообраќајно училиште купиле половен и неисправен автомобил за учење, при што истите го туркале автомобилот по улица. Откако биле сопрени од сообраќаен службеник кој се посомневал дека автомобилот е украден со цел да се распраша, истите го нападнале полицискиот службеник, С. Ч. застанал за да му објасни на полицискиот службеник, но и тој бил претепан од страна на двете лица. С. Ч покрај тешките повреди со кој се стекнал, овој настан во него оставил врежан страв и депресија по што неговото лекување на психијатар продолжило повеќе години.*[89]

Тепачки во училишните дворови, пресметки по часовите, меѓуетнички, или банални за девојка се реалност во нашите училишта. Најчесто, учениците се поделени во групи и владее законот на посилните.

Само посериозните инциденти се пријавуваат во полиција, додека останатите конфликти се расчистуваат меѓу самите ученици.

Такви примери може да се сретнат и во медиумите:

*„Во воз имав тепачка со ученици од АСУЦ поради тоа што сум ги кажувал дека се тепале“, изјави А.А., нападнат ученик.*

За чисти сметки се посегнува и по оружје, а такви примери може да се сретнат и во медиумите:

*Во 2006год во Куманово, за девојка убиен е средношколец од негов соученик*[90].

*Пред три месеци двајца средношколци од скопското електро-техничко училиште добија убоди од нож. Ги ранил пијан соученик.*

*Тепачката меѓу групи средношколци, Македонци и Албанци од струшкото Нико Нестор*[91]*, резултираа со повеќенеделни протести и меѓуетничка нетрпеливост во целиот град. Оружјето како да стана дел од училишниот прибор.*

[88] U.S. Department of Health and Human Services. (2024). Effects of bullying. *StopBullying.gov*. Retrieved January 16, 2024, from https://www.stopbullying.gov/bullying/effects

[89] **Тозија, Ф., Ѓорѓев, Д., & Чичевалиева, С.** (2006). *Извештај за насилство и здравје во РМ и водич за превенција*. Скопје. Пристапено на 15.01.2024.

[90] **Time.mk**. (16.01.2024). Матурантот жали за убиството на врсникот. Достапно на: Time.mk.

[91] **24info.mk**. (16.01.2024). Банална расправија се претворила во убиство во Охрид. Достапно на: 24info.mk.

*Се носи ли оружје на часовите?* [92]*„Само мали ножеви. Порано се носеа, сега не знам“, изјавија учениците.*

Лоша семејна состојба, материјална состојба, семејни недоразбирања, кои, пак, се резултат на случувањата во општеството“, изјавил директор на училиште. Но, процесот на воспитување како да е заборавен во училиштата. Училишните психолози и социолози ја заборавиле функцијата за која се платени. Ретко кога влијаат врз успешно решавање на проблемите на учениците.

Одговорните, инцидентите ги решаваат со ангажирање на приватни агенции за обезбедување. Ситуацијата се смирува, но проблемите остануваат. Од МВР велат, ситуацијата не била загрижувачка, а најмногу инциденти има во Скопје, Куманово и Тетово.

---

[92] **A1on.mk**. (18.01.2024). Еден малолетник дошол со нож во училиштето, а друг со електрошокер. Достапно на: A1on.mk.
**Makfax**. (18.01.2024). Ученик излезен со нож во дворот на училиштето. Достапно на: Makfax.
**Sitel**. (18.01.2024). Родители алармираат дека ученик во скопско основно училиште со нож оди на настава, директорката. Достапно на: Sitel.

# III. Глава Превенција на насилството помеѓу младите

## 3. Превенција на насилство помеѓу младите

Младите како автономни личности имаат свои специфични потреби, но и свои права, што ги одвојува како посебно чувствителна и ранлива група, особено ако се изложени на одредени ризици. Но, иако преку законите за правата на младите се настојува да се осигурат подобри животни услови, грижа и заштита од страна на возрасните/државите во најдобар интерес на младите, сепак факт е дека голем број млади во светот се изложени на опасности кои го загрозуваат нивното растење и развој. Младите се уште се жртви на насилство, експлоатација, различни форми на злоупотреба и разни други повреди на нивните права.[93]

Последиците од врсничкото насилство извршено во детството влијаат и во возрасниот период во која личноста има проблематични и отежнати односи во љубовните врски и на работните места. Одеднаш сето ова прераснува во една непријатна и стресна ситуација во која треба доволно умешност од страна на повозрасните за да се справат со овој проблем. Освен тоа, сите ние како општество можеме да помогнеме во превенција на врсничкото насилство, бидејќи секој од нас треба да е пример на тоа како треба да се однесува човештвото, а промената која сакаме да ја видиме во светот, треба да започне од нас. Алтруизмот, емпатијата, љубезноста треба да бидат црти на нашата личност преку кои ќе ги учиме младите да споделуваат безусловна љубов, да другаруваат, споделуваат, сочувствуваат, помагаат и со тоа да имаат среќно и безгрижно детство во кој играта и смеата ќе преовладуваат. На тој начин ќе се стави крај на врсничкото насилство, и неговите негативни страни нема веќе да заземаат дел од детските животи.[94]

Центарот за социјални работи е основен субјект во системот за социјална заштита во случај на насилство врз младите. Само ЦСР може да ги упатува случаите на насилство врз младите во други социјални институции или центри за жртви на насилство, а другите институции треба само да ги евидентираат случаите на насилство врз младите.

[93] **Петровска, Н.** (2021). *Компаративна анализа на програми за превенција на детското престапништво*. Скопје.
[94] YouthCan. (2024). *Врсничко насилство - булинг*. Достапно на: https://youthcan.org.mk/vrsnichko-nasilstvo-buling-angela/ (пристапено на 04.02.2024).

Преземајќи одредени мерки за посоодветно остварување на правата на младите загарантирани со Уставот и законите, а согласно Конвенцијата за правата на детето[95], во последните години во нашата држава, посебно внимание се посветува на положбата на младите во ризик и во судир со законот и превенција од овие состојби.

Во таа насока, донесувањето на Законот за правда на децата[96] претставува голем напредок во заштитата на младите и на нивните права, а посебно во делот за превенција на детското престапништво кој предвидува формирање на соодветни тела, форми и начини на постапување. Планирањето на превенција на детското престапништво е сериозна задача и голема одговорност што претпоставува познавање на превенциската наука и нејзините теоретски основи, но и нејзино практично имплементирање преку примена на превентивни програми. Низ концептот на ризични и заштитни фактори, преку дефинирање на детското престапништво и одредување на видовите на превенција, но и презентирање на меѓународните искуства во планирање на превенцијата и развивање на превентивни програми, во анализата се објаснува како да се развие планирана, организирана и ефективна превенција, со јасна позиција на локалната заедница и општинските совети за превенција на детско престапништво.

Превентивните програми треба да се комплексни, да вклучат голем број на професионалци, млади и нивните родители кои треба да научат како да се справат со сегашните, но и со идните проблеми кои може да се појават во текот на детското растење. Примената на различни модели на превентивни програми даваат позитивен одговор на одредени ризици, особено оние кои се базирани на докази и што се еволуирани. Траумата и последиците од негативните детски искуства е нешто што нема цена, не може да се измери и спореди. Затоа најголемите материјални, човечки, емотивни вложувања, треба да бидат за млади, во нивниот интерес, заштита и за нивната добросостојба.

---

[95] Конвенција за правата на детето УНИЦЕФ Скопје 2010
Меѓународното право:

- The International Covenant on Civil and Political Rights (ICCPR)
- The International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights (ICESCR)
- The International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination (ICERD)
- The Convention on the elimination of All Forms of Discrimination against Women (CADEW)
- The Conversion against Torture and Other Cruel, Inhuman or Degrading Treatment or Punishment
- The European Social Charter.

Конвенција за заштита на правата на детето на ОН 1989год. Препорака Број П(79)17 во врска со заштита на децата против насилен третман.
Конвенција за правата на детето – The Convention on the Rights of the Child (CRC)

[96] Закон за правда за децата Службен весник на РСМ, бр. 66 од 20.3.2024 година

Превенцијата на детското престапништво во нашата држава е призната како прашање од стратешки приоритет за добросостојба на младите, семејствата и општеството. Постојат законски услови за превентивно дејствување, бидејќи превенцијата е составен дел во Законот за социјална заштита[97], Стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика 2021-2023[98], а пред се во Законот за правда на децата во кој едно од најзначајните начела врз кои е заснован е превенција на детското престапништво.

Превенцијата е хуман императив на денешнината, бидејќи различните ризици во кои може да се најдат младите раѓаат голема болка и страдање не само кај нив, туку и кај нивните родители и целата заедница.[99] Младите кои во раното детство и младост се жртви на насилство, живеат во тешки материјални услови, во дисфункционални семејства, консумираат алкохол, дрога, го напуштаат училиштето, насилни се кон себе и другите, склони кон скитање и бегање од дома, изложени се на многу ризици и длабоко ги чувствуваат последиците од истите.

Воочувајќи ги овие проблеми и последиците од нив на индивидуално и социјално ниво, експертите уште пред триесетина години ги предупредуваа родителите, наставниците и професионалците кои работат со млади на потребата од рана превенција.

Превенцијата не подразбира само нешто што треба да се спречи и да се намали, туку превенцијата денес добива позитивно значење и се именува со позитивни термини како што се поттикнување, поддржување, развивање, рано идентификување, навремено реагирање. Без знаење и идентификување на проблемите на младите, без осознавање на видот и степенот на отстапување во однесувањето кај оваа најранлива популација, не е возможно да се замисли и отпочне организирана превентивна активност и спроведување на национална стратегија.

Успешен обид на идентификување на ризичните фактори се прави во анализата *„Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво“*[100] која може да се земе како основа за дејствување.

---

[97] Закон за социјална заштита. (2019). *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 104, од 23.05.2019.

[98] Министерство за труд и социјална политика. (2024). *Документи. Достапно на:* www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx. Пристапено на: 01.03.2024.

[99] Bašić, J., Ferić Šlehan, M., Kranţelić Tavra, V. (2007), Zajednice koje brinu-model prevencije poremećaja u ponašanju: Strategijska promišljanja, resursi programi u Istarskoj zupaniji. Istarska zupanija i Sveučilište u Zagrebu. Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet;

[100] Лажетиќ.Г., Мујоска-Трпевска Е., Нанев Л., (2021), Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво: Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции, Македонско пенолошко друштво, Скопје;

Концептот на ризични и заштитни фактори е еден од современите теории во областа на спречување на ризично однесување, која обезбедува научно засновано објаснување на потеклото и развојот на веројатноста за појава на ризични форми на однесување. Обиди на полето на превенција кај нас имало и порано, но тие биле повремени, осамени и изостанувала нивна евалуација односно прикажување на успешност или ефектите од програмите кои биле со кратко делување и карактер.[101]

Превенцијата не е видлива и опиплива, таа е феномен чии ефекти не се гледаат сега и веднаш по спроведување на одредена програма. Обично ефектите од делување на програмата се гледаат во годините што следуваат, кога младите влегуваат во критичен период, во период на адолесценција, а нивните родители односно семејството се неподготвени и оптеретени со други животни проблеми и често од заштитен фактор стануваат фактори на ризик. Да се превенира значи да се биде чекор понапред, да се предвиди за да се избегне последицата.

Родителите играат клучна улога во спречувањето на сајбер малтретирањето и придружните штети. Треба да се знае што прават младите на интернет, без разлика дали преку проверување на личните интернет сметки и телефони. Потребно е да се разговара со нив за нивното онлајн однесување или инсталирате програма за следење. Потребно е да се поставаат правила за тоа со кого може да се дружи или да комуницира на платформите на социјалните медиуми.

Родителите, исто така, треба да се запознаат со знаците на сајбер-малтретирање, како што се зголемена употреба на уреди, лутина или вознемиреност по користење на уред или криење уреди кога другите се во близина. Младите можеби ќе се двоумат да се отворат за сајбер-малтретирањето бидејќи се плашат дека ќе го изгубат пристапот до нивните уреди. Треба да се охрабрат да разговараат отворено, потсетувајќи ги дека нема да се најде во неволја откога ќе разговара со вас за сајбер-малтретирањето. Треба јасно да им се објасни со цел да им се дозволи безбедно да комуницираат со своите пријатели онлајн. Силеџиството може да влијае на сите оние кои се малтретирани, оние кои малтретираат и оние кои се сведоци на малтретирање.

---

[101] DSPDP. (2024). *Државен совет за деца и млади. Достапно на:* www.dspdp.com.mk. Пристепено на: 02.01.2024.

Силеџиството е поврзано со многу негативни исходи, вклучително и влијание врз менталното здравје, употреба на супстанции и самоубиство.[102]

Согласно Законот за правда за децата, општинските совети за превенција на детско престапништво е потребно да изработат Годишни програми за својата работа на подрачјето на општината и вршат работи за следење на состојбите со детското престапништво, покренуваат иницијативи за нивното подобрување и развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на младите во ризик и во судир со законот. Во Годишната програма потребно е да се планира, поддржи или следи спроведување на една или повеќе превентивни програми, зависно од големината и буџетот на општината.

Прва позната превентивна програма е работена во САД т.н. „Чикаго 1934". Во овој период била карактеристична поделбата на сиромашни и богати, конфузија во системот на вредности, изолација и отуѓеност. За таа цел бил основан Центар за воспитување и организирање на слободни активности како место каде ќе се намали социјалната дистанца.

Познат концепт во светот, а применет во Хрватска е превенција во локалната заедница која е фокусирана на акција, со намера за промена на социјалните услови кои се верува дека предизвикале или поттикнале различни ризични однесувања на младите во локалната заедница.

Различни пристапи за кои се верува дека се најдобар одговор за промена на локалните услови се организирано вклучување на граѓаните во заедницата, мобилизирање на постоечките ресурси и изградба на нови капацитети и заштита на загрозеното население.

Локалната заедница е извор на Националната стратегија за превенција на нарушување во однесувањето на младите во Хрватска. Таа е процес на развој на стратегија што ги овластува локалните заедници да ги користат доказите и да преземат рана интервенција во спречување на проблемите со младите.

Како позитивна практика применета во Хрватска е моделот на превенција на детско престапништво „Заедница која се грижи"- Communities that Care-CTC. Овој динамичен и сеопфатен модел го развиле авторите Hawkins и Catalano, научници на универзитет во Вашингтон, во рамките на Стратегијата за социјален развој.

---

[102] Hawker, D. S. J., & Boulton, M. J. (2000). *Twenty years of bullying research: A meta-analytic review of the school bullying literature*. *International Journal of Adolescent Medicine and Health*, 20(2), 133-140 Достапно на: https://www.degruyter.com/document/doi/10.1515/IJAMH.2008.20.2.133/html

Како пример е земен Поречкиот модел на превентивно дејствување во локалната заедница „Здрав град“ во кој се спровеле следните проекти.[103]

Табела бр.1:

| **Поречкиот модел на превентивно дејствување во локалната заедница** | **Здрав град** |
|---|---|
| 1.Интегрална програма во детска градинка | Работа со родители со цел примарна превенција на отстапување во однесувањата на млади на предучилишна возраст. |
| 2.Квалитетно училиште | Унапредување на комуникациските вештини помеѓу родителите и деца. |
| 3.Волонтери на задрав град | Работа со ученици од средни училишта со проблеми во однесувањето за амортизирање на негативни влијанија преку вклученост во активности во локална заедница. |
| 4.Заедно против зависност | Координирано делување преку различни институции со цел намалување на користење на дрога и други ризични однесувања на Децата. |
| 5.Квалитетно родителство | Работа со деца кои не пројавуваат ризично однесување и со родители чии деца имаат отстапувања во однесувањето |
| 6.Психолошко советување за брак, семејство и деца | Вложување во секундарна превенција со цел намалување на потешкотиите во ризични семејства. |
| 7. Супортивна-тераписка група за деца со попреченост | Разрешување на психолошки проблеми на деца со попреченост. |
| 8. Помош на зависници | Превентивна програма работа и поддршка на деца зависници од дроги и алкохол, развивање на клуб и заедница за апстиненција. |

[103] Bašić, J., Janković, J. (2003), Lokalna zajednica – Izvorište nacionalne strategije prevencije poremećaja u ponašanju djece i mladih, Zagreb: Državni zavod za zaštitu obitelji, materinstva i mladeži, Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladih.

### 3.1. Европски и светски искуства поврзани со превенција и справување со насилство помеѓу младите.

Насилството во училиштата е препознаено како главен социјален проблем кој не само што влијае на благосостојбата и образовните постигнувања на учениците, туку може да ги поткопа демократските вредности. Од 1998 година, Европската комисија (ЕК) поддржува голем број иницијативи кои се однесуваат на проблемот со насилството во училиштата.

Ова е дел од нејзината програма за истражувачки активности насочени кон помагање на европската интеграција преку поврзување различни европски партнерски групи и подобрување на природата на образованието и образованието можности во државите во Европската унија. Проектот CONNECT UK-001 беше еден од шесте активности поврзани со училишното насилство финансирани од ЕК помеѓу 1998 и 2002 година.[104]

Голем број на држави се соочуват со проблеми поврзани со насилното однесување на младите луѓе, поради што изготвија програми и иницираа амандмани во законите со цел да ги разрешат проблемите со кои се соочуваат. Во воспитно образовниот процес активностите насочени кон превенција на насилството имаат темелни цели, кои во суштина се насочени кон намалување на насилното однесување, разбирање и поучување за содржината и облиците на насилство, поставување на вредности и начела за ненасилно решавање на конфликти, поучување на младите да не станат жртви на насилство, поучување на стратегии да се препознаат и избегнат насилни ситуации, поучување за самопочит и почит кон различностите.

**Во 2002 година 8 држави Белгија, Финска, Франција, Германија, Ирска, Луксембург, Шведска и Велика Британија** тргнувајќи од проблемот на насилството во нивните училишта инициралe закон за превенција на насилство помеѓу младите. Други земји инициралe и креирале едукативни програми со помош на кои насилството во училиштата ќе се намали. Од повеќето програми, ние ќе ги спомenеме следниве:

**Приод „без вина“ или „метод на споделена одговорност**“, кој во основа е структурален метод, со кој учениците што манифестираат насилно однесување се охрабруваат истото да го променат.[105]

---

[104] Smith, P. K. (2001). *Violence in schools: A European perspective*. Goldsmiths College, University of London. Достапно на: https://www.oecd.org/education/innovation-education/34739292.pdf
[105] Gittins, C. (Ed.). (2006). *Bullying: A Guide to the Law*. National Children's Bureau.

Интересен е и приодот на **Кови и Валас**, кој студиозно го анализирале насилството во училиштата и дале свои конструктивни сугестии. Тие веруваат дека е неопходно прво да се креираат **образовни програми за медијација и решавање на конфликти по мирен пат** и обука за решавање на конфликти наменета за вработените во училиштата. Понатаму препорачуваат бесплатни телефонски линии за нудење помош, зголемен број на припадници на безбедносните служби и можност за носење на аларм бразлетна **(аларм бразлетната** веднаш испраќа информација во случај ученикот да е нападнат).[106]

**Џули Кејси** дава објаснување на принципот за справување со насилство во училиштата во Велика Британија, стратегија насловена како „**секое дете е важно**" и затоа треба да се изгради национална стратегија за здрави училишта. Според оваа стратегија секое училиште има обврска да му овозможи на секој ученик подеднаква можност за учење и постигнување на резултати, да го промовира духовниот, моралниот и социјалниот развој на учениците и да ги подготви учениците за можностите, одговорностите и искуствата во животот, како и да создаде училишна клима која ќе придонесе кон развојот на професионалното однесување.[107]

Програмата предложена од страна на **Робсон и Смидли, и Мур и Минтон**, нагласува дека за намалување на насилството во училиштата неопходно е вклучувањето на родителите и на заедницата и тоа во следниве четири нивоа:

- ниво 1-свесност (се остварува преку отворени средби, објави, пишани извештаи, лични контакти, покани за совети, средби родители-ученици, информациски писма, прирачници итн.);
- ниво 2-вклученост (која се постигнува преку контакти со наставниците пред и по часовите, организирање на недели посветени на книги, социјални настани, членување во здруженија на родители-ученици и сл.;
- ниво 3-соработка (се остварува преку заедничка работа на социјални теми, работилници во кои се вклучени родители и ученици, заеднички активности, просторија наменета за родителите и активности поврзани со заедницата);
- ниво 4-партнерски односи (се остваруваат преку заедничко креирање на политиките, заедничко менаџирање и заедничко донесување на одлуки).

---

[106] Cowie, H., & Wallace, P. (1998). *Peer Support in Action: From Bystanding to Standing By*. SAGE Publications.
[107] **Gittins, C. (Ed.). (2006).** *Violence reduction in schools—How to make a difference*. Council of Europe Publishing.

Во насока на спречување и превенција на малтретирање во училиштето и на врсничкото насилство, позитивен пример може да се најде во практиката што се применува во Финска, која има еден од најуспешните образовни системи во светот. Во антибулинг програмата развиена во оваа земја, голем акцент е ставен на пасивните набљудувачи кои се нашле на местото на настанот, во отсуство на авторитетите (т.е. на наставниците). Токму овие ученици можат да им дадат најголема поддршка на децата-жртви на малтретирањето, поради што обуката е интензивно насочена кон стимулирање и јакнење на емпатијата. Воедно, учениците учат како најефикасно да реагираат во ситуација на малтретирање, како да ја препознаат, што да кажат, да бидат почувствителни и да им дадат поддршка на жртвите.

Овде, секако, останува како сериозен и тешко решлив проблемот со заплашувањето на жртвата, што е и главната причина поради која жртвите доцна признаваат и пријавуваат дека се малтретирани, но напорите за справување со овој тип на насилство поради тоа не смеат да запрат, туку, напротив, треба да се интензивираат и насочат паралелно кон справување и со овој аспект кој проблемот го прави уште поголем и покомплексен.

Американскиот национален институт за здравје ги анализирал ефикасните програми за намалување на насилството во училиштата и според овој институт успешните програми се: засновани на здрави теоретски основи; насочени се на важните фактори на ризик, вклучуваат долготраен третман; интензивно работат со целните групи; го користат когнитивно/бихевиоралниот пристап; тие се мултимодални и мулти контекстуални; насочени се кон развојот на социјалните и другите вештини кај целните групи и нивните родители; развојно се прифатливи; не се применуваат на сила; можат веродостојно да се репродуцираат.[108]

Од сите програми и искуства кои се наведени може да се сублимира и да се утврдат приоритетите и задачите на превентивните програми кои би биле насочени кон превенирање на насилство во училиште, а тие би се однесувале на следново:

- да се препознаат и утврдат извршителите на насилство;
- да се препознаат и утврдат жртвите на насилство
- да се согледаат и проучат насилните ситуации;

[108] Moore, M. & Minton, S. J. (2005). *Violence Reduction in Schools—How to Make a Difference*. Council of Europe Publishing

- да се обучи стручен тим кој ќе подготви план и начин за справување со насилството во училиште;
- наставникот да го следи однесувањето на учениците и благовремено да реагира дури и при најмал насилен акт;
- да се оствари квалитетна интеракција меѓу жртвите и наставникот;
- наставникот да го заштити ученикот;
- да создаде услови во кои ученикот жртва ниту во еден момент нема да се почувствува осамен или запоставен;
- ученикот жртва да биде прифатен од средината и максимално стимулиран;
- да се развие чувство на доверба кај ученикот жртва.

### 3.1.1. Модел на превентивна програма во Финска

**Да работиме заедно за побезбедни и посигурни општини / заедници Финска**

Во Финска функционира Национален Совет за криминална превенција, под надлежност на Министерството за правда, во областа на справување со предизвиците за превенција на криминалот воопшто, но со посебен акцент на младите, односно (Едукција на штетните последици од криминалот и промоција на безбедноста и сигурноста). Владата прави избор на членови на Советот со мандат од три години. Советот има обврска да изработи Национална Програма за превенција на криминал, кој го промовира локалното учество во практична имплементација на програмата.

Наслов на Програмата (2015-2018год.) е „Да работиме заедно за побезбедни и посигурни општини/заедници“. Програмата се подготвувала преку девет работилници одржани низ различни делови во Финска и со учество на општините (девет општини/области низ Финска). Иницијативата за пишување на оваа нова програма била иницирана од страна на „Групата за помош во соседството“ чии програми се многу популарни и ефикасни во Финска. За да се зајакне учеството на граѓаните, Советот подготвил и акционен план за промоција на локалната партиципација со цел зголемување на безбедноста и добросостојбата на младите и граѓаните преку редуцирање на ризикот да станат жртви на криминалот и процена на факторите кои доведуваат до тоа. Програмата содржи препораки за зголемување на општата свест за правата и можностите на граѓаните да влијаат, делуваат и партиципираат.[109]

[109] **Министерство за правда на Финска**. (2024). Достапно на: www.oikeusministrerio.fi Пристапено на 01.01.2024

Граѓанска организација Walkers – Шетачи, работат со сите млади. Таа не политичка, ниту религиозна организација, не познава разлики меѓу младите по ниту еден основ. Работат со млади, родители, цели семејства и соработуваат со други организации. Фокусот им се млади од 13 до 17 години. Основна задача им е размена на информации. Годишно реализираат 33.000 посети, а работат 340 дена во годината. На почеток биле 15 вработени, во 2017 година броеле 26 вработени, но имаат околу 70 волонтери. За да работат со млади, секој вработен и волонтер мора да добие обука од 40 часа (10 часа теорија и 30 часа на терен во центар на Хелсинки).

Се финансираат од данок од коцкарници, приватни донации од компании и поединци, а дел и од буџетот на јавниот сектор. Во 2017 година располагале со буџет од 1,7 милиони евра.

### 3.1.2. Улични медијатори – превентивна програма од Норвешка во 2014 година.

Цел на уличните медијатори е младите да преземат одговорност за своите постапки. Улична медијација обавуваат само професионалци, кои знаат брзо и соодветно да реагираат. Се користат во случаи кога младите прават одредена штета, а нема начин институциите да интервенираат. На пример, група млади пишувале на ѕид со спрејови на недозволено место, ѕид кој не бил наменет за графити. Градот преземал активности и во тек на три месеци ги отстранувал графитите, но младите повторно повеќе пати го правеле истото. Тие не преземале одговорност за своите постапки затоа што никој не можел да допре до нив.

По неколкудневно следење и стражарење уличните медијатори доаѓаат до младите на местото на настанот. Веднаш стапуваат во контакт со нивните родители, ја известуваат полицијата за настанот, но тие продолжуваат да работат со младите, родителите и оштетената страна. Во период од две недели, засегнатите страни седнуваат на маса, разговараат и се договараат како да се надомести штетата.

Најчесто предмет на договор е да самите млади да го отстранат графитот од ѕидот, или да собираат отпад. Доколку бил вклучен во физички пресметки се упатува на тренинг за контрола на бес и слично.

Во Финска се познати Neighbourhood Help working groups – волонтерски работни групи за помош во соседството – набљудување во соседството, чување млади на соседите, поставување камери во соседството, поддршка и помош на соседи во неволја (невработеност, самохрани родители, болест и сл.).

### 3.1.3. Модел на превентивна програма Англија и Велс

Основите на современиот англиски систем на малолетничка правда се поставени на Законот за малолетничка правда и доказите во кривичната постапка од 1999 година и Законот за криминал и нереди од 1998 година. Ова тело имало и советодавна улога при поставување на национални стандарди за младите и се покажало како ефикасна алатка за справување со детското престапништво.[110]

Функционирањето на системот за малолетничка правда во Англија и Велс и интервенциите што се преземаат почиваат на локалната заедница. Во одредбите на законот се предвидуваат три нови превентивни мерки за младите и тоа полициски час за дете, налог за безбедност на дете и налози за вршење на родителските обврски. Првата мерка забранува млади под 10 години ноќе да бидат присутни на улици и други јавни места ако не се под надзор на одговорено возрасно лице. Подоцна истата мерка е проширена на млади до 16 години. Станува збор за посебна мерка за млади под старосната граница за казнена одговорност и се однесува на целата популација, а не само на млади во судир со законот. Затоа оваа мерка има превентивен карактер, иако е дискутабилна бидејќи претставува директно мешање во приватниот живот и носење на одлуки. Одговорност за извршување на оваа мерка се бара од родителите/старатели. Останатите две мерки се за родителите и за младите во ризик. Во оваа смисла, од родителите се бара да посетуваат курсеви за обука за вршење на родителската должност и советувања.

Со овие закони се предвидува локалната власт да обезбеди сеопфатни служби за малолетничка правда на локално ниво како и формирање на Тимови за малолетничко престапништво (Youth Offending Teams).

Овие Тимови за малолетничко престапништво се партнери на Одборот за малолетничка правда и се грижат за спроведување на превентивни активности на локално ниво согласно стратегијата на државно ниво која ја носи Одборот.

[110] **Петровска, Н.** (2021). *Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво*. Скопје.

# IV. Глава Казнено-правен и институционален одговор на насилството меѓу младите: правна и институционална поставеност

## 4. Правни аспекти

Младите, повеќето време од денот го поминуваат надвор од нивните домови, но под грижа на возрасните, а во рамки на образовниот процес. Возрасните луѓе вработени во училиштата имаат обврска да обезбедат сигурна средина за овие млади, средина во која младите ќе учат и ќе се образуваат.

Училиштата како установи од јавен интерес во кој се одвива образовниот и воспитниот процес на младите треба да ги исполнуваат условите согласно меѓународните стандарди и да обезбедат нормални услови за целосно уживање на правото на образование. Но, и покрај улогата која што ја имаат училиштата да ги штитат младите, за жал, многу од нив се изложени на насилство токму во училиштата. Со тоа се доведува во прашање остварувањето на нивното право на образование.[111]

Согласно член 19 став 1 од Конвенцијата за правата на детето на ООН – државите потписнички треба да ги преземат сите законски, административни и социјални мерки во образованието, за заштита на младите од сите форми на физичко или психичко насилство, повреда или злоупотреба, за поставување, неправилен третман или експлоатација, вклучувајќи сексуална злоупотреба.

Членот 28 став 2 од Конвенцијата за правата на детето на ООН – се однесува на прашањето за физичко казнување и понижувачки третман. Комитетот за правата на детето, воспоставен врз основа на Конвенцијата за Правата на детето, ја истакнува потребата за зајакнување на врските помеѓу училиштето, семејството и заедницата, за да им се даде на младите активна улога во превенцијата и третманот на разните форми на насилство на сеопфатен начин.

Европскиот суд за човекови права има заземено став дека сите форми на физичко казнување во училиштето се во спротивност со член 3 од Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи. Овој член се однесува на мерки за заштита на младите од физички и морални опасности во семејството, училиштето и општеството воопшто, како и во работата.

Во согласно со членот 51 од Законот за средно образование[112] телесно казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

---

[111] Батиќ, Д., Малетиќ, А., Саздовска, М. М., Николовска, С., Шурвановска, О., Мојсоска, С., Мојаноски, Ц., Гогов, Б., & Иванов, А. (2011). Безбедност во училиштата. Скопје: Здружение за безбедносни истражувања и едукација. 33 стр.

[112] **Закон за средно образование.** (2024). *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*. Пристапено на 02.04.2024, од мон.gov.mk.

Законот за средно образование предвидува дека не се дозволени дискриминација засновани на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба.[113]

Согласно законот за правда за деца во Член 7

(1) Децата жртви на дејства, кои со закон се предвидени како кривични дела, ги имаат истите права што ги имаат и полнолетните лица жртви пред, за време и по завршувањето на кривичната постапка.

(2) Децата жртви на дејства, кои со закон се предвидени како кривични дела и децата сведоци уживаат засилена заштита и поддршка од сите институции, органи и поединци во системот на правда за децата, со цел да се намалат негативните последици врз нив од кривичното дело и да се спречи негативното влијание на постапувањето на институциите врз правилниот развој на детето и да се поттикнат да побараат заштита пред надлежен суд.

Член 11

(1) Ниту едно дете не смее да биде изложено на мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции.

(2) Детето секогаш има право на засилена заштита од мачење или други свирепи нечовечки или понижувачки постапки или санкции.

[113] **Закон за средно образование.** (2024). *Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија*. Пристапено на 02.04.2024, од мон.gov.mk.

## 4.1. Активности на МВР и Центарот за социјална работа во работата со млади во ризик

Во Законот за правда за деца[114] се регулира начинот на постапувањето на ЦСР со дете во ризик[115], како и воспитните, казнените, алтернативните мерки и прекршочните санкции кои ЦСР ги презема против младите во ризик.

**Откривање на случајот**

Полициски службеници од Министерството за внатрешни работи по добиена информација за извршен прекршок или кривично дело веднаш излегуваат на терен, доколку се работи за дете до 14 години МВР по прибирање на сите потребни информации и документирање на целиот настан го известуваат ЦСР со писмено известување кое содржи лични податоци за детето и неговите родители односно старатели, стореното дејствие и околностите под кои е сторено. Во итни случаи, ова известување може да биде и телефонски, но подоцна дополнително се доставува и писмено известување. Доколку во извршувањето на кривичното дело учествувале и други лица за кои може да се води постапка пред суд и за дејство на дете во ризик над 14 години, Министерството за внатрешни работи доставува известување до Центарот и до надлежниот јавен обвинител.

Центарот постапува по известувањата од Министерството за внатрешни работи, од јавното обвинителство, од училиштето или од друга институција во која детето е згрижено. По добиеното известување или друго сознание, во рок не подолг од 15 дена од приемот на известувањето, во итни случаи, не подолго од 36 часа ЦСР го повикува на разговор детето во ризик, неговите родители, односно старатели и покренува постапка од доверлив карактер за утврдување на фактичките околности на конкретниот настан или состојбата на ризик.

[114] **Закон за правда за децата.** (2024). *Службен весник на Република Северна Македонија*, бр. 66, 20.03.2024.

[115] Поимот млади во ризик ја опфаќа категоријата млади кои не се развиваат во одговорни и возрасни личности.
Член 21 **дете во ризик** е секое дете кое наполнило пет, а не наполнило 18 години со попреченост, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите/от односно старателот, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува или користи droги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејство кое со закон е предвидено како прекршок или дејство кое со закон е предвидено како кривично дело.
Како дете во ризик ќе се смета и лице чијашто возраст не може со сигурност да се утврди до моментот на утврдување на возраста, - дете во ризик до 14 години е секое дете кое во времето на извршување на дејството кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор над три години или дејство со закон предвидено како прекршок наполнило пет, а не наполнило 14 години.

**Почетна проценка**

Разговорот го води претставник на стручен тим или стручен тим составен од педагог, социјален работник, психолог и дипломиран правник, во посебни простории. Стандардите за уредување на посебните простории ги пропишува министерот за труд и социјална политика. Во случаите кога дејствието на дете во ризик до 14 години со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од најмалку пет години или кога постои загрозеност на личноста, правата и интересите на детето, задолжително на разговорот присуствува адвокат кој ги заштитува правата и интересите на детето. Адвокатот е должен да даде правно мислење за случајот во писмена форма во рок од седум дена од денот на разговорот.

**Планирање на мерки (изготвување на индивидуален план)**

Во рок од 30 дена од денот на спроведениот разговор со родителите/от односно старателот и детето во ризик, и врз основа на прибраните известувања и други податоци со кои располага Центарот, стручниот работник изготвува индивидуален план и го спроведува.

**Запознавање на старателот со индивидуалниот план и планираните мерки**

Најдолго во рок од 10 дена од денот на донесувањето на индивидуалниот план, стручниот работник по вторпат разговара со родителите/от односно со старателот со кој живее детето во ризик, со цел за непосредно да се увери дали родителите/от односно старателот може да водат грижа за детето и дали може да бидат отстранети причините за неговото однесување и состојбата на ризик

Стручниот работник ги запознава родителите/от односно старателот со индивидуалниот план заради негово активно учество во спроведувањето на мерките за помош и заштита и истовремено ги предупредува за натамошните последици доколку не соработуваат со Центарот. Стручниот работник се состанува со родителите/от односно старателот најмалку еднаш месечно, и за секоја средба се составува записник.

**Спроведување на мерките за помош содржани во индивидуалниот план**

Мерките на помош и заштита траат до 18 години на малолетникот. Надзор над спроведувањето на програмата врши Заводот за специјални дејности. ЦСР учествува и во постапки за посредување доколку дете во ризик или помлад или постар малолетник прибавил имотна корист или предизвикал штета на друг. Мерките за помош и заштита

се мерки определени со закони во областа на образованието, здравството, специјалната, семејната и други облици на заштита.[116]

Ако со дејството кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок, детето во ризик прибавил имотна корист или предизвикало штета на друг, Центарот посредува меѓу детето во ризик и родителите/от односно старателот и оштетениот заради заемно помирување и ветување дека нема да се повтори делото и за враќање на имотната корист или надоместување на предизвиканата штета.

Постапката на посредување може да трае најдолго 30 дена по донесувањето на одлуката за поведување постапка за посредување. За согласноста за помирување од ставот (1) на овој член се составува спогодба којашто има значење на вонсудско порамнување. Ако посредувањето не успее, се составува записник, во кој се наведуваат причините поради кои посредувањето не успеало и истиот се доставува до оштетениот. Оштетениот може во рок од 30 дена од денот на приемот на записникот да поднесе предлог за поведување посебна постапка за конфискација на имотот и имотната корист пропишана со закон од лицето врз кое е пренесен имотот или имотната корист или имотноправните барање за надоместување на штетата.

За примената на мерките на помош и заштита, центарот води интерна евиденција, а податоците од сите центри се доставуваат до Регистарот за примена на мерките на помош и заштита, кој го води Министерството за труд и социјална политика. По наполнувањето на 18 годишна возраст податоците од евиденциите на центрите и од Регистарот на Министерството за труд и социјална политика се уништуваат.

Во ЦСР се формираат специјализирани тимови за работа со малолетникот во ризик, членовите на тимовите се обучуваат на специјализирани обуки за малолетничко престапништво најмалку пет денови во една календарска година. Целта на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање заштита и помош на младите со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој.[117]

---

[116] **Димитријоска, С.** (2008). *Деца и млади во ризик: мерки на помош и заштита*. Факултет за безбедност, Скопје, стр. 136-156.

[117] На дете над 14 годишна возраст за дејствие што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве воспитни мерки: - укор или упатување во центар за деца,

- на засилен надзор од страна на родителите/или/от, односно старателите/или/от, згрижувачко семејство или од страна на центарот и - заводски мерки упатување во воспитна установа или во воспитно-поправен дом.

Санкциите и воспитните мерки спрема млади за сторени кривични дела и прекршоци

### 4.2. Статистички податоци за периодот 2018-2023 година добиени од Министерството за внатрешни работи

- Во 2018 година на подрачје на РМ, регистрирани се вкупно **104 случаи** на насилно однесување помеѓу ученици во училишта, од кои 54 случаи во основни училишта и 50 случаи во средни училишта. Најголем број од случаите се регистрирани на подрачје на СВР Скопје – 31, Тетово 23 случаи, СВР Битола 15. Од ваквото насилничко однесување на учениците **повредени се 108 ученици** и 1 наставник, од кои 7 со тешки телесни повреди.

Од страна на МВР при расветлување на инцидентите поднесени се **8 кривични пријави и едно известување до ОЈО против 9 лица**, сторители на 3 кривични дела „насилство“, 2 кривични дела „малтретирање во вршење на службата“, 2 кривични дела „Тешка телесна повреда“, како и 1 кривично дело „несовесно работење во службата“, 19 барања за поведување на прекршочна постапка против 28 сторители за сторени прекршоци по член 11, член 12 и член 34 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

- Во 2019 година на подрачје на РМ, регистрирани се **вкупно 120 случаи на насилно однесување** помеѓу ученици во училишта, од кои 62 случаи во основни училишта и 58 случаи во средни училишта. Најголем број од случаите се регистрирани на подрачје на СВР Скопје – 39, Тетово 33 случаи, СВР Битола 16, СВР Охрид 15, СВР Струмица 3, СВР Куманово 3, СВР Штип 3. Од ваквото насилничко однесување на учениците **повредени се 76 ученици**, од кои 11 нанесени им се тешки телесни повреди, а 65 ученици со полесни телесни повреди.

---

Под условите определени со овој закон, на младите над 16 годишна возраст можат да му се изречат следниве казни:- затвор за деца, - парична казна, - забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и - протерување на странец од земјата.
Мерки укор или упатување во центар за деца се изрекува спрема дете кога не постои потреба од потрајни мерки на воспитување, а особено ако сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело од непромисленост или лекоумност. При изрекувањето на укор на детето ќе му се укаже на штетноста од неговата постапка и ќе се предупреди дека во случај на нејзино повторување спрема него може да биде изречена друга санкција.
Мерки на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од дотогашната средина.
Заводски мерки се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување и негово целосно одвојување од дотогашната средина. Траењето на овие мерки не може да биде подолго од пет години, но најмногу до наполнети 23 години.
На кривично одговорно младите над 16 годишна возраст за стореното дејствија што со закон е предвидено како кривично дело можат да му се изречат следниве алтернативни мерки: - условна осуда со заштитен надзор, - условно прекинување на водење на постапка спрема младите и - општо корисна работа.

Од страна на МВР при расветлување на инцидентите поднесени се **7 кривични пријави** и 4 известување до ОЈО против 19 лица, сторители на 4 кривични дела „обид за убиство", 1 кривични дела „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница", како и **13 барања за поведување на прекршочна постапка** против 28 сторители за сторени прекршоци „физички напад", „учество во тепачка, карање, викање на јавно место", „нарушување на ЈРМ" и „занемарена грижа на родител или старател" од законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

- Во 2020 година на подрачје на РМ, регистрирани се **вкупно 20 случаи** на насилно однесување помеѓу ученици во училишта, од кои 12 случаи во основни училишта. Најголем број на регистрирани случаи се на подрачје на СВР Скопје – 6, Тетово 9 случаи, СВР Битола 1, СВР Велес 3, СВР Штип 1. Од ваквото насилничко однесување на учениците **повредени се 12 ученици**.

При расветлување на еден од настаните на подрачје на СВР Тетово, **против 5 ученици поднесена е кривична пријава** за сторено кривично дело насилство.

- Во 2021 година на подрачје на РМ, **регистрирани се вкупно 27 настани** на насилно однесување помеѓу ученици во училишта, Најголем број од случаите се регистрирани на подрачје на СВР Скопје – 4, Тетово 11 случаи, СВР Битола 1, СВР Велес 5, СВР Струмица 1, СВР Куманово 5. Во основно училиште извршени се 15 случаи на насилно однесување, а 12 во средни училишта. Од ваквото насилничко однесување на учениците **повредени се 25 ученици**, од кои 1 ученик се здобил со тешки телесни повреди, а 11 ученици со полесни телесни повреди.

- Од страна на МВР при расветлување на инцидентите поднесени се **1 кривични пријави** за сторено кривично дело „тешка телесна повреда" и 14 барања за поведување на прекршочна постапка против 26 лица за сторени прекршоци и тоа најмногу за „занемарена грижа на родител или старател" – 7, „физички напад" - 5, „учество во тепачка, карање, викање на јавно место" - 2, од законот за прекршоци против јавниот ред и мир, како и 3 известување до ОЈО.

- Во 2022 година на подрачје на РМ, регистрирани се **вкупно 75 настани на насилно однесување** помеѓу ученици во училишта, Најголем број од случаите се регистрирани на подрачје на СВР Скопје – 26, Тетово 24 случаи, СВР Битола 7, СВР Велес 7, СВР Охрид 5, СВР Штип 1. Во оваа година најмногу случаи регистрирани се во основно училиште извршени се 43 случаи на насилно однесување, а 32 во средни училишта.

Во рамки на наведените насилства од насилничко однесување на учениците **повредени се 74 ученици**, од кои 4 ученик се здобил со тешки телесни повреди, а 70 ученици со полесни телесни повреди.

- Од страна на МВР при расветлување на инцидентите **поднесени се 3 кривични пријави** за сторено кривично дело „насилство", против 68 лица поднесени се **39 барања за поведување на прекршочна постапка** за сторени прекршоци за ЗППЈРМ и тоа најмногу за „физички напад".

- Во текот на 2023 година на подрачје на РМ, регистрирани се **вкупно 102 настани на насилно однесување** помеѓу ученици во училишта, Најголем број од случаите се регистрирани на подрачје на СВР Скопје – 40, Тетово 19 случаи, СВР Битола 9, СВР Охрид 9, СВР Штип 6, СВР Велес 4, СВР Струмица 2. Во основно училиште извршени се 55 случаи на насилно однесување. Од ваквото насилничко однесување на учениците **повредени се 61 ученици**, од кои 1 ученик се здобил со тешки телесни повреди, а 60 ученици со полесни телесни повреди.

- Од страна на МВР при расветлување на инцидентите поднесени се **10 кривични пријави** за сторено кривично дело и „Насилство" „Насилство врз дете", „Малтретирање во вршење на службата", „тешка телесна повреда", Загрозување со опасно орудие во тепачка или караница", а поднесени се и 5 известувања до ОЈО. Покрај тоа против 102 лица, **поднесени се 60 барања за поведување на прекршочна постапка** во најголем дел за „физички напад", „учество во тепачка, „занемарена грижа на родител или старател", согласно законот за прекршоци против јавниот ред и мир.




| | ЗППЈРМ | Кривичен Законик на РМ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Чл.10, Чл.11 Чл.12 | Чл.123 | Чл.131 | Чл.133 | Чл.139 | Чл.144 | Чл.386 |
| **2018** | 28 | | 2 | | | | 3 |
| **2019** | 13 | | | 1 | | | |
| **2020** | | 4 | | | | | 5 |
| **2021** | 11 | | 1 | | | | |
| **2022** | 3 | | | | | | |
| **2023** | 60 | | | | | | 10 |

Од податоците добиени од Бирото за јавна безбедност може да се заклучи дека бројот на регистрирани случаи на насилно однесување во периодот на 2020/2021 година е значително опаднат, тоа се должи на тоа што истите се регистрирани во периодот од почетокот на годината до 15.03.2020г, односно само за 75 дена. Влијание на ваквата состојба имаат преземените мерки и одлуки на надлежните институции за справување со Ковид 19 вирусот со кои воспитно образовниот процес во детските градинки, основните, средните училишта и факултетите беше прекинат од 10.03.2020, а одложен беше и почетокот на новата учебна година 2021/2022 со цел подготовка на дел од учениците за следење на онлајн настава и донесување на нови законски мерки за скратување на наставната програма, (наместо на 1 септември, истиот започна на 1 октомври 2020год со онлајн присуство.

Исто така свој придонес во намалувањето на насилството во овој период имало и воведувањето на полицискиот час, како и мерката со која се забрануваа групирања на луѓе.

Може да се забележи дека бројот на регистрирани насилства во основните училишта е поголем, во однос на бројот на регистрирани насилства во средните училишта. Исто така може да се забележи дека насилствата претежно се извршуваат во мултиетнички градови како што се Тетово, Скопје, Велес што ја потврдува тезата за меѓуетничка нетрпеливост помеѓу младите, а најчести прекршоци на младите се по: Член 11 физички напад, предизвикување или поттикнување на тепачка, Член 12 Физички напад од Закон за прекршоци против јавниот ред и мир, односно Член 131 Тешка телесна повреда, Член 386 Насилство од Кривичниот законик на РМ.

## 4.3. Статистички податоци за периодот 01.2018 до 04.2024 од Центарот за социјални работи Охрид за територијата на Општина Охрид.

Опис на статистички податоци 2018 – 2023 година:[118]

- Во 2018 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од девет деца на возраст од девет до седумнаесет години и тоа: чл. 11: две лица, чл. 12: седум лица.

Истата година евидентирани се шест кривични дела извршени од деца на возраст од тринаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 130: две лица, чл. 131: четири лица.

- Во 2019 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од осумнаесет малолетни лица на возраст од осум до седумнаесет години и тоа по чл. 11: три лица, по чл. 12: петнаесет лица.

Истата година евидентирани се девет кривични дела извршени од деца на возраст од дванаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 386: четири лица, чл. 131: две лица, чл. 144: три лица.

- Во 2020 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од седум лица деца на возраст од дванаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 11: едно лице, по чл. 12: шест лица.

Истата година евидентирани се извршувања на кривични дела од страна на десет деца на возраст од дванаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 386: шест лица, чл. 131: четири лица.

- Во 2021 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од дванаесет деца на возраст осум до седумнаесет години по чл. 11.

Истата година евидентирани се извршени се кривични дела од седум деца на возраст од четиринаесет до седумнаесет години по чл. 131 две деца и по член 386 став 3 пет деца од Кривичниот законик на Република Македонија.

- Во 2022 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од седум деца на возраст петнаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 11: три лица, по чл. 12: четири лица.

Истата година евидентирани се извршени кривични дела од седумнаесет деца на возраст од четиринаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 130: едно лице, чл. 131: едно лице,

[118] **Извршен увид во регистарот на Центарот за социјални работи Охрид** (03.05.2024 година)

чл. 133: седум лица,  чл. 139: едно лице, чл. 144: едно лице и шест лица по член 386 став 3 од кривичниот законик на Република Македонија.

- Во 2023 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од  дваесет и четири деца на возраст единаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 10: три лица, по чл11: седум лица, чл. 12: четиринаесет лица.

Истата година евидентирани се извршени кривични дела од девет деца  на возраст од дванаесет до седумнаесет години и тоа по чл. 131: против две лица, чл. 133: против три лица,  чл. 144: против едно лице, чл. 386: против три лица.

- До 04.2024 година во регистарот на ЦСР Охрид евидентирани се нарушувања на ЈРМ од девет деца на возраст десет до седумнаесет години и тоа по чл. 10: две лица, по чл11: едно лица, чл. 12: шест лица.

Истата година евидентирани се извршени кривични дела од две деца на возраст од петнаесет и седумнаесет години по чл. 130.




| | **ЗППЈРМ** | | | **Кривичен Законик на РМ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Чл.10 | Чл.11 | Чл.12 | Чл.130 | Чл.131 | Чл.133 | Чл.139 | Чл.144 | Чл.386 |
| **2018** | | 2 | 7 | 2 | 4 | | | | |
| **2019** | | 3 | 15 | | 2 | | | 3 | 4 |
| **2020** | | 1 | 6 | | 4 | | | | 6 |
| **2021** | | 12 | | | 2 | | | | 5 |
| **2022** | | 3 | 4 | 1 | 1 | 7 | 1 | 1 | 6 |
| **2023** | 3 | 7 | 14 | | 2 | 3 | | 1 | 3 |
| **до 4.2024** | 2 | 1 | 6 | 2 | | | | | |

Она што може да се заклучи е дека на територија на Општина Охрид трендот на нарушувања на ЈРМ од година во година забележува пораст на насилството помеѓу младите. И во овој извештај на податоци добиен од ЦСР Охрид може да се констатира тоа дека имало стагнација на насилните појави во периодот на мерките донесени од владата за прекинување на наставата на 15.3.2020 и пролонгирање на почетокот на учебната 2020-2021 која се одржа онлајн.

Исто така се забележува дека во 2024 година имаме девет прекршувања на ЈРМ и тоа само за првите 3 месеци од календарската година, а во 2018, 2020, 2022 година за 12 месеци имало од 7 до 9 прекршувања на ЈРМ.

Како најчести прекршоци на ЈРМ се по член 11 (учествува, предизвикува или поттикнува друг на тепачка) и 12 (Физички напад) од Законот за прекршување на јавниот ред и мир, а како најчести кривични дела може да се споменат член 131 (Тешка телесна повреда) и член 386 (Насилство).

Исто така се забележува дека од 01.2023 до 01.04.2024 година имаме пет случаи на прекршување на членот 10 од ЗППЈРМ (малтретирање, омаловажување, понижување и навредување) за разлика од изминатите години каде нема ниту едно евидентирано прекршување на член 10 од ЗППЈРМ, овој податок може да биде показател на тоа дека психичкото насилство е зголемено во последниот период што се докажува и при анкетирањата на младите.

# V. Глава - Истражувачки резултати

## 5. Начин на истражување, методи и техники

Истражувањето го извршив во три дела:

- Анкетирање на 561 ученици (на возраст од 14 до 19 години) во основни[119] и средни[120] училишта на територија на Општина Охрид и
- Анкетирање на 63 професори и психолози од две основни[121] и три средни училишта[122] на територија на Општина Охрид,
- Прибирање и обработка на статистички податоци од 2018 до 2024 година од СВР Охрид, Центар за социјални работи Охрид,

Анкетирањето се спроведе онлајн и физички, односно онлајн во периодот од 01.03.2024 до 14.06.2024, како и по добиена согласност од страна на Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита при Општина Охрид (Бр.28-5934/1) со физичка посета на средните училишта. Прашалникот е подготвен онлајн со помош на алатката Google forms. Анкетните прашалници се пополнети целосно и анонимно.

[119] ОУ Кочо Рацин Охрид, ОУ Христо Узунов Охрид, ОУ Глигор Прличев
[120] ОЕМУЦ Св Наум Охридски- Охрид, СОУ Св Климент Охридски – Охрид, СОУ Кирил и Методиј - Охрид
[121]ОУ Кочо Рацин Охрид и ОУ Христо Узунов Охрид
[122] ОЕМУЦ Св Наум Охридски- Охрид, СОУ Св Климент Охридски – Охрид, СОУ Кирил и Методиј - Охрид

## 5.1. Резултати од анкета спроведена врз ученици







Анкетирањето беше успешно спроведено врз 561 ученици од основните и средните општински училишта на територија на Општина Охрид на возраст од 14 до 19 години, од кој 43.3% од анкетираните беа машки, додека 56.7% женски.




На прашањето: *Според вас што сѐ претставува насилство, наведете видови насилство кои ги познавате*?, најмногу од младите под насилство препознаваат Физичкото насилство и Психичко насилство, додека пак помалку одговори добивме за Интернет насилство, Вербално насилство, Сексуално насилство, Семејно насилство.



Што се однесува до прашањето: *Дали сте биле жртви на насилство*: 18.7% од младите, односно 105 анкетирани од 561 анкетирани млади лица одговориле дека биле жртва на насилство. Тоа би значело дека еден на пет анкетирани бил жртва на насилство.

На ова се надоврзува следното прашање: *Дали сте биле сведок на насилство?* На што 45,3% од анкетираните млади одговориле ДА. Со што се доаѓа до заклучок дека речиси половина од учениците биле жртви на насилство.




Како заклучок од овие две прашања може да извлечеме дека 64% од анкетираните млади биле жртви или сведоци (односно индиректни жртви) на насилство. Искуствата на насилство, било да се директни или индиректни, можат да имаат значајни последици по менталното здравје на младите. Стресот и анксиозноста се чести последици од изложеноста на насилство. Кога толку многу млади луѓе се или жртви или сведоци на насилство, тоа може да доведе до нормализација на насилството во нивните општествени кругови, што дополнително ја комплицира ситуацијата.

Ако тука се земе предвид младите кои од некоја причина одбиле да дадат одговор, а и оние кои се плашеле да дадат вистински одговор или не препознавале некој облик на насилство, таа бројка значително би се зголемила, а истото ќе се потврди со наредните прашања.

Како одговор на прашањето: *Колку често забележувате насилство во вашето училиште?* На што 75% од анкетираните млади одговориле дека имаат забележано насилство во училиштето со што се добива една поголема бројка на млади кои биле сведоци на насилство.

11. Колку често забележувате насилство во вашето училиште

561 responses




На овие прашања се надоврзува следното прашање со кое младите се прашуваат на кој облик на насилство биле сведок или жртва? Како најчести одговори се наведуваат: физичко насилство, вербално и психичко насилство (исмевања, избегнување, навредувања), како и кибер насилство.

Од одговорите на прашањето: *Колку често биле физички малтретирани?,* може да се заклучи дека 34,5%, односно 193 анкетирани млади одговориле дека биле физички малтретирани, а 18 од нив одговориле дека многу често, односно често се физички малтретирани.

Како одговор на прашањето: К*олку често биле психички малтретирани*?, 50,5%, односно 285 анкетирани млади одговориле дека биле психички малтретирани. Од нив, 52 млади одговориле дека многу често, односно често се психички малтретирани, што значи дека секое второ младо лице било жртва на психичко насилство. Оттука, се доаѓа до заклучок дека помеѓу младите почесто се извршува психичкото насилство проследено со навреди, омаловажувања, исмевања, избегнување и др.

Како одговор на прашањето: *Колку често гледаат филмови со насилна содржина,* 80% од анкетираните одговориле дека гледаат, односно достапни им се филмови со насилна содржина, а 69,5% од анкетираните сметаат дека медиумите и филмовите имаат свое влијание врз појавата на насилството. Со што се доаѓа до заклучок дека насилната содржина е лесно достапна за младите.

Како одговор на прашањето: Дали сметате дека просветните работници преземале исправни мерки со цел спречување на насилството помеѓу младите: 60,6% од анкетираните млади сметаат дека просветните работници делумно преземале, односно не преземале исправни мерки со цел спречување на насилството. Оваа бројка нагласува потреба за подобрување на стратегиите за справување со насилството во училиштата.

13. дали сметате дека исправно се постапува при забележано насилство во вашето училиште

561 responses




56,3% од анкетирани сметаат дека делумно исправно, односно не исправно се постапувало при евидентирано насилство во своето училиште.

14. Дали мислете дека некогаш сте извршиле некој облик на врсничко насилство врз ваш другар? Според добиените одговори, 28% анкетирани извршиле некој облик на насилство, додека пак како најчест облик на извршено насилство наведуваат дека тоа е физичко насилство, вербално и психичко насилство.

15. Дали мислите дека користењето на огненото оружјето е опасно

561 responses




16. Дали сте користеле огнено оружје

561 responses




На прашањето дали сметате дека користењето на огнено оружје е опасно 13,4% од анкетираните млади одговориле дека користењето на огнено оружје не го сметаат за опасно, додека пак на прашањето дали имаат користено огнено оружје 19,6% или 108 анкетирани, односно 1/5 од анкетираните одговориле дека имаат користено огнено оружје. Ова е главниот показател до кое алармантно ниво е дојдено бидејќи само 7% од анкетираните беа полнолетни. Малолетниците често не се свесни за ризиците и последиците од своите дејствија, особено во контекст на огнено оружје, што е дополнителен фактор на загриженост.

На прашањето: *Дали некогаш сте носеле нож, огнено оружје или боксирач со себе?*, 10% од анкетирани одговориле дека со себе носат предмет погоден за извршување на насилство, односно нанесување на телесна или тешка телесна повреда, предмети со кои може да се изврши дело со фатални последици.

Младите може да носат оружје бидејќи се чувствуваат загрозени или, пак, бидејќи сметаат дека оружјето е прифатено како дел од секојдневниот живот на заедницата. Младите кои носат оружје можат да бидат во ризик од различни проблеми и последици. Еве неколку аспекти што треба да се разгледаат:

1. **Безбедносни предизвици**: Младите луѓе кои носат оружје може да се изложат на поголем ризик од несреќи или инциденти со оружје, вклучувајќи несреќи, неслучајни исцрпувања и употреба на оружје во гнев или одбрана.

2. **Криминални активности**: Носењето на оружје може да ја зголеми веројатноста за учество во криминални активности или конфликти, што може да доведе до правни проблеми и казни.

3. **Влијание на менталното здравје**: Младите луѓе, особено оние кои имаат проблеми со менталното здравје или несигурност, може да се изложат на поголем ризик од употреба на оружје во насилни ситуации или суицидални намери.

4. **Ефект врз меѓуличните односи**: Носењето на оружје може да влијае на динамиката на меѓуличните односи, создавајќи чувство на несигурност или страв кај другите, што може да води до напрегнати или опасни ситуации.

Тука би го споменал и примерот на настанот од соседна Србија во Основното Училиште Владислав Рибникар кога ученик со огнено оружје изврши масакар убивајќи девет соученици и еден вработен во обезбедувањето на училиштето и ранувајќи 5 соученици и еден професор.







На прашањето како би реагирале доколку забележете насилство 52% од анкетираните ќе се обидат да го спречат насилникот, додека пак 23% нема воопшто да се вмешаат ниту да го пријават случајот. Ова кажува на страв од насилникот или недоверба во системот за решавање на насилството.







55% од анкетираните би ги советувале своите врсници кои се жртви на насилство да ги известат родителите, професорот, додека пак 10% анкетирани би ги советувале да не известуваат никого, со став дека нема да се преземе ништо по случајот.




На прашањето: *Дали некогаш сте пријавиле врсничко насилство?, само* 19% од анкетираните пријавиле насилство, најчесто тоа било физичко или психичко насилство.

Доколку се разгледаат и споредат со одговорите на прашањето: *Дали сте забележале насилство во вашето училиште, каде 75% одговорот беше Да,* доаѓаме до податоци дека само 20% од испитаниците пријавиле насилство, иако 75% од нив забележале насилство во нивното училиште. Тогаш потребно е да се запрашаме, зошто 2/3 од младите кои забележале насилство истото не го пријавиле? Постојат различни причини зошто младите луѓе кои се соочуваат со насилство не го пријавуваат, а тоа може да зависи од многу фактори и контекстуални услови. Еве неколку можни причини:

1. **Страв и стигма**: Младите луѓе можат да се плашат од опомени, одмазда или од сложени последици ако го пријават насилството. Освен тоа, може да постои стигма во заедницата или семејството поврзана со пријавувањето насилство.
2. **Непознавање за можностите за пријавување**: Младите луѓе можеби не се запознаени со процесите и услугите за пријавување на насилство, како и со нивните права и опции за заштита.
3. **Срам и вина**: Жртвите на насилство често можат да се осеќаат срамни или виновни за случајот, што може да ги спречи да го пријават насилството.
4. **Насилникот е близок член на семејството**, партнер или пријател, жртвата може да се наоѓа во патолошки зависен од односот или да смета дека пријавувањето ќе доведе до дестабилизација на нивните односи или на заедницата.




И покрај тоа што речиси сите училишта се обезбедувани од страна на агенции за обезбедување, опремени се со камери за видео надзор, 27% од анкетираните млади не се чувствуваат безбедни во своите училишта. Па тука се поставува прашањето дали со ангажирањето на агенција за обезбедување преку склучувањето договори со општината се прави доволно за зголемување на безбедноста во училиштата.

Дали не е подобро големиот број вработени полициски службеници да ја имаат улогата околу обезбедување на училиштата преку физичко патролирање и посетување на училиштата, преку прегледување на личните работи на учениците, преку едукативни активности кои ќе придонесат за зголемување на безбедноста и намалување на насилството помеѓу младите.

На прашањето *Дали сметате дека насилни ученици се заштитени од наставници, професори, психолози, директор на училиште.. ?,* 52,9% од анкетираните одговориле дека сметат дека проблематични ученици се заштитени од професори,

психолози, директори во училиштето. Можеби тука е одговорот за причината за недовербата на младите во образовниот кадар и просветните работници. Впрочем и одговорот на поставеното прашање за тоа колку од учениците пријавиле насилство е дека само 20% од учениците пријавиле насилство иако 75% од учениците забележале насилство, и иако 18,7% од анкетираните млади биле жртви на насилство.

На прашањето *Дали физичкото насилство е нормална појава помеѓу младите: 60*,4% од анкетираните се согласуваат дека физичкото насилство е нормална појава помеѓу младите. Висок процент од 67,5% од анкетираните се согласуваат дека навредите и омаловажувањата се нормална појава помеѓу младите, со што се доаѓа до заклучок дека поголемиот број од млади сметаат дека насилството е дел од нивниот живот, а 39,7% од анкетираните млади сметаат дека со физичко насилство се решаваат одредени проблеми. Ова покажува дека многу млади го перципираат насилството како дел од нивниот живот и начин на решавање конфликти.

Додека пак 71% од анкетираните сметаат дека не е погрешно доколку на насилство возвратат со насилство. Веројатно е дека некои млади луѓе можат да размислуваат дека е прифатливо да се одговори на насилство со насилство, поради неколку можни причини:

1. **Самоодбрана и одмазда**: Луѓето можат да го разгледаат насилството како начин на самоодбрана или одмазда против насилникот, особено ако се чувствуваат без помош или заштита од други извори.
2. **Културни и социјални фактори**: Во одредени култури или заедници, можеби постои уверување дека насилството е прифатлив одговор или начин за решавање на конфликти.
3. **Примери од околината**: Луѓето можат да бидат изложени на примери од филмови, медиумски извештаи или лични искуства каде што се прикажува насилството како одговор или решение на проблемите.

Всушност, насилството како одговор на насилство ретко кога решава проблеми. Тоа често може да ја ескалира ситуацијата и да доведе до поголеми штети и ризици за сите вклучени. Повеќето општества и правни системи го регулираат насилството како неприфатливо однесување и предвидуваат правни последици за неговото извршување.

Овој став е загрижувачки бидејќи укажува на високо ниво на прифаќање на насилството како легитимен начин на решавање на конфликти меѓу младите. Ова дополнително го нагласува значењето на едукативните и превентивните програми кои треба да ги адресираат следните аспекти**:** Едукација за ненасилно решавање на конфликти, Обезбедување на психолошка поддршка и советување за млади кои се изложени на насилство или имаат агресивно однесување, Организирање на работилници и кампањи за подигнување на свеста за последиците од насилството и важноста на ненасилното однесување, Вклучување на родители и наставници во овие иницијативи за да можат да ги поддржат младите во промена на нивните ставови и однесување.




На прашањето Што мислите, дали според вас зголемено е физичкото насилство во последната година 79,3% целосно или делумно се согласуваат со тоа дека зголемено е физичкото насилство во последната година. 86,7% од анкетираните се согласуваат или делумно се согласуваат дека зголемени се навредувањата и омаловажувањата помеѓу младите. За да се намали вербалната агресија и омаловажувањата помеѓу младите луѓе, е важно да се инвестира во образование за емоционална интелигенција и социјални вештини, како и да се постават култури на почитување и взаемно разбирање.

Креирањето на безбедни и поддржливи простори за комуникација може да помогне во креирањето на поспособни и разумни млади граѓани.

Со детална анализа на одговорите на прашањето: *Колку често гледаат филмови со насилна содржина,* според кои 80% од анкетираните одговориле дека гледаат, односно достапни им се филмови со насилна содржина и на прашањето *Колку често забележувате насилство во вашето училиште, каде* 75% од анкетираните млади одговориле дека имаат забележано насилство во училиштето, може да се потврди главната хипотеза на трудот, односно дека насилното однесување меѓу младите е рефлексија на секојдневното насилство што се врши во општеството, на улица, во медиумите, во институциите.

Имено, дополнително од одговорите на последните прашања според кои 71% од младите се согласуваат дека на насилството треба да се возврати со насилство, 67,5% се согласуваат дека навредите и омаловажувањата се нормална појава, 39,7% дека физичкото насилство е начин на решавање на спорови и тоа се гледа и учи како модел на однесување и на решавање спорови се потврдува и помошната хипотеза за тоа дека насилството се прифаќа како нормален метод за решавање на конфликти и младите се учат да ги прифатат нормите и вредностите кои го поддржуваат насилното однесување.

## 5.2. Резултати од анкета спроведена врз просветни работници).

Во следниот дел од текстот ќе бидат претставени резултатите добиени со анкетирањето на просветните работници во училиштата.







Според полот 76,2% од анкетираните се жени додека пак 23,8% мажи, додека пак според возраста анкетирани беа 63 просветни работници на возраст од 23 години до 60 години.




Анкетираните просветни работници вработени се во средните општински училишта во Охрид (43% од Св. Климент Охридски – Гимназија, 37% од ОЕМУЦ Св. Наум Охридски, 6% од Св Кирил и Методиј – Економски), натаму со анкетата се опфатени и 14% од просветните работници вработени во Основните Општински Училишта Кочо Рацин и Христо Узунов.

На прашањето *колку често се сведоци на врсничко насилство*, 60,3% од просветни работници одговориле дека многу ретко, а 14,3% никогаш не забележале и не биле сведоци на врсничко насилство. Со одговорите на ова прашање се гледа присутноста на врсичкото насилство како појава. Професорите треба да создадат отворен простор за разговор со младите кои можеби се жртви на врсничко насилство. Ниската перцепција за насилството може да доведе до недостаток на интервенции и поддршка за жртвите.

Професорите можеби не се свесни за проблемот или не знаат како да реагираат во ситуации на насилство. Потребно е професорите да создадат отворен и поддржувачки простор за разговор со учениците. Ова може да вклучува редовни дискусии за насилството, создавање на програми за поддршка и отворени канали за комуникација.

Овозможувањето на доверливост и поддршка може да помогне во идентификацијата на проблемот и во овозможувањето на жртвите да добијат помош. Професорите треба да бидат способни да реагираат на случаи на насилство со одговорни и ефективни мерки. Ова може да вклучува комуникација со младите за проблемот, обиди за помирување и решавање на конфликти, како и пријавување на случајот на одговорните институции или организации, **Соработка со други професионалци** (психолози, социјални работници,..) со цел да се обезбеди соодветна реакција на насилството. Професорите имаат значајна улога во создавањето на безбедна и поддржлива образовна средина за сите млади. Нивната активна улога во превенцијата и интервенцијата на врсничкото насилство може значително да придонесе кон заштитата и благосостојбата на учениците.




Образовните институции согласно Протоколот за справување со насилството, обврзани се да формираат тим составен од 3 до 5 члена за заштита на децата од насилство, но на прашањето дали се води евиденција за извршените насилства во училиштата 23,8% од анкетираните не знаат дали се води евиденција, 3,2% од анкетираните одговориле дека не се води евиденција за извршените насилства.

**Ниска свест за постоечките протоколи**: Ниската свест за евиденцијата на насилството укажува на потребата за подобра комуникација и обука во образовниот систем. Професорите треба да бидат информирани за протоколите за справување со насилство и за начинот на кој тие функционираат.

Ако професорите не се свесни за механизмите на евиденција, тоа може да влијае на нивната способност да препознаат и пријавуваат насилство. Ова, пак, може да ги остави учениците без неопходна поддршка и заштита.




Доколку насилството е евидентирано, годишно колкава е бројката на насилство: 17% од анкетираните одговориле дека евидентирани се 10 случаи на насилство годишно, 30% одговориле дека евидентирани биле од 11 до 20 случаи, 36% одговориле дека евидентирани биле од 21 до 30 случаи на насилство, додека пак 17% одговориле дека евидентирани биле над 31 случаи на насилство.




На прашањето колку често во училиштето им се спроведува обука за спречување на насилството 42,9% анкетирани просветни работници одговориле дека многу ретко или никогаш не се спроведува обука за спречување на насилството. Тоа би значело дека на повеќе од 2/3 од просветните работници многу ретко или никогаш не им било овозможено да се обучуваат во врска со спречувањето на насилството помеѓу младите.

Тоа, исто така се претпоставува младите кои учат во овие училишта не се доволно запознаени со насилството и насилните појави, како и начинот на кој треба да се заштитат, само поради тоа што системот затаил во однос на обуките врз младите и просветните работници на темата насилство помеѓу младите.




На прашањето *кои мерки ги преземале врз младите кои извршиле насилство во училиштето,* најчести одговори се дека оствариле разговор и советување со ученикот и родителот, додека пак почесто се преземаат и мерки казнување на ученикот и изрекување на педагошка мерка.[123]

---

[123] Мерките преземени против младите кои извршиле насилство во училиште може да варираат во зависност од законите и регулативите на конкретната земја или регион, како и од политиките на самото училиште. Вообичаено, мерките можат да вклучуваат:

1. **Дисциплински мерки**:
   - Усмени или писмени опомени.
   - Намалување на поведение.
   - Преместување на ученикот во друг клас.
   - Преместување на ученикот во друго училиште.
2. **Образовни мерки**:
   - Учествување во програми за управување со гнев.
   - Советување и психолошка поддршка.
   - Учествување во работилници за ненасилна комуникација и решавање конфликти.
3. **Правни мерки**:
   - Пријавување на случајот во полиција или други надлежни органи.
   - Преземање правни акции, кои можат да вклучуваат судски постапки, особено ако насилството е сериозно.
4. **Вклучување на родители/старатели**:
   - Свикување состаноци со родителите или старателите на учениците вклучени во насилството.
   - Обврзување на родителите да учествуваат во процесот на решавање на проблемот.
5. **Превентивни мерки**:
   - Програми за едукација и подигнување на свеста за насилството и неговите последици.
   - Формирање на тимови за интервенција при насилство во училиштето.

Овие мерки се со цел да се спречи понатамошно насилство, да се заштитат сите ученици и да се помогне во рехабилитацијата на оние кои учествувале во насилни инциденти.

Во разговор со просветните работници се наметнаа прашањата: Какво е влијанието на мерката преместување во друг клас или друго училиште врз млади кои извршиле насилство? и Дали со преместувањето на младиот насилник во друг клас или друго училиште сметаат дека ќе се постигне ресоцијализација на насилникот?

Одговорите кои се добиени се насочени кон тоа дека со преместувањето на насилниот ученик во нова средина се очекува да помине извесен период кој ќе му биде потребен на ученикот првично за да се адаптира на новата средина, а врз него свое влијание ќе има и тоа што во новата средина ќе ги нема оние другари со кој се навикнал да прави насилства врз други соученици.

На прашањето *кои мерки ги преземате вие за да влијаете за намалување, односно спречување на насилните појави:* одговорите се насочени кон формирање на работни групи и разговор со учениците за можните последици од врсничкото насилство, индивидуални советувања на млади во ризик, како и советување на нивни родители, запознавање со членови од законите, формирање на работилници и слично.

Од одговорите на прашањето може да се заклучи дека обуките за спречување на насилството не се сметаат како дел од главните мерки за заштита на младите и за намалување и спречување на насилните појави.

Анкетираните просветни работници како најчести облици на насилство ги вбројуваат физичкото насилство и вербалното насилство. Иако кај одговорите на учениците разликата помеѓу психичкото и физичкото насилство е поголема, сепак и со овој податок се потврдува фактот дека психичкото, односно вербалното насилство е почеста појава во однос на физичкото насилство.



## 6. Заклучни согледувања

Врсничкото насилство претставува дел од нашето секојдневие и има значително влијание врз менталното и физичкото здравје на младите. Оваа појава се карактеризира со повторувачко агресивно однесување насочено кон исто лице и има за цел да го наруши неговиот интегритет.

Врсничкото насилство се анализира од различни аспекти, вклучувајќи физичко, психолошко, вербално, и кибер насилство. Според истражувањата, насилството меѓу младите е сериозен научен и социјален проблем кој не ги заобиколува ни најразвиените држави. Зголеменото ниво на насилство предизвикува чувство на несигурност и беспомошност кај родителите и децата.

Постојано може да се чујат вести за насилно однесување и злосторства во одредени блиски или далечни подрачја кои ни влеваат чувство на несигурност и беспомошност. Самите родители живеат во страв и немоќ да се изборат за сопствена заштита и заштита на своите деца од насилство. Зголеменото ниво на насилство кај младите претставува сериозен научен и социјален проблем кој не ги заобиколува и високо развиените држави.

Врсничкото насилство има сериозни последици врз младите, вклучувајќи зголемена анксиозност, депресија, па дури и самоубиствени мисли. Оваа форма на насилство може да има долгорочни ефекти врз менталното и емоционалното здравје на жртвите.

**Како причини за насилство**:

- **Семејни проблеми**: Насилство во домот, занемарување или недостаток на родителска грижа може да водат до агресивно однесување кај младите.
- **Социјални и економски фактори**: Сиромаштија, недостиг на можности и социјална исклученост може да предизвикаат фрустрации кои водат до насилство.
- **Медиуми и поп култура**: Гледањето насилни сцени во филмови, телевизија, весниците и видео игри може да придонесе за нормализација на насилното однесување.
- **Лична искуства**: Трауматски искуства, како што се малтретирање или злоупотреба, можат да предизвикаат насилни реакции.

**Последици од насилство**:

- **Физички и психички повреди**: Насилството може да предизвика сериозни физички повреди и трајни психолошки последици, како што се анксиозност, депресија и посттрауматски стрес.
- **Социјална изолација**: Жртвите на насилство често се повлекуваат од социјалниот живот, што може да води до осаменост и намалена самодоверба.
- **Образовни и професионални последици**: Насилството може да има негативно влијание врз академските и професионалните достигнувања на жртвите и сторителите.

Превенцијата на врсничко насилство е од клучно значење. Врсничкото насилство е комплексен и сериозен проблем кој бара координирани напори за превенција и интервенција. Потребно е вклучување на сите релевантни страни – ученици, родители, наставници, владата и невладините организации – за создавање на безбедна и поддржувачка средина за младите Се препорачуваат активности како формирање на работни групи, разговори со учениците за последиците од насилството, индивидуални советувања на млади во ризик, и советување на нивните родители. Овие мерки се насочени кон намалување и спречување на насилните појави и заштита на жртвите.

**Превенција и интервенција**:

- **Едукација**: Подигнување на свеста и едукација за насилството и неговите последици преку училишни програми и јавни кампањи.
- **Поддршка и советување**: Пружање на поддршка и советување за жртвите и сторителите на насилство.
- **Зајакнување на законодавството**: Спроведување на закони и регулативи кои обезбедуваат заштита и казнување за насилство.
- **Вклучување на заедницата**: Активно вклучување на локалната заедница во превенција на насилство преку организирање на активности и иницијативи.

Ефективното справување со врсничко насилство може да води до подобрена психичка и емоционална благосостојба на учениците, подобри училишни резултати и покохезивна заедница.

Потребно е да се направи посеопфатна анализа со цел правење на детална стратегија за спречување на насилството помеѓу младите. Предност треба да се даде на превенцијата и раното предупредување како однапред би се реагирало на намалување на насилството и насилните појави помеѓу младите.

Од добиените истражувачки резултати и донесените заклучоци (види страна 94-107), може да се предложат следните превентивни мерки кои ќе дејствуваат во насока на ефикасно спречување на насилството и агресивноста кај адолесцентите:

- Треба да биде создаден систем кој ги штити младите, ги образува и ги рехабилитира, а не само да ги казнува.
- Успешната превенција е онаа што е секогаш насочена и кон младите и кон возрасните. Оваа двонасочна насока обезбедува поголема ефикасност и трајни резултати. Детето не треба да се гледа надвор од семејниот контекст, затоа што зад секое дете стои возрасно лице кое треба да е одговорно за него (родител/старател).

**Млади**: Потребни им се програми кои ќе им помогнат да ги разберат последиците од нивните постапки, да развијат вештини за управување со конфликти и да изградат позитивни односи.

**Возрасни**: Родителите, наставниците и заедницата треба да бидат информирани и обучени како да препознаат и адресираат потенцијални проблеми, да обезбедат поддршка и да создадат безбедна околина.

- Користење на превентивни програми кои се претходно еволуирани и чии ефекти се следат и оценуваат.
- Превенцијата на детското престапништво треба да се адресира на што е можно поголем број ризик фактори, но секогаш да се тргне од најизразениот, најдоминантниот проблем во средината и да се делува на ризик факторите кои ја предизвикале оваа појава.
- Превенцијата на детското престапништво потребно е да се спроведува плански, организирано и континуирано, а не да биде повремена и фрагментирана активност. Важно е координирано како државата така и локалната заедница да ја преземе улогата на носител и координатор на планирање на превенцијата.
- За превенцијата на детското престапништво неопходна е меѓу секторска соработка, градење на партнерски односи со други институции, континуирана и организирана соработка. Една од можностите за успешна

соработка е и развој и членување во општинските совети за превенција на детско престапништво согласно Законот за правда за децата.

- Треба да се спроведе локална, државна и меѓународна соработка со единствена цел превенција на насилството помеѓу младите. Соработка која подразбира заедничко делување и меѓусебна поддршка на сите партнери.
- Планирањето на превенцијата и превентивните програми да бидат дел од Годишната програма за работа на општинските совети за превенција на детско престапништво.
- Подигнување на јавната свест за различните форми на насилство и зголемување на свеста за нивното присуство во општеството.
- Организирање едукативни работилници и обуки за родителите со цел запознавање со различните видови на малтретирање во училиште, типичните реакции на жртвите на малтретирањето со цел рано препознавање, како и со ефикасните стратегии како да се превенира детето да се најде во улога на жртва или на насилник.
- Започнување со превенција на ваквите појави што е можно порано, преку што ќе се стимулира почитување на личноста на детето и личните граници.
- Соработка со невладините организации, средствата за јавно информирање и приватниот сектор за промовирање нула толеранција за малтретирање во училиштето.
- Дополнување на наставните програми на сите нивоа на образование со содржини за формите и видовите на насилство, начините на нивно манифестирање, раното препознавање и соодветно реагирање, како и за развој на вештини за конструктивното и ненасилно решавање на конфликти.
- Обука на професионалци (креирање и реализација на програми за обуки на релевантните професионалци, што работат со жртви или сторители за откривање и спречување на таквото насилство, спречување на секундарна виктимизација).
- Обука на полициските службеници и припадниците на службите за обезбедување со цел рано и брзо препознавање на различните форми на малтретирање во училиштата, карактеристиките на личност на насилни млади, и начините за ефикасно справување со ваквиот тип на однесување и со поединците кои истото го манифестираат.
- Да се воведе патролно полициско посетување на училиштата и задолжителен мониторинг систем

- Ненајавени посети на полициски службеници и прегледи на учениците и нивните предмети
- **користење на анкети за учениците за да се утврди степенот на малтретирање.**

Потребно е да ги научиме младите да ги решаваат конфликтите и да се справуваат со проблемите без да користат агресивност. Мирот не се освојува, мирот се твори. Мирот никогаш не доаѓа еднаш и не останува засекогаш, мора постојано да работите на него.

Клучна порака која треба да биде испратена на сите заинтересирани страни е дека треба да се споделат улогите и одговорностите во превенцијата на насилството врз младите, ама и во пронаоѓање на решение за последиците од извршеното насилство. Не можеме да очекуваме училиштата да пронајдат решение за овие проблеми.

Надлежните институции во нашето општество треба да постават законски рамки со кои на сите заинтересирани страни ќе им биде овозможено да се борат против насилството во училиштата. Исто така и локалната самоуправа е одговорна за вклучување на превенцијата на насилството во училиштата.

Насилството е комплексен проблем кој бара мултидисциплинарен пристап за да се реши. Важно е сите да работат заедно – семејствата, училиштата, владините институции и невладините организации – за да се создаде побезбедно и поздраво општество.

## 7. Библиографија

### 7.1. Книги, трудови во зборници и трудови во научно-стручни списанија

1. Арнаудовски, Љ. (1983). Предавања по социјална патологија. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј
2. Батиќ Д. (2008) – Интервју со малолетници: сторители, сведоци и жртви на кривични дела. – Зборник на трудови: Малолетничка правда – од идеја до практика – Скопје Уницеф.
3. Батиќ, Д., Малетиќ, А., Саздовска, М. М., Николовска, С., Шурвановска, О., Мојсоска, С., Мојаноски, Ц., Гогов, Б., & Иванов, А. (2011). Безбедност во училиштата. Скопје: Здружение за безбедносни истражувања и едукација. 33 стр.
4. Baćic, F. (1997). Opšti pogled na krivično-pravnu problematiku delikta nasilja. Во Zbornik krivično i kriminološki aspekt delikata nasilja. Загреб.
5. Bašić, J., Ferić Šlehan, M., Kranţelić Tavra, V. (2007), Zajednice koje brinu-model prevencije poremećaja u ponašanju: Strategijska promišljanja, resursi programi u Istarskoj zupaniji. Istarska zupanija i Sveučilište u Zagrebu. Zagreb: Edukacijsko-rehabilitacijski fakultet;
6. Bašić, J., Janković, J. (2003), Lokalna zajednica – Izvorište nacionalne strategije prevencije poremećaja u ponašanju djece i mladih, Zagreb: Državni zavod za zaštitu obitelji, materinstva i mladeži, Povjerenstvo Vlade Republike Hrvatske za prevenciju poremećaja u ponašanju djece i mladih.
7. Buljan-Flander, G., & Karlović, D. (2005). Emotional Abuse and Bullying in Children (стр. 160-161).
8. Burger, Christoph; Strohmeier, Dagmar; Spröber, Nina; Bauman, Sheri; Rigby, Ken (2015). „How teachers respond to school bullying: An examination of self-reported intervention strategy use, moderator effects, and concurrent use of multiple strategies“. Teaching and Teacher Education. 51: 191–202
9. Герасимоски, С., Бачановиќ, О., & Аслимоски, П. (2019). Социјална патологија. Скопје, стр. 85.
10. Gittins, C. (Ed.). (2006). Bullying: A Guide to the Law. National Children's Bureau.
11. Gittins, C. (Ed.). (2006). Violence reduction in schools—How to make a difference. Council of Europe Publishing.
12. Димитријоска, С. (2008). Деца и млади во ризик - мерки на помош и заштита. Факултет за безбедност, Скопје, стр. 136-156.

13. Димитријоска, С. (2009). Деца и млади во ризик – мерки на помош и заштита. Во Малолетничка правда – од идеја до практика (стр. 136-140). Факултет за безбедност, Скопје.
14. Иванова Стојаноска, Т., Фрицханд, А., Илиевска Томевска, Е. (2019). Насилство во училиште: социолошки, психолошки и педагошки перспективи. Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
15. Јакимов, Ј. (2010). Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на РМ. Скопје: Факултет за безбедност.
16. Јованова Н. – Превенција на насилство меѓу децата во училиштата - Безбедност, еколошка безбедност и предизвици на РМ Скопје 2010 Факултет за Безбедност стр. 452-469
17. Камбовски, В. (1997). Кривично право - посебен дел. Скопје: Просветно дело.
18. Cowie, H., & Wallace, P. (1998). Peer Support in Action: From Bystanding to Standing By. SAGE Publications.
19. Crick, N. R., & Grotpeter, J. K. (1995). "Relational aggression, gender, and social-psychological adjustment." Child Development, 710-722
20. Киткањ, З. (2009). Деликвентно однесување кај малолетните лица со посебен осврт на лицата со интелектуален дефицит. Докторски труд, Филозофски факултет, Скопје.
21. Kimmel, M. S. (2002). Male Victims: The Effects of Male Victimization on Men and Boys. Преземено од https://web.archive.org/web/20090325135918/http:/www.xyonline.net/downloads/male victims.pdf, 21 стр.
22. Лажетиќ.Г., Мујоска-Трпевска Е., Нанев Л., (2021), Идентификување, елаборација и анализа на ризик факторите за појава на детско престапништво:Деск анализа на достапни податоци од релевантни институции, Македонско пенолошко друштво, Скопје;
23. Лазароски, Ј. (1980). Основи на педагошката психологија. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“.
24. Министерство за правда на Финска. (2024). Достапно на: www.oikeusministrerio.fi [Пристапено на 01.01.2024]
25. Мурџева-Шкариќ, М. (2007). Јавност и односи со јавноста. Скопје: Магор.

26. Milosavljević, M. (1998). Zbornik: Nasilje nad decom. Факултет за политички науки, Белград, стр. 42-44.
27. Moore, M. & Minton, S. J. (2005). Violence Reduction in Schools—How to Make a Difference. Council of Europe Publishing
28. Олвеус, Д. (1998). Bullying at School: An Overview of the State of the Science.
29. Olweus, D. (1993). Bullying at School: What We Know and What We Can Do. Oxford: Blackwell Publishing, Chapter 2
30. Петровска, Н. (2021). Компаративна анализа на програми за превенција на детско престапништво. Скопје.
31. Спасески, Ј., Аслимоски, П., & Бачановиќ, О. (2011). Педагошка социопатологија. Битола: Педагошки факултет.
32. Salmivalli, C. (1999). "Participant Roles in Bullying: How do they Relate to Peer Acceptance?" Aggressive Behavior, 25, 1-15.
33. Swearer, S. M., & Hymel, S. (2015). Bullying in North American Schools.
34. Тозија, Ф., Ѓорѓев, Д., & Чичевалиева, С. (2006). Извештај за насилство и здравје во РМ и водич за превенција. Скопје. Пристапено на 15.01.2024.
35. Farrington, D. P. (1993). Understanding and Preventing Bullying.
36. Florin. (2008). Bullying and Victimization in Schools стр. 662-663
37. Hesnard B., (1963). Psychologie du Crime, Paris.
38. Шурбановска, О. (2007) Годишен зборник: Агресивно однесување во училиштата (стр. 196-197). Филозофски факултет, Скопје.
39. Wolke, D., & Lereya, T. S. (2015). Long-term effects of bullying. Archives of Disease in Childhood, 100(9), 871-872. doi:10.1136/archdischild-2014-307824.

### 7.2. Закон, подзаконски акти и извештаи.

1. Закон за основното образование. („Службен весник" на Република Северна Македонија, бр. 161/2019), пристапено на 02.12.2023.
2. Закон за правда за децата. (2024). Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 66, 20.03.2024.
3. Закон за превенција и спречување на насилство. (2020). Преземено од https://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/10/ZAKON-ZA-PREVENTSIJA-SPRECHUVANE-I-ZASHTITA-OD-SEMEJNO-NASILSTVO.pdf, пристапено на 10.11.2023
4. Закон за социјална заштита. (2019). Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104, од 23.05.2019.
5. Закон за средно образование. (2024). Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија. Пристапено на 02.04.2024, од мон.gov.mk.
6. Министерство за образование и наука. Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. (2019). Преземено од [внеси линк], пристапено на 02.12.2023.
7. Министерство за труд и социјална политика. (2024). Документи. Достапно на: www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx. Пристапено на: 01.03.2024.
8. Извршен увид во регистарот на Центарот за социјални работи Охрид (03.05.2024 година)
9. Годишен извештај на МВР, рег. бр. 234-32040 (14.04.2024, Скопје).

### 7.3. Веб страници и интернет извори


1. „А1он“. (2024, 6 март). Момче е повредено со нож од малолетник во близина на ТЦ Мавровка. Преземено од https://a1on.mk/macedonia/momche-e-povredeno-so-nozh-od-maloletnik-vo-blizina-na-tc-mavrovka/, пристапено на 10.04.2024.
2. „Академик.мк“. (2022, 11 март). Донесена пресуда во предметот „Јавна соба“. Преземено од https://akademik.mk/donesena-presuda-vo-predmetot-javna-soba/, пристапено на 10.11.2023.
3. „БЛИЦ“. (2023, 10 октомври). Сви детаљи оптужнице против оца и мајке дечака-убице који је пуцао у ОШ „Владислав Рибникар“. Преземено од https://www.blic.rs/vesti/hronika/svi-detalji-optuznice-protiv-oca-i-majke-decaka-ubice-koji-je-pucao-u-os-vladislav/vjbe0nj, пристапено на 12.10.2023.
4. „Врсничко насилство (bullying)“. Преземено од https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/, пристапено на 04.02.2024.
5. „Врсничко насилство (bullying)“. Преземено од https://womsvetinikole.org.mk/public/vrsnichko-nasilstvo-buling-bullying/, пристапено на 04.05.2024.
6. „Врсничко насилство“. Преземено од https://www.scribd.com/presentation/547775605/%D0%92%D1%80%D1%81%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%BE-%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE.
7. „Girl, 12, commits suicide after bullies said 'go kill yourself'“. Los Angeles Times. Преземено од latimes.com, пристапено на 10.02.2024
8. „ДВ“. (2021, 27 јануари). Јавна соба: Сомрачнината на интернет. Преземено од https://www.dw.com/mk/%D1%98%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%B1%D0%B0%D1%81%D0%BE%D0%BC%D1%80%D0%B0%D1%93%D0%BD%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BD%D0%B5%D1%82/a-56363266, пристапено на 10.11.2023.
9. „За насилството - ученици од СЕОУ 'Гостивар'“. (2008, 20 јануари). Преземено од https://povrzuvanje.blogspot.com/2008/01/blog-post_1607.html.

10. „За насилството - ученици од СЕОУ 'Гостивар'". (2008, 20 јануари). Преземено од https://povrzuvanje.blogspot.com/2008/01/blog-post_1607.html. Пристапено на 10.05.2024
11. „Кајгана". Што е врсничко насилство (bullying)? Преземено од https://kajgana.com/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying, пристапено на 05.04.2024.
12. „Курир.мк". (2024, 13 март). Малолетник со нож нападнал соученик. Преземено од https://kurir.mk/vesti/hronika/maloletnik-so-nozh-napadnal-souchenik/, пристапено на 10.04.2024.
13. „Локално.мк". (2023, 27 јули). Ограбен малолетник во Арачиново: го исекле со нож. Преземено од https://lokalno.mk/ograben-maloletnik-vo-arachinovo-go-isekle-so-nozh/, пристапено на 10.04.2024.
14. „Малолетник и 21-годишник го убиле 14-годишното момче во Прилеп". Преземено од https://www.slobodenpecat.mk/maloletnik-i-21-godishnik-go-ubile-14-godishnoto-momche-vo-prilep/, пристапено на 07.03.2024.
15. „Малолетник од Бојане прободен од малолетник од Буковик кај ТЦ Мавровка". Преземено од https://telma.com.mk/2024/03/06/maloletnik-od-bojane-proboden-od-maloletnik-od-bukovik-kaj-tv-mavrovka/, пристапено на 07.03.2023.
16. „Мета". Секој втор ученик во основно или средно училиште во Скопје бил жртва на врсничко насилство. Преземено од https://meta.mk/sekoj-vtor-uchenik-vo-osnovno-ili-sredno-uchilishte-vo-skopje-bil-zhrtva-na-vrsnichko-nasilstvo/, пристапено на 06.03.2024.
17. „Нетпрес". (2023, 29 декември). Малолетник избоден со нож на Бит Пазар во Скопје. Преземено од https://netpress.com.mk/maloletnik-izboden-so-nozh-na-bit-pazar-vo-skop-e/, пристапено на 10.04.2024.
18. **New York Times**. (2010, March 29). 9 Teenagers Are Charged After Classmate's Suicide.
19. „НСуживо". (2023, 5 октомври). Дечаку (13) пререзан врат: Нови детаљи убиства у Нишкој Бањи, повређени малолетник убио вршњака. Преземено од https://nsuzivo.rs/hronika/decaku-13-prerezan-vrat-novi-detalji-ubistva-u-niskoj-banji-povredeni-maloletnik-ubio-vrsnjaka, пристапено на 10.10.2023.
20. „Пресс24". (2024, 26 март). Насилници барале пари од малолетник, па го раниле со нож. Преземено од https://press24.mk/nasilnici-barale-pari-od-maloletnik-pa-go-ranile-so-nozh, пристапено на 10.04.2024.

21. „Република.мк“. (2024, 1 април). Со нож убил малолетник: Обвинителството бара притвор за 15-годишникот од Прилеп. Преземено од https://republika.mk/vesti/crna-hronika/so-nozh-ubil-maloletnik-obvinitelstvoto-bara-pritvor-za-15-godishnikot-od-prilep/, пристапено на 10.04.2024.
22. „Cyberbullying in Nigeria: Examining the Adequacy of Legal Responses“. International Journal for the Semiotics of Law - Revue internationale de Sémiotique juridique. Преземено од https://link.springer.com/article/10.1007/s11196-023-10034-7, пристапено на 15.01.2024.
23. „Cyberstalking“. Преземено од https://en.m.wikipedia.org/wiki/Cyberstalking, пристапено на 01.02.2024.
24. „Stalking“. Преземено од https://en.m.wikipedia.org/wiki/Stalking, пристапено на 15.01.2024.
25. „Телеграф“. (2023, 7 мај). Ко је Урош Б, убица из Младеновца. Преземено од https://www.telegraf.rs/vesti/hronika/3673490-ko-je-uros-b-ubica-iz-mladenovca, пристапено на 10.10.2023.
26. „УНИЦЕФ“. (2010). Прирачник за справување со насилството во училиштата. Скопје: УНИЦЕФ. Преземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/media/2826/file/MK_CS_VAC_TechersManual_2010_MK.pdf, пристапено на
27. „Фактор.мк“. (2015, 17 септември). Малолетник со нож барал пари од соучениците. Преземено од https://faktor.mk/maloletnik-so-nozh-baral-pari-od-souchenitsite/kako--da-pobedat-makedonskite-gragjani, пристапено на 10.04.2024.
28. „Што е врсничко насилство (bullying)?“ Преземено од https://lokalno.mk/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying/, пристапено на 05.04.2024.
29. „Што е врсничко насилство (bullying)?“ Преземено од https://sitel.com.mk/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying, пристапено на 03.02.2024.
30. „Што е сајбер врсничко насилство и како да се справиме со него“. Преземено од https://doublehope.mk/%D1%88%D1%82%D0%BE-%D0%B5-%D1%81%D0%B0%D1%98%D0%B5%D1%80-%D0%B2%D1%80%D1%81%D0%BD%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%BE-%D0%BD%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%B8-%D0%BA%D0%B0%D0%BA%D0%BE/, пристапено на 04.02.2024.

31. „Што е сајбер врсничко насилство и како најдобро да го заштитите вашето дете од оваа форма на малтретирање“. Преземено од https://it.mk/shto-e-sajber-vrsnichko-nasilstvo-i-kako-najdobro-da-go-zashtitite-vasheto-dete-od-ovaa-forma-na-maltretirane/, пристапено на 04.02.2024.
32. 24info.mk. (16.01.2024). Банална расправија се претворила во убиство во Охрид. Достапно на: 24info.mk.
33. A1on.mk. (18.01.2024). Еден малолетник дошол со нож во училиштето, а друг со електрошокер. Достапно на: A1on.mk.
34. CN Stop Bullying Cyber Bullying Report. Преземено од https://i.cartoonnetwork.com/stop-bullying/pdfs/CN_Stop_Bullying_Cyber_Bullying_Report_9.30.20.pdf, пристапено на 02.03.2024.
35. DSPDP. (2024). Државен совет за деца и млади. Достапно на: www.dspdp.com.mk. Пристапено на: 02.01.2024.
36. Hawker, D. S. J., & Boulton, M. J. (2000). Twenty years of bullying research: A meta-analytic review of the school bullying literature. International Journal of Adolescent Medicine and Health, 20(2), 133-140. doi:10.1515/IJAMH.2008.20.2.133. Достапно на: https://www.degruyter.com/document/doi/10.1515/IJAMH.2008.20.2.133/html
37. https://www.stopbullying.gov/bullying/effects пристапено на 16.01.2024
38. Kimmel, M. S. (2002). Male Victims: The Effects of Male Victimization on Men and Boys. Преземено од https://web.archive.org/web/20090325135918/http:/www.xyonline.net/downloads/malevictims.pdf, 21 стр.
39. Конвенцијата на Советот на Европа за заштита и борба против насилство врз жената и семејно насилство, член 33
40. Makfax. (18.01.2024). Ученик излезен со нож во дворот на училиштето. Достапно на: Makfax.
41. Sitel. (18.01.2024). Родители алармираат дека ученик во скопско основно училиште со нож оди на настава, директорката. Достапно на: Sitel.
42. Smith, P. K. (2001). Violence in schools: A European perspective. Goldsmiths College, University of London. Достапно на: https://www.oecd.org/education/innovation-education/34739292.pdf

43. Time.mk. (16.01.2024). Матурантот жали за убиството на врсникот. Достапно на: Time.mk.
44. U.S. Department of Health and Human Services. (2024). Effects of bullying. StopBullying.gov. Retrieved January 16, 2024, from https://www.stopbullying.gov/bullying/effects
45. YouthCan. (2024). Врсничко насилство - буллинг. Достапно на: https://youthcan.org.mk/vrsnichko-nasilstvo-buling-angela/ (пристапено на 04.02.2024).
46. Водич за сајбер безбедност на деца во домот и училиштето. Центар за истражување и креирање на политики. Преземено од https://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/mk-final-1.pdf.
47. Јованчевски, М. (2023). „Ит.мк". Преземено од https://it.mk/s/tlw3b, пристапено на 10.03.2024.
48. Локален младински совет Охрид. - Анонимен прашалник во рамки на проектот „Заштити се себеси, кажи не на насилството". - УНДП – спроведен во период 01.01.2024 – 15.01.2024
49. Насилство кај средношколци: анализа на истражување. (2014). Скопје: Младински образовен сервис. Преземено од https://servismladi.mk/wp-content/uploads/2017/01/%D0%9D%D0%B0%D1%81%D0%B8%D0%BB%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%BE-%D0%BA%D0%B0%D1%98-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%BE%D1%88%D0%BA%D0%BE%D0%BB%D1%86%D0%B8-%D0%9C%D0%9A%D0%94.pdf, пристепено на 10.11.2023
50. Попризова, А.  Интервју со училишниот психолог. Мегуврштничкото насилство во училиштата како одраз на општеството. Достапно на: https://portret.digital/meguvrsnichkoto-nasilstvo-vo-uchilishtata-kako-odraz-na-opshtestvoto/
51. УНИЦЕФ. (2018, 23 октомври). Половина од тинејџерите во светот доживуваат врсничко насилство. Преземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/soopstenija/polovina-od-tinejdzerite-vo-svetot-dozivuvaat-vrsniscko-nasilstvo, пристапено на 10.11.2023.
52. УНИЦЕФ. (2019, ноември). Второ истражување за знаењето, ставовите, практиките и социјалните норми на родителите и старателите поврзани со насилство врз деца.

Преземено од https://www.unicef.org/northmacedonia/media/6091/file/Follow-up_ViolChildDicipl_Report_MK.pdf, пристапено на 10.11.2023

53. УНИЦЕФ. Што е врсничко насилство (bullying)? Преземено од https://a1on.mk/magazin/shto-e-vrsnichko-nasilstvo-bullying/, пристапено на 05.04.2024.
54. Хаџи-Јанев, М., Богданоски, М., & Цеков, А. Употреба на образованието во спречување на онлајн радикализација. Преземено од https://www.crpm.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/mk-final-1.pdf, пристапено на 05.04.2024.

## 8. Прилози

### 8.1. Примерок од податоци добиени од Биро за Јавна Безбедност.

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Биро за јавна безбедност**

Рег.бр. 234- 320410/2

Скопје, 14 APR 2024

**До:**

**АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВСКИ**
**ул. Ирина Гинова Мирка бр.24, Охрид**

**ПРЕДМЕТ**: Одговор, доставува.-
**ВРСКА**: Ваше барање бр. 23.25.2-1460 од 04.03.2024 година

Почитувани,

Во одговор на горенаведеното барање со кое барате податоци кои Ви се потребни за изработка на специјалистички труд на тема „Насилно однесување меѓу младите: облици и карактеристики", Бирото за јавна безбедност Ви доставува следните статистички податоци[1] кои се однесуваат на насилничкото однесување помеѓу ученици во училишта за периодот од 2018 до 2023 година:

- Во текот на 2023 година регистрирани се 102 настани од овој вид, при што најголем дел од нив се на подрачје на СВР Скопје-40, СВР Тетово-19 и СВР Куманово-13, по што следат подрачјата на СВР Битола и СВР Охрид-по девет, шест на подрачје на СВР Штип, четири на подрачје на СВР Велес и две на подрачје на СВР Струмица. Најголем дел од насилствата – 55 се евидентирани во основните училишта, а како последица на истите повредени се 61 ученик, од кои еден е со тешки повреди, а останатите со телесни повреди. Во рамки на регистрираните случаи, по преземени мерки против нарушителите поднесени се десет кривични пријави за кривични дела „насилство", „насилство врз дете", „малтретирање во вршење служба", „тешка телесна повреда" и „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница", а поднесени се и пет известувања до Основното јавно обвинителство. Покрај тоа, против 102 лица поднесени се 60 барања за поведување прекршочна постапка за сторени прекршоци од ЗППЈРМ, во најголем дел за „физички напад" и „учество во тепачка" и против родителите за занемарена грижа в.в. истите прекршоци.

- Во 2022 година регистрирани се 75 настани, од кои најголем дел се на подрачје на Секторите за внатрешни работи Скопје-26 и Тетово-24, по што следат подрачјата на СВР Битола и СВР Велес-по седум, пет на подрачје на СВР Охрид, а еден настан е регистриран на

[1] Извор: Годишни извештаи на МВР

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 143 170
www.mvr.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Биро за јавна безбедност**

подрачје на СВР Штип. Оваа година најмногу насилства се извршени во основни училишта-43, а 32 нарушувања се во средни училишта. Во рамки на наведените насилства повредени се 74 ученици, од нив четворица се со тешки повреди, а останатите со телесни повреди. Против нарушителите, преземени се мерки при што три лица се кривично пријавени за сторени кривични дела „насилство", а против 68 лица поднесени се 39 барања за поведување прекршочна постапка за сторени прекршоци од ЗППЈРМ, од нив најмногу се за сторен прекршок „физички напад".

- Во 2021 година регистрирани се 27 настани, при што како подрачје со најголем број на регистрирани настани се јавува СВР Тетово-11, по што следуваат подрачјата на СВР Куманово и СВР Велес-со по пет настани, СВР Скопје-четири настани, а по едно нарушување е регистрирано на подрачјата на СВР Струмица и СВР Битола. Најмногу насилства се извршени во основни училишта-15, а 12 нарушувања се во средни училишта. Од ваквото насилничко однесување повредени се 25 ученици, при што еден ученик се здобил со тешки телесни повреди. По преземени мерки во врска со наведените настани, против едно лице поднесена е кривична пријава за сторено кривично дело „тешка телесна повреда", поднесени се и 14 барања за поведување прекршочна постапка против 26 лица за сторени 14 прекршоци и тоа најмногу за „занемарена грижа на дете"-седум, „физички напад"-пет прекршоци и „учество во тепачка"-два прекршоци, а поднесени се и три известувања до ОЈО.

- Во 2020 година регистрирани се 20 настани, од кои поголемиот дел се во основните училишта-12, а според местото, СВР Тетово е подрачје со најмногу регистрирани настани-девет. Шест настани се на подрачје на СВР Скопје, три на подрачје на СВР Велес и по еден настан е регистриран на подрачјата на СВР Битола и СВР Штип. Од ваквото насилничко однесување на учениците, повредени се 12 ученици, а при расветлувањето на еден од настаните на подрачје на Тетово, против пет ученици поднесена е кривична пријава за кривично дело „насилство". Во однос на настаните од оваа година посочуваме дека истите се регистрирани во периодот од почетокот на годината до 15 март 2020 година и дека влијание врз ваквата состојба имаа преземените мерки и одлуки на надлежните институции за справување со Ковид 19 со кои воспитно образовниот процес во детските градинки, основните, средните училишта и факултетите беше прекинат од 10 март 2020 година, а одложен беше и почетокот на новата учебна година со цел подготвување на дел од учениците за следење на on-line настава и донесување на нови законски мерки за скратување на наставната програма (наместо на 01 септември, истиот започна на 01 октомври 2020 година).

- Во 2019 година регистрирани се вкупно 120 настани на насилничко однесување помеѓу ученици во училишта, од кои 62 се во основни училишта, а 58 настани во средни училишта.

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 143 170 www.mvr.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

**Биро за јавна безбедност**

По подрачја, најголем број од случаите се регистрирани на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје-39 и Тетово-33 случаи. 16 случаи се на подрачје на СВР Битола, 15 на СВР Охрид, а по три настани се регистрирани на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Струмица, Куманово и Штип. Од ваквото насилничко однесување на учениците, повредени се 76 ученици, од кои на 11 им се нанесени тешки телесни повреди, а останатите 65 ученици биле лесно повредени. Од страна на Министерството за внатрешни работи при расветлување на инцидентите поднесени се седум кривични пријави и четири известувања до ОЈО против 19 сторители за сторени четири кривични дела „насилство", две кривични дела „убиство во обид" и едно кривично дело „загрозување со опасно орудие при тапачка или караница", како и 13 Барања за поведување прекршочна постапка против 28 сторители за сторени прекршоци „физички напад", „учество во тепачка", „карање, викање на јавно место", „нарушување на ЈРМ во заеднички простории" и „занемарена грижа на родител или старател" од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

- Во 2018 година, на подрачјето на Р.С.Македонија, регистрирани се вкупно 104 случаи на насилничко однесување помеѓу ученици во училишта, од кои 54 случаи во основни училишта, 50 случаи во средни училишта. Најголем број од случаите се регистрирани на подрачјата на Секторите за внатрешни работи Скопје-31 и Тетово- 23 случаи, 15 случаи се на подрачје на СВР Битола, а најмал број на случаи се регистрирани на подрачје на СВР Струмица-три. Од ваквото насилничко однесување на учениците повредени се 108 ученици и еден наставник, од кои на седум им се нанесени тешки телесни повреди. Од страна на Министерството за внатрешни работи при расветлување на инцидентите поднесени се осум кривични пријави и едно известување до ОЈО против девет сторители за сторени три кривични дела „насилство", по две кривични дела „малтретирање во вршење на службата" и „тешка телесна повреда" и едно кривично дело „несовесно работење во службата", како и 19 Барања за поведување прекршочна постапка против 28 сторители за сторени прекршоци по член 11 став 1; член 12 став 2 и член 34 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир.

Со почит,

**ДИРЕКТОР НА БЈБ**
д-р Сашо Тасевски

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 143 170
www.mvr.gov.mk

## 8.2. Примерок од согласност од Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита при Општина Охрид

**Општина Охрид**

Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 28-593/1
20.05.2024
Охрид

Охрид, 20.05.2024 г

Сектор за образовани
детска, здравствена и
социјална заштита

Одделение за
образование

Димитар Влахов бр.

6000 Охрид
Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545

До

Александар Стојановски

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани,

Врз основа на Ваше барање од 16.05.2024 година Ве известуваме дека сме согласни да ги посетувате средните училишта и во координација со директорите, да спроведувате анкета за потребите на Вашиот Специјалистички труд на тема „Насилно однесување меѓу младите, облици и карактеристики"

Со почит,

Раководител на Сектор за
образование, детска, здравствена
и социјална заштита

Димитар Спасески

Изготвил: Флорентина Стерјовска
Одобрил: Ердин Далип

**8.3. Примерок од анкета и анкетни прашања за ученици**

1. Пол? а) машко б) женско

2. Возраст? _______ години

3. Според вас што се претставува насилството? _______________________________

4. Дали сте биле жртва на насилство? а) да б) не в) не сакам да одговорам

5. Дали сте биле сведок на насилство? а) да б) не в) не сакам да одговорам

6. Доколку сте биле жртва или сведок на насилство, наведете на кој облик на насилство сте биле жртва или сведок? ___________________________________________

7. Колку често сте биле физички малтретирани од вашите врсници?

а) Никогаш б) многу ретко в) понекогаш г) често д) многу често

8. Колку често сте биле психички малтретирани од вашите врсници?

а) никогаш б) многу ретко в) понекогаш г) често д) многу често

9. Колку често гледате филмови со насилна содржина?

а) никогаш б) многу ретко в) понекогаш г) често д) многу често

10. Дали сметате дека медиумите и филмовите влијаат врз појавата на насилството?

а) ДА б) НЕ

11. Колку често забележувате насилство во вашето училиште?

а) никогаш б) многу ретко в) понекогаш г) често д) многу често

12. Дали мислите дека вашите професори и психолози во вашето училиште направиле се за да го спречат насилството? а) ДА б) НЕ в) Делумно

13. Дали некогаш сте извршиле некој облик на врсничко насилство и објасни го настанот? _________________________________________________________________

14. Дали мислите дека користењето на огнено оружје е опасно? а) ДА б) НЕ

15. Дали сте користеле огнено оружје? а) ДА б) НЕ

16. Како би реагирале доколку забележете насилство?

а) ќе се обидите да го спречите насилникот

б) нема воопшто да се вмешате, иако мислите дека би требало да го спречите насилникот

в) ќе кажам на професор, наставник, психолог...

17. Што би направиле или би му препорачале да направи на дете кое е жртва на некој облик на насилство?

а) да премолчи и да не известува никого

б) да го извести наставникот, психологот, родителот.

в) да пријави во полиција, центар за социјални работи

18. Дали мислите дека исправно постапувате при забележано насилство?

а) ДА б) НЕ в) Делумно

19. Колку често изостанувате од часови?

а) воопшто не изостанувам

б) многу ретко

в) често

г) многу често

20. Дали некогаш сте носеле нож, боксирач или огнено оружје со себе во училиште?

а) ДА б) НЕ

21. Дали сте пријавиле врсничко насилство, кај кого и кој вид на насилство?

______________________________________________________________________

22. Колку безбедно се чувствувате во вашето училиште?

а) многу безбедно

б) до некаде безбедно

в) не така безбедно

г) небезбедно

23. Дали мислите дека насилни ученици се заштитени од вашите наставници, професори, директор или други вработени во вашето училиште? а) ДА б) НЕ

24. Одговорете дали се согласувате со следново:

физичкото насилство е нормална појава меѓу младите

а) се согласувам б)делумно се согласувам в) не се согласувам

навредите и омаловажувањата се нормална појава меѓу младите

а) се согласувам б)делумно се согласувам в) не се согласувам

физичкото насилство е начин на решавање на одредени проблеми

а) се согласувам б)делумно се согласувам в) не се согласувам

не е погрешно на насилство да се врати со насилство

а) се согласувам б)делумно се согласувам в) не се согласувам

во последната година е зголемено физичкото насилство меѓу младите

а) се согласувам б)делумно се согласувам в) не се согласувам

во последната година се зголемени навредите и омаловажувањата меѓу младите

а) се согласувам б)делумно се согласувам в) не се согласувам

Ви благодарам на вниманието!

## 8.4. Примерок од анкета и анкетни прашања за просветни работници

9. Пол? а) машко б) женско

10. Возраст? ________ години

11. Училиште во кое предавате? ____________________________________________

12. Колку често сте сведоци на насилство?

а) Никогаш б) многу ретко в) понекогаш г) често д) многу често

13. Дали вашето училиште води евиденција за насилствата кои се случиле во вашето училиште?

а) ДА б) НЕ в) не знам

14. Доколку насилството е евидентирано колкава е бројката на насилства по години?

_____________________________________________________________________________

15. Колку често одите на обуки за спречување на врсничко насилство?

а) Никогаш б) многу ретко в) понекогаш г) често д) многу често

16. Кои мерки ги преземате кон младите кои извршиле насилство?

а) советување на родители

б) отстранување на ученикот од училиштето или преместување во друг клас или училиште

в) казнување на ученикот

г) советување на ученикот

17. Кои мерки ги преземате за да влијаете на намалување на насилството и насилните појави? _____________________________________________________________________

18. Според вас кои облици на насилство се најчести?

_____________________________________________________________________________

Ви благодарам на вниманието!